Собрание на Република Македонија

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на
## Собранието на Република Македонија
## за периодот
## 10.05/2014 - 31.12/2014

*Почитувани,*

*Пред вас е извештајот за работата на Собранието на Република Македонија кој го опфаќа периодот од 10 мај 2014 година до 31 декември 2014 година. Ова е првиот годишен извештај за работата на Собранието на Република Македонија во неговиот осми мандатен период, кој започна по изборите во април 2014 година.*

*Годишниот извештај претставува своевидна синтеза на детални информации за пленарните седници, за активностите на работните тела, за интензивната меѓународна соработка, како и повеќе методолошки уредени податоци за активностите кои се одвиваат во Собранието.*

*За изработка на овој извештај како и досега е користена стандардната методологија за сублимирање на информациите при што се прикажува позитивна тенденција во работата на Собранието на Република Македонија и натамошниот развој на парламентарната демократија.*

*Во овој извештај може да се сретнат и информации за работата на парламентарните групи и делегации на Собранието и нивните активности со меѓународните организации. Исто така, тука е содржан и прегледот на активности за обука и зајакнување на професионалниот капацитет на собраниската административна служба и информации поврзани со проектните и програмските активности на пратениците и службениците на планот на усогласување на домашната со европската легислатива.*

*Би сакал да го искажам моето задоволство од добиените оценки од Европската унија* во ***Извештајот*** на ***Европската комисија*** за напредокот на ***Република Македонија и*** *шестата по ред препорака за отпочнување на пристапните преговори на Република Македонија со Европската унија. Улогата и работата на Собранието на Република Македонија беше позитивно оценета што е заеднички успех на сите кои ја даваат поддршката за остварување на нашата заедничка цел - членство во НАТО и ЕУ.*

*На крај би сакал да истакнам дека од приложеното во извештајот може да видиме дека зад нас имаме една успешна година и се надевам дека тоа ќе биде поттик за уште поголеми успеси во годината што следи.*

***Претседател***
***на Собранието на***
***Република Македонија***
***Трајко Вељаноски***

# СОДРЖИНА


**1. Вовед** **2**
**2. Пратенички состав** **4**
2.1. Изборни резултати 5
2.2. Пратеничкиот состав и промени 9
2.2.1 Етничка структура на пратениците 13
2.2.2 Полова структура на пратениците 13
**3. Пленарни седници на Собранието на Република Македонија** **14**
3.1. Пленарни седници 15
3.1.1. Посебни седници 16
3.1.2 Времетраење на седниците 17
3.1.3. Одлучување и гласање 18
3.2 Разгледувани акти 19
3.2.1. Поставени акти на седница 19
3.2.2. Разгледани акти на седница 20
3.3. Закони 21
3.3.1. Донесени закони 26
3.3.2. Закони кои произлегуваат од НПАА и значат усогласување со право на ЕУ 33
3.3.3. Закони по редовна постапка 34
3.3.4. Донесени ратификации 39
3.4. Одлуки 40
3.5. Други акти 45
3.5.1. Усвоени акти 45
3.5.2. Акти за усвојување 48
3.5.3. Неусвоени акти 49
3.6. Амандмани 50
3.7. Пратенички прашања 55
**4. Работни тела на Собранието на Република Македонија** **57**
4.1. Постојани работни тела 57
4.2. Посебни работни тела 122
4.2.1. Комитет за односи меѓу заедниците 122
4.3. Совети 124
4.3.1. Совет на Собранискиот канал 124
4.3.2. Буџетски совет на Собранието 126
4.3.3. Национален совет за евроинтеграции 130
**5. Претседатели и потпретседатели** **141**
5.1. Претседател 142
5.2. Потпретседатели 150
**6. Меѓународна соработка** **154**
6.1. Мултилатерална соработка 157
6.2. Билатерална соработка 167
6.3. Други меѓународни активности 168
**7. Одбележување на значајни настани во Собранието на РМ** **169**
7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби 170
7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари 170
7.3. Свечени изјави 171
7.4. Доделување на државни награди 173
**8. Јавност во работата на Собранието** **174**
8.1. Собраниски ТВ канал 175
8.2. Електронска комуникација 177
8.3. Средства за јавно информирање 183
**9. Активности на невладини организации во Собранието на РМ** **186**
9.1. Национален демократски институт НДИ 187
9.2. Граѓанска асоцијација МОСТ 190
9.3. Вестминстер фондација за демократија 193
**10. Служба на Собранието на Република Македонија** **195**
10.1. Внатрешна организација 196
10.1.1. Одделение за внатрешна ревизија 200
10.1.2. Одделение за управување со човечки ресурси 203
10.1.3 Парламентарен институт 209
10.2. Податоци од стручно-административен карактер 214
**11. Прилози** **218**
Прилог 1 Преглед на одржани седници 219
Прилог 2 Дневни редови на седници 221
Прилог 3 Меѓународни активности 238

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

# 2.1.ИЗБОРНИ РЕЗУЛТАТИ

Осмите предвремени парламентарни избори во Република Македонија, се одржаа на 27 април 2014 година по самораспуштањето на седмиот парламентарен состав на 5 март 2014 година. Гласањето се одвиваше во девет изборни единици по пропорционалниот модел.

Во деветте изборни единици, односно на **3012** избирачки места, од вкупно евидентираните **1 780 128** избирачи во Република Македонија своето гласачко право го оствариjа **1 118 944** избирачи односно **62,85%.**

Според утврдените листи на кандидати за пратеници во изборните единици 1, 2, 3, 4, 5 и 6 се предложени и утврдени **69** листи со вкупно **1 380** кандидати за избор на пратеници, а во изборние единици 7, 8 и 9 се предложени и утвредени **13** листи со вкупно **260** кандидати за избор на пратеници.

**Изборна единица број 1**

Во првата изборна единица се утврдени **13** листи на кандидати за пратеници со вкупно **260** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **297 686** избирачи во избирачкиот список на **522** избирачки места гласале **194 164** избирачи односно **65,22%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **8** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Обединети за Македонија - ОМ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ , Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР, Српска странка во Македонија - ССМ, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ и Санџачка лига - СЛ" **7** пратенички места, Демократската Партија на Албанците - **1,** Демократска унија за интеграција - **3** и Коалиција ГРОМ - **1** пратеничко место.

**Изборна единица број 2**

Во втората изборна единица се утврдени **13** листи на кандидати за пратеници со вкупно **260** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **306 067** избирачи во избирачкиот список на **381** избирачки места гласале **184 176** избирачи односно **60,18%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **10** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Обединети за Македонија - ОМ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ , Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР, Српска странка во Македонија - ССМ, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ и Санџачка лига - СЛ" **5** пратенички места, Демократската Партија на Албанците - **1** и Демократска унија за интеграција - **4** пратенички места.

**Изборна единица број 3**

Во третата изборна единица се утврдени **10** листи на кандидати со вкупно **200** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **280 890** избирачи во избирачкиот список на **682** избирачки места гласале **198 863** избирачи односно **70,80%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација

за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **13** пратенички места и Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Обединети за Македонија - ОМ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ , Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР, Српска странка во Македонија - ССМ, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ и Санџачка лига - СЛ" **7** пратенички места.

**Изборна единица број 4**

Во четвртата изборна единица се утврдени **9** листи на кандидати со вкупно **180** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **280 810** избирачи во избирачкиот список на **599** избирачки места гласале **205 398** избирачи односно **73,14%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **12** пратенички места и Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Обединети за Македонија - ОМ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ , Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР, Српска странка во Македонија - ССМ, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ и Санџачка лига - СЛ" **8** пратенички места.

**Изборна единица број 5**

Во петата изборна единица се утврдени **12** листи на кандидати за пратеници со вкупно **240** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **286 435** избирачи во избирачкиот список на **569** избирачки места гласале **173 402** избирачи односно **61,24%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **11** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Обединети за Македонија - ОМ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ , Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР, Српска странка во Македонија - ССМ, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ и Санџачка лига - СЛ" **6** пратенички места и Демократска унија за интеграција - **3** пратенички места.

**Изборна единица број 6**

Во шестата изборна единица се утврдени **12** листи на кандидати за со вкупно **240** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **304 458** избирачи во избирачкиот список на **516** избирачки места гласале **151 300** избирачи односно **49,69%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **4** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП,

Обединети за Македонија - ОМ, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ , Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР, Српска странка во Македонија - ССМ, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ и Санџачка лига - СЛ" **1** пратенички места, Демократската Партија на Албанците - **5,** Демократска унија за интеграција - **9** и Национална демократска преродба - НДП 1 пратеничко место.

**Изборна единица број 7**

Во Седмата изборна единица се утврдени **5** листи на кандидати за пратеници со вкупно **100** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **18 911** избирачи во избирачкиот список на **27** избирачки места гласале **8 814** избирачи односно 45,55**%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **1** пратеничко место.

**Изборна единица број 8**

Во Осмата изборна единица се утврдени **5** листи на кандидати за пратеници со вкупно **100** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **3 337** избирачи во избирачкиот список на **5** избирачки места гласале **1 845** избирачи односно **55,29%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **1** пратеничко место.

**Изборна единица број 9**

Во Деветата изборна единица се утврдени 3 листи со вкупно **60** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **1 534** избирачи во избирачкиот список на **3** избирачки места гласале **982** избирачи односно 64,02**%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Татковинска македонска организација за радикална обнова – Вардар – Егеј – Пирин, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократски сили на Ромите – ДСР, Бошњачка демократска партија – БДП, Обединета партија за еднаквост на ромите, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија и Роми обединети од Македонија освои **1** пратеничко место.




| Реден број | Кандидатска листа | Број на добиени мандати во изборната единица број | | | | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | |
| 1. | КОАЛИЦИЈА ВМРО-ДПМНЕ | 8 | 10 | 13 | 12 | 11 | 4 | 1 | 1 | 1 | 61 |
| 2. | КОАЛИЦИЈА СДСМ | 7 | 5 | 7 | 8 | 6 | 1 | - | - | - | 34 |
| 3. | ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА (ДУИ) | 3 | 4 | - | - | 3 | 9 | - | - | - | 19 |
| 4. | ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ (ДПА) | 1 | 1 | - | - | - | 5 | - | - | - | 7 |
| 5. | НАЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТСКА ПРЕРОДБА (НДП) | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - | 1 |
| 6. | ГРОМ | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 |
| ВКУПНО: | | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | *1* | *1* | *1* | 123 |

## 2.2. ПРАТЕНИЧКИОТ СОСТАВ И ПРОМЕНИ

| реден број | име и презиме | пратеничка група | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Авировиќ Владанка | СПМ | |
| 2. | Аврамоски Момчило | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 3. | Адеми Џеват | ДУИ | |
| 4. | Адили Зулфи | ДУИ | |
| 5. | Алији Газменд | ДПА | |
| 6. | Алити Нора | ДУИ | |
| 7. | Алити Рафис | ДУИ | |
| 8. | Алиу Имер | ДПА | |
| 9. | Андонов Миле | СДСМ | |
| 10. | Акимовски Сашо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 11. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 12. | Бајрам Амди | Сојуз на Роми | |
| 13. | Богоев Стефан | СДСМ | |
| 14. | Бонева Силвана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 15. | Буралиева Љубица | независен | **од 17.06.2014 од СДСМ во независен** |
| 16. | Василевски Сашо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 17. | Вељаноски Трајко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 18. | Георгијев Ален | СДСМ | |
| 19. | Гошев Славе | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 20. | Груби Артан | ДУИ | |
| 21. | Груевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | 19.06.2014 - избран за премиер, заменет со Чибишев Андон |
| 22. | Грчева Солза | независен | **од 17.06.2014 од СДСМ во независен** |
| 23. | Дамчевска Илиевска Весна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 24. | Дарлишта Шкодране | ДУИ | 02.07.2014 - оставка, заменета со Азизи Калтрина |
| 25. | Даскаловски Марјан | СДСМ | |
| 26. | Дескоска Рената | СДСМ | |
| 27. | Деспотовски Благоја | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 28. | Димитров Емил | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 29. | Димков Трајчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 30. | Димова Лидија | СДСМ | |
| 31. | Димовски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 32. | Димовски Љупчо | СПМ | |
| 33. | Ѓоргиева Милева | СДСМ | |
| 34. | Ѓорѓиевски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 35. | Ѓорчев Владимир | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 36. | Затуроска Лилјана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 37. | Ибраими Орхан | ДПА | |
| 38. | Ибрахим Енес | ПДТ | |
| 39. | Иванов Иван | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 40. | Илиоски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 41. | Имероски Фатмир | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 42. | Исмаили Реџаил | ДУИ | |
| 43. | Исмајлоска Нола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 44. | Јанкуловска Гордана | ВМРО-ДПМНЕ | 19.06.2014 - избрана за министер, заменета со Ангелова Марија |
| 45. | Јосифовски Љубомир | СДСМ | |
| 46. | Камчев Ѓоко | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **47.** | Канчевска Милевска Елизабета | ВМРО-ДПМНЕ | 19.06.2014 - избрана за министер, заменета со Јакимовска Светлана |
| **48.** | Карапетрова Светлана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **49.** | Китев Бетиане | СДСМ | |
| **50.** | Ковачевски Васко | СДСМ | |
| **51.** | Колевски Марјанчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **52.** | Кузмановска Лилјана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **53.** | Кукоски Дуфе | СДСМ | |
| **54.** | Куновска Софија | СДСМ | |
| **55.** | Ласовска Благица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **56.** | Лашкоска Ане | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **57.** | Лика Хазби | ДУИ | |
| **58.** | Локвенец Хари | СДСМ | |
| **59.** | Манаскова Магдалена | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **60.** | Манчев Ристо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **61.** | Мерко Рамиз | ДУИ | |
| **62.** | Мехмети Нуредини Вјолца | ДУИ | |
| **63.** | Мехмети Деваја Ермира | ДУИ | |
| **64.** | Миланов Стојан | СПМ | |
| **65.** | Милевски Горан | СДСМ | |
| **66.** | Милошоски Антонио | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **67.** | Мираковска Соња | НСДП | |
| **68.** | Мисовски Горан | НСДП | |
| **69.** | Митовска Слаѓана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **70.** | Митревски Јован | СДСМ | |
| **71.** | Мицевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **72.** | Мукоски Крсто | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **73.** | Најденовска Олга | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **74.** | Настевска Биљана | СДСМ | |
| **75.** | Наумовски Васко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **76.** | Николиќ Љубиша | ССМ | |
| **77.** | Николов Маријанчо | СДСМ | |
| **78.** | Николовски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **79.** | Орцев Панче | СДСМ | |
| **80.** | Османи Руфи | НДП | 26.05.2014 - оставка, заменет со Емини Асани Мирсада |
| **81.** | Пауновски Стојко | СДСМ | |
| **82.** | Пемова Весна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **83.** | Пепиќ Авдија | СДА | |
| **84.** | Пишев Васил | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **85.** | Поповска Лилјана | ДОМ | |
| **86.** | Попоски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | 19.06.2014 - избран за министер, заменет со Билали Алим |
| **87.** | Поцков Сашо | СДСМ | |
| **88.** | Рангелова Даниела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **89.** | Рустеми Ејуп | ДУИ | |
| **90.** | Саздов Павле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **91.** | Саздовски Чедомир | ГРОМ | |
| **92.** | Салиу Селвије | ДУИ | |
| **93.** | Секуловска Сузана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **94.** | Силјановска Јулијана | СДСМ | |
| **95.** | Синани Јамин | ДУИ | |
| **96.** | Стевананџија Димитар | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 97. | Софијанова Аспазија | ВМРО-ДПМНЕ | 23.06.2014 - оставка, заменета со Дамчевска Јасминка |
| 98. | Спасов Диме | ВМРО-ДПМНЕ | 19.06.2014 - избран за министер, заменет со Данев Драган |
| 99. | Ставревски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | 19.06.2014 - избран за министер, заменет со Бојаџиева Благородна |
| 100. | Стоиљковиќ Иван | ДПСМ | |
| 101. | Стојановски Благоја | СДСМ | |
| 102. | Стојкоски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 103. | Стојчевска Мира | СДСМ | |
| 104. | Сугаревски Горан | СДСМ | |
| 105. | Талевска Соња | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 106. | Тачи Мендух | ДПА | |
| 107. | Тодоров Никола | ВМРО-ДПМНЕ | 19.06.2014 - избран за министер, заменет со Коџобашиев Ѓорѓи |
| 108. | Топузовска Каревска Роза | ЛДП | |
| 109. | Трајанов Павле | ДС | |
| 110. | Тренов Ромео | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 111. | Тунтев Томислав | СДСМ | |
| 112. | Узеини Ферати Мерал | ДПА | |
| 113. | Фазлиу Беким | ДПА | |
| 114. | Фејзула Ернад | ДПА | |
| 115. | Хадри Шпреса | ДУИ | |
| 116. | Хасипи Кенан | ДПТМ | |
| 117. | Ципушева Нада | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 118. | Цуклев Драган | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 119. | Џафери Муса | ДУИ | 19.06.2014 - избран за министер, заменет со Ибраими Муса |
| 120. | Џафери Талат | ДУИ | |
| 121. | Џемаили Мирван | ДУИ | |
| 122. | Шахпаска Јагода | СДСМ | |
| 123. | Шилегов Петре | СДСМ | |
| 124. | Емини Асани Мирсада | ДУИ | 23.06.2014, наместо Османи Руфи, **од 31.07.2014 од НДП преминува во ДУИ** |
| 125. | Чибишев Андон | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014, наместо Груевски Никола |
| 126. | Јакимовска Светлана | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014, наместо Канчевска Милевска Елизабета |
| 127. | Дамчевска Јасминка | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014, наместо Софијанова Аспазија |
| 128. | Драган Данев | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014, наместо Спасов Диме |
| 129. | Ангелова Марија | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014, наместо Јанкуловска Гордана |
| 130. | Коџобашиев Ѓорѓи | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014, наместо Тодоров Никола |
| 131. | Бојаџиева Благородна | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014, наместо Ставревски Зоран |
| 132. | Билали Алим | ВМРО-ДПМНЕ | 02.07.2014, наместо Попоски Никола |
| 133. | Ибраими Муса | ДУИ | 02.07.2014, наместо Џафери Муса |
| 134. | Азизи Калтрина | ДУИ | 10.07.2014, наместо Дарлишта Шкодране |

| Реден број | Скратен назив | Назив на пратеничката група | Број на пратеници | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 10.05.2014 | 31.12.2014 |
| 1. | ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство | 52 | 52 |
| 2. | СПМ | Социјалистичка партија на Македонија | 3 | 3 |
| 3. | ДОМ | Демократска обнова на Македонија | 1 | 1 |
| 4. | ДС | Демократски сојуз | 1 | 1 |
| 5. | ДПСМ | Демократска партија на Србите од Македонија | 1 | 1 |
| 6. | ДПТМ | Демократска партија на Турците на Македонија | 1 | 1 |
| 7. | СРМ | Сојуз на Ромите на Македонија | 1 | 1 |
| 8. | СДАМ | Странка на демократска акција на Македонија | 1 | 1 |
| 9. | ДУИ | Демократска унија за интеграција | 19 | 20 |
| 10. | СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија | 30 | 28 |
| 11. | НСДП | Нова социјал-демократска партија | 2 | 2 |
| 12. | НДП | Национална демократска преродба | 1 | - |
| 13. | ЛДП | Либерално демократска партија | 1 | 1 |
| 14. | ДПА | Демократска партија на Албанците | 7 | 7 |
| 15. | ПДТ | Партија за движење на Турците во Македонија | 1 | 1 |
| 16. | ССМ | Српска странка во Македонија | 1 | 1 |
| 17. | НП | Независни пратеници | - | 2 |
| | | **ВКУПНО:** | **123** | **123** |

## 2.2.1. Етничка структура на пратеници

| година | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Бошњаци | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 10.05.2014 | 90 | 74 | 27 | 22 | 2 | 1,6 | 1 | 0,8 | 2 | 1,6 | 1 | 0,8 |
| 31.12.2014 | 90 | 74 | 27 | 22 | 2 | 1,6 | 1 | 0,8 | 2 | 1,6 | 1 | 0,8 |

## 2.2.2. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % |
| 10.05.2014 | 83 | 67,5 | 40 | 32,5 |
| 31.12.2014 | 81 | 65,9 | 42 | 34,1 |

# 3. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

## 3.1. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

Во овој период одржани се 29 седници од кои две останаа незавршени со две преостанати точки (еден закон и една одлука) и една седница е прекината.




| | |
|---|---|
| вкупно седници | - 29 |
| завршени | - 26 |
| незавршени | - 2 |
| прекината | - 1 |




`

## 3.1.1. ПОСЕБНИ СЕДНИЦИ

### Посебни седници во периодот 10.05.2014 – 31.12.2014

**Пратенички прашања - 3**

- 20 седница одржана на 30.10.2014 година
- 23 седница одржана на 27.11.2014 година и
- 27 седница одржана на 25.12.2014 година.

**Свечени - 1**

- Свечена изјава на претседателот на Република Македонија пред Собранието на Република Македонија (2 седница, 12.05.2014 година).

**Обраќања - 2**

- Обраќање на Ендру Шир, претседател на Претставничкиот дом на Парламентот на Канада (13 седница, 01.09.2014 година) и
- Обраќање на Претседателот на Република Македонија Ѓорѓе Иванов (26 седница, 18.12.2014 година).

**Времетраење на седниците**

- Според бројот на работните денови најдолги седници на Собранието на Република Македонија се 12-та и 15-та седница со 4 работни дена.
- Според вкупниот број на работни часови најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 12-та седница со 21 час и 55 минути.
- Според континуитетот најдолга седница на Собранието на Република Македонија почетокот на 18-та седница, која траела од 12 часот и 25 минути до 19 часот, или во континуитет 6 часа и 35 минути.
- Според вкупниот број на работни часови најкратки седници на Собранието на Република Македонија се 3-та и 13-та седница кои траеле по 15 минути.

## 3.1.2.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| 1 седница | 1 | 2 часа и 45 минути |
| 2 седница | 1 | 30 минути |
| 3 седница | 1 | 15 минути |
| 4 седница | 1 | 10 минути |
| 5 седница | 1 | 4 часа и 40 минути |
| 6 седница | 2 | 1 час и 05 минути |
| 7 седница | 3 | 12 часа и 10 минути |
| 8 седница | 3 | 11 часа и 35 минути |
| 9 седница | 1 | 4 часа и 45 минути |
| 10 седница | 2 | 10 часа и 15 минути |
| 11 седница | 2 | 7 часа и 25 минути |
| 12 седница | 4 | 21 час и 55 минути |
| 13 седница | 1 | 15 минути |
| 14 седница | 2 | 4 часа и 40 минути |
| 15 седница | 4 | 13 часа |
| 16 седница | 1 | 4 часа и 25 минути |
| 17 седница | 2 | 6 часа и 40 минути |
| 18 седница | 3 | 18 часа и 15 минути |
| 19 седница | 3 | 11 часа и 55 минути |
| 20 седница | 1 | 6 часа и 05 минути |
| 21 седница | 3 | 12 часа и 30 минути |
| 22 седница | 1 | 35 минути |
| 23 седница | 1 | 5 часа и 50 минути |
| 24 седница | 2 | 5 часа и 45 минути |
| 25 седница | 3 | 14 часа и 55 минути |
| 26 седница | 1 | 35 минути |
| 27 седница | 1 | 5 часа |
| 28 седница | 1 | 1 час |
| 29 седница | 2 | 11 часа и 20 минути |
| **вкупно: 29 седници** | **51 ден** | **200 часа** |

## 3.1.3. ОДЛУЧУВАЊЕ И ГЛАСАЊЕ



# 3.2. РАЗГЛЕДУВАНИ АКТИ

## 3.2.1. ПОСТАВЕНИ АКТИ НА СЕДНИЦА

| СЕДНИЦА | број на точки | закони | одлуки | уставни измени | завршна сметка | заклучоци | програми | извештаи | стратегии | планови | автентични толкувања |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **4** | | 4 | | | | | | | | |
| **3** | **4** | | 4 | | | | | | | | |
| **5** | **1** | | 1 | | | | | | | | |
| **6** | **15** | 3 | 12 | | | | | | | | |
| **7** | **22** | 1 | 6 | | | | | 15 | | | |
| **8** | **32** | 20 | 10 | | 1 | | | | | | 1 |
| **9** | **1** | | | 1 | | | | | | | |
| **10** | **30** | 27 | 2 | | | | | | | | 1 |
| **11** | **26** | 20 | 4 | 1 | | | | 1 | | | 1 |
| **12** | **31** | 23 | | | | | | 7 | | | |
| **14** | **3** | 3 | | | | | | | | | |
| **15** | **32** | 28 | 3 | | | | | | 1 | | |
| **16** | **18** | 15 | 3 | | | | | | | | |
| **17** | **15** | 11 | 2 | | | | | | | | 2 |
| **18** | **2** | 1 | | | | | | | | | |
| **19** | **28** | 28 | | | | 1 | | | | | |
| **21** | **32** | 24 | 7 | | | | | | | 1 | |
| **22** | **1** | 1 | | | | | | | | | |
| **24** | **22** | 19 | 1 | | | | | | | | 2 |
| **25** | **31** | 24 | 6 | | | | 1 | | | | |
| **28** | **1** | | 1 | | | | | | | | |
| **29** | **30** | 29 | | | | | | | 1 | | |
| **ВКУПНО** | **381** | **277** | **66** | **2** | **1** | **1** | **1** | **23** | **2** | **1** | **7** |

## 3.2.2. РАЗГЛЕДАНИ АКТИ НА СЕДНИЦА




| реден број | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | недонесени | неприфатливи | прво читање | второ читање | усвоени | неусвоени | неосновани | повлечени | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | закони | **277** | 167 | 109 | | | | | | | | **1** |
| **2.** | одлуки | **66** | 65 | | | | | | | | | **1** |
| **3.** | уставни измени | **2** | | | | 1 | 1 | | | | | |
| **4.** | извештаи | **23** | | | | | | 23 | | | | |
| **5.** | планови | **1** | | | | | | 1 | | | | |
| **6.** | автентични толкувања | **7** | | | | | | 1 | | 6 | | |
| **7.** | завршни сметки | **1** | | | | | | 1 | | | | |
| **8.** | заклучоци | **1** | | | | | | 1 | | | | |
| **9.** | програми | **1** | | | | | | 1 | | | | |
| **10.** | стратегии | **2** | | | | | | 2 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **381** | **232** | **109** | | **1** | **1** | **30** | | **6** | | **2** |

# 3.3.ЗАКОНИ

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

*Со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија на 18 јули 2008 година се усвои нова процедура во носењето на законите, односно сосема нова постапка, усогласена со правото на Европската унија, а пред се, усогласена со постапката на носење на законите во земјите членки на ЕУ.*

*Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10.000 избирачи (овластен предлагач на закон). Ако предлагач не е Владата, предлогот на законот се доставува до Владата на Република Македонија заради давање на мислење. Но, тоа не значи дека без мислење на Владата не се разгледува предлогот на законот.*

*Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.*

*Иницијативата упатена до Собранието се доставува до пратениците и за тоа се известува подносителот на иницијативата.*

*Предлогот на законот мора да биде подготвен во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија (член 135). Ако предлогот на законот не е подготвен согласно со одредбите на Деловникот на Собранието претседателот на Собранието, пред да го достави до пратениците, ќе побара од предлагачот да го усогласи во рок од 15 дена. Ако предлагачот не го усогласи во наведениот рок се смета дека предлогот на законот не е поднесен.*

*Согласно со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија законите по правило се донесуваат во редовна постапка, но предлагачот може на Собранието да му предложи предлогот на законот да се донесе во скратена постапка. По исклучок, во Деловникот на Собранието е предвидена и можноста предлогот на законот да се донесе по итна постапка.*

### 1. ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА

Законодавната постапка на донесување на законот започнува со доставување на предлогот на законот до претседателот на Собранието на Република Македонија кој веднаш, а најдоцна во рок од три работни дена од денот на поднесувањето го доставува до пратениците (во писмена или електронска форма).

Откако предлогот на законот ќе се достави до пратениците во Собранието, најмалку 15 пратеници имаат право да поднесат барање, Собранието да одржи општ претрес. Ако вакво барање не се поднесе завршува првото читање.

**Прво читање**

Пред предлогот на законот да се претресе на седницата на Собранието го разгледува матичното работно тело (од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои се заснова законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување) и Законодавно-правната комисија (од гледна точка на потребата од донесување на законот и неговата усогласеност со Уставот), во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

Ако предлогот на законот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлогот на законот го разгледува и надлежното работно тело во чиј делокруг на работа спаѓаат прашањата на буџетот и финансиите (Комисијата за финансирање и буџет). Оваа Комисија го разгледува предлогот на законот од гледна точка на влијанието на овие одредби врз средствата со кои располага и можните извори за финансирање на предложените решенија.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија подготвуваат извештаи во кои е содржано мислење дали предлогот на законот е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање.

Потоа, предлогот на законот се разгледува на седница на Собранието каде што се одржува општа расправа. Собранието по општата расправа одлучува дали предлогот на законот

е прифатлив и дали може да се даде на натамошно читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот е прифатлив и дека може да се даде на натамошно читање, односно на второ читање, Собранието донесува заклучок со што започнува второто читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот не е прифатлив и дека не може да се даде на натамошно читање, законодавната постапка се прекинува и истиот предлог не може повторно да се поднесе во рок од три месеци.

**Второ читање**

Второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во рок од седум работни дена по одржаната седница на Собранието. Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија ги претресуваат одредбите од предлогот на законот поединечно и поднесените амандмани и гласаат по нив. Кога предлогот на законот се разгледува во второ читање можат да се поднесуваат амандмани.

Амандмани можат да поднесуваат пратениците, но и работните тела можат да поднесат свои амандмани. Амандманите до комисиите пратениците можат да ги поднесуваат најдоцна два дена пред денот определен за одржување на седниците на комисиите. За секој амандман се води претрес и се гласа одделно. Во случај кога со предлогот на законот се врши изменување или дополнување, амандмани можат да се поднесуваат само на членови кои со предлогот на законот се менуваат или дополнуваат.

Ако на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се усвои амандман, тогаш матичното работно тело и Законодавно-правната комисија по завршување на претресот, а најдоцна во рок од пет дена подготвуваат дополнет предлог на закон (текст на предлогот на законот во кој се вградуваат усвоените амандмани) и образложение.

Второто читање на седница на Собранието се води само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела на и само на тие членови може да се поднесуваат амандмани. Амандмани можат да поднесуваат пратениците и предлагачот најдоцна во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието. На седница на Собранието образложение на амандманот може да даде само подносителот на амандманот, односно еден од подносителите во времетраење од 3 минути.

Ако на седницата на Собранието се усвојат повеќе од 1/3 амандмани од членовите на дополнетиот предлог на закон, по завршување на второто читање се подготвува и правно-технички се уредува текстот на законот за трето читање. Ако пак се усвојат помалку од 1/3 од членовите на изменетиот предлог на закон, Собранието може да одлучи третото читање на предлогот на законот да се одржи на истата седница. Претседавачот на Собранието тогаш одлучува дали третото читање ќе се одржи веднаш по усвојувањето на одлуката. Но, ако на седницата на Собранието во текот на второто читање не се усвои ниту еден амандман се преминува на гласање по предлогот на законот во целина.

**Трето читање**

Третото читање на предлогот на законот по правило се одржува по завршување на второто читање на првата наредна седница на Собранието. Во оваа фаза работните тела на Собранието не расправаат.

Во текот на третото читање Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнетиот предлог на закон за кои се поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина.

Амандмани може да поднесе предлагачот и пратеник најдоцна во рок од два работни дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието и тоа само на оние членови на кои биле усвоени амандмани во текот на второто читање на седницата на Собранието.

**Б) СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Предлагачот на предлогот на законот може да поднесе и на Собранието да му предложи, Собранието да расправа по предлогот на законот по скратена постапка во случај кога не е во прашање сложен и обемен закон кога со предлогот на законот се предлага престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон и кога не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на Европската унија.

Собранието одлучува дали предлогот на законот треба да се рагледа по скратена постапка и ако одлучи да расправа, претседателот на Собранието веднаш го задолжува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до почетокот на седницата за второ читање на предлогот на законот. Додека амандмани на предлогот на законот за трето читање можат да се поднесуваат до почетокот на третото читање на предлогот на законот на седница на Собранието.

**В) ИТНА ПОСТАПКА**

По исклучок предлогот на законот може да се донесе и по итна постапка кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Предлогот на законот да се донесе по итна постапка, предлагачот е должен да го образложи. За оправданоста на предлогот, законот да се донесе по итна постапка одлучува Собранието без претрес. Ако Собранието одлучи да расправа по предлогот, законот да се донесе по итна постапка, се задолжуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по итна постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до завршување на претресот по предлогот на законот на седниците на комисиите и на седницата на Собранието.

**Г) ПОСТАПКА ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ**

Предлог на закон за ратификација на меѓународни договори поднесува Владата со поднесување на предлог на закон за ратификација.

Предлогот на законот за ратификација го содржи текстот на меѓународниот договор чија ратификација се предлага. На текстот на меѓународниот договор не се вршат изменувања и дополнувања.

Одредбите од Деловникот на Собранието што се однесуваат на постапката за претресување на предлогот на законот по итна постапка соодветно се применуваат и во постапката за претресување на предлогот на законот за ратификација на меѓународниот договор.

Законите за ратификација на меѓународните договори и изворниот текст на меѓународните договори се објавуваат во посебен дел на "Службен весник на Република Македонија"- меѓународни договори.

**Д) ПРИМЕНА НА ЧЛЕНОТ 157 ОД ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО**

Ако по предлогот на законот не е одржан општ претрес, претставниците на пратеничките групи на седница на Собранието имаат право да го изнесат мислењето на својата пратеничка група во врска со предлогот на законот во траење од 10 минути.

**Ѓ) ПОТПИШУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ**

Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот. Ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува законот во фаза на трето читање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на законот. При повторното разгледување на законот, амандмани можат да се поднесуваат само во врска со укажувањата на претседателот на Републиката.

Законите пред да влезат во сила се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

## РАЗГЛЕДУВАНИ ЗАКОНИ ПО СЕДНИЦА



**ВКУПЕН БРОЈ НА РАЗГЛЕДУВАНИ ТОЧКИ ПО ЗАКОНИ 276**




**ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ 167**



## 3.3.1. Донесени закони

По постапка




По предлагачи



ЛЕГЕНДА:

Закони донесени со двојно мнозинство (Бадентеров принцип)

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување | Илија Димовски<br>Талат Џафери<br>Драган Цуклев<br>Ромео Тренов | скратена | 6<br>25.06.2014 |
| 2. | Закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување | Илија Димовски<br>Талат Џафери<br>Драган Цуклев<br>Ромео Тренов | скратена | 6<br>25.06.2014 |
| 3. | Закон за изменување на Законот за здравственото осигурување | Илија Димовски<br>Талат Џафери<br>Драган Цуклев<br>Ромео Тренов | скратена | 6<br>25.06.2014 |
| 4. | Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Влада | скратена | 7<br>03.07.2014 |
| 5. | Закон за изменување на Законот за субвенционирање на станбен кредит | Влада | скратена | 8<br>15.07.2014 |
| 6. | Закон за изменување на Законот за пратениците | А. Николовски<br>Талат Џафери | скратена | 8<br>15.07.2014 |
| 7. | Закон за данокот на добивка | Влада | редовна | 10<br>24.07.2014 |
| 8. | Закон за еднократно отпишување на долговите на граѓаните | Влада | редовна | 10<br>24.07.2014 |
| 9. | Закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување | Влада | редовна | 10<br>24.07.2014 |
| 10. | Закон за изменување и дополнување на Законот за девизната инспекција | Влада | редовна | 10<br>24.07.2014 |
| 11. | Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност | Влада | редовна | 10<br>24.07.2014 |
| 12. | Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва | Влада | редовна | 10<br>24.07.2014 |
| 13. | Закон за изменување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот | Влада | редовна | 10<br>24.07.2014 |
| 14. | Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај | Влада | редовна | 10<br>24.07.2014 |
| 15. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија | Влада | редовна | 10<br>24.07.2014 |
| 16. | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување | Влада | редовна | 10<br>24.07.2014 |
| 17. | Закон за дополнување на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување | Влада | редовна | 10<br>24.07.2014 |
| 18. | Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување | Влада | скратена | 10<br>25.07.2014 |
| 19. | Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи | Влада | скратена | 10<br>25.07.2014 |
| 20. | Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување | Влада | скратена | 10<br>25.07.2014 |
| 21. | Закон за дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност | Влада | скратена | 10<br>25.07.2014 |
| 22. | Закон за дополнување на Законот за здравственото осигурување | Влада | скратена | 10<br>25.07.2014 |
| 23. | Закон за изменување и дополнување на Законот за семејството | Влада | редовна | 11<br>30.07.2014 |
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој;

-Предлог на закон за изменување на Законот за земјоделското земјиште;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за нузпроизводи од животинско потекло;

-Предлог на закон за заштита и благосостојба на животните;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба и давање по закуп на деловните згради и деловните простори на Република Македонија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство;

-Предлог на закон за издавачја дејност;

-Предлог на закон за прогласување на старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за територјална организација на локалната самоуправа во Република Македонија;

-Предлог на закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради  и деловните простори на Република Македонија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
-Предлог на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување;
-Предлог на закон за изменување на Законот за здравствено осигурување;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија;
-Предлог на закон за спортска академија;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за високото образование;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за здравственото осигурување;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 41 |
| Вкупно разгледани точки | | 308 |
| **Поднесени амандмани** | | **6** |
| Закони по области | политички систем | 22 |
| | економски систем | 53 |
| | јавни дејности | 93 |
| Закони | 1 читање | 109 |
| | 2 читање | 95 |
| | скратена и итна | 59 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| ратификации | | 12 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 4 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | 1 |
| иницијативи, стратегии | | 3 |
| барања за автентични толкувања | | 12 |
| други акти | | 11 |

# Комисија за одбрана и безбедност

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-за заштита на поредокот утврден со Уставот,
-остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста,
-одбрана на Републиката и цивилната заштита,
-соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кој Републиката пристапила,
-интеграцијата на Републиката во евроатлантските организации и односите на Републиката со тие организации,
-заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните загарантирани со Уставот,
-производство, промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови на оружје и муниција;
-обезбедување на личности и објекти,
-државјанство,
-одржување на јавниот ред и мир,
-јавните собири и јавните приредби,
-безбедност на патниот, воздушниот, железничкиот и езерскиот сообраќај,
-заштита од природни непогоди и епидемии,
-пријавување и одјавување на живеалиштетото и престојувалиштето,
-премин на државните граници и движење и престој во граничниот појас,
-движење и престој на странци,
-утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државните граници,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на одбраната и безбедноста и
-други прашања што се однесуват на одбраната и безбедноста.

Комисијата за одбрана и безбедност е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија кое, согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/2014, 114/2014 и 142/2014), ги разгледува прашањата од областа на политичкиот систем.

| Ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЕМИЛ ДИМИТРИЕВ,** претседател | |
| | **САШО АКИМОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Владимир Ѓорчев | |
| 2. | Павле Трајанов | |
| 3. | Нада Ципушева | |
| 4. | Иван Стоиљковиќ | |
| 5. | Марјанчо Колевски | |
| 6. | Талат Џафери | |
| 7. | Вјолца Мехмети Нуредини | |
| 8. | Ернад Фејзула | |
| 9. | Чедомир Саздовски | |
| 10. | | |
| 11. | | |
| 12. | | |
| **ЗАМЕНИЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ** | | |
| 1. | Антонијо Милошоски | |
| 2. | Иван Иванов | |
| 3. | Крсто Мукоски | |
| 4. | Павле Саздов | |
| 5. | Васко Наумовски | |
| 6. | Јамин Синани | |
| 7. | Артан Груби | |
| 8. | Орхан Ибраими | |
| 9. | | |
| 10. | | |
| 11. | | |
| 12. | | |

Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Македонија во период од 10 мај до 31 декември 2014 година има одржано 6 седници на кои се разгледани 7 точки на дневен ред од кои:

-еден предлог на закон во прво читање;
-еден предлог на закон во второ читање;
-два предлози на закони во скратена постапка;

-две предлог на одлуки за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија во мировни мисии и
-една предлог на национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015-2020 година.

Комисијата во 2014 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Имено, Комисијата **во редовна постапка** го разгледа предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарството.

**Во скратена постапка** го разгледа предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 6 |
| Вкупно разгледани точки | | 7 |
| **Поднесени амандмани** | | **1** |
| Закони по области | политички систем | 2 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 1 |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | 2 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| одлуки | | 2 |
| иницијативи, стратегии | | 1 |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за политички систем

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-функционирање на политичкиот систем,
-менување на границите на Републиката,
-државните симболи и нивната употреба,
-судството, адвокатурата и јавното обвинителство,
- амнестија и помилување,
-слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето,
-матична евиденција и заштита на личните податоци,
-лични имиња, лични карти и патни исправи,
- попис на населението,
- системот на јавното информирање,
-право на здружување на граѓаните и политичко организирање,
-избирачко право и начин на избор на пратеници, претседателот на Република Македонија, членовите на советите и градоначалниците,
-референдум,
-народниот правобранител,
-Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници и религиозни групи,
-одликувања, признанија и награди,
-празниците на Република Македонија,
-организација на државната управа,
-право на употреба на јазиците и писмата на заедниците,
-гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот н верскиот идентитет на заедниците
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на политичките системи и односите меѓу заедниците и
-други прашања што се однесуваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ВЛАДИМИР ЃОРЧЕВ,** претседател | |
| | **НАДА ЦИПУШЕВА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Емил Димитриев | |
| 2. | Силвана Бонева | |
| 3. | Кенан Хасипи | |
| 4. | Ане Лашкоска | |
| 5. | Ромео Тренов | |
| 6. | Иван Иванов | |
| 7. | Рафиз Аљити | |
| 8. | Артан Груби | |
| 9. | Ернад Фејзула | |
| 10. | Роза Топузовска Каревска | |
| 11. | | |
| 12. | | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Антонијо Милошоски | |
| 2. | Даниела Рангелова | |
| 3. | Ѓоко Камчев | |
| 4. | Магдалена Манаскова | |
| 5. | Соња Талевска | |
| 6. | Јасминка Дамчевска | |
| 7. | Рамиз Мерко | |
| 8. | Муса Ибраими | |
| 9. | Беким Фазлиу | |
| 10. | | |
| 11. | | |
| 12. | | |

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците е постојано работно тело основано врз основа на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, донесена на 7 септември 2006 година ("Службен весник на РМ" бр. 85/14, 114/14 и 142/14).

Во периодот од 10 мај 2014 до 31 декември 2014, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците одржа вкупно 16 комисиски седници на кои беа разгледани вкупно 45 точки од дневниот ред. Од тие точки беа разгледани 32 предлози на закони од кои 8 беа по скратена постапка. Комисијата разгледа 55 амандмани, од кои 16 амандмани беа усвоени (три предложени од Комисијата), 37

амандмани неусвоени и 2 амандмани повлечени.

На дневен ред на седниците на комисијата разгледани се :

-Граѓанска иницијатива со предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, на сто и шест граѓани, доставена преку овластениот предлагач, претседателот на Здружението на граѓани за праведно судење и применување на Законот, Атанас Ѓоргиевски;

-Извештај за работа на Агенцијата за администрација за 2013 година;

-Годишен извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Македонија за 2013 година;

-Годишен извештај за работата на Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2013 година;

-Годишен извештај за работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2013 година;

-Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2013 година;

-Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Македонија за 2013 година;

-Годишен извештај на Народниот правобранител за степенот на обезбедување, почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права во 2013 година;

-Годишен извештај за работата на Државната Комисија за спречување на корупцијата во 2013 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности - I читање;

-Предлог на закон за дополнување на Кривичниот законик - I читање;

-Предлог на закон за прекршоците - I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за пратениците, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности - II читање;

-Предлог на закон за дополнување на Кривичниот законик - II читање;

-Предлог на закон за прекршоците - II читање;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за договорен залог - I читање;

-Предлог на закон за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка - I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен - I читање;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за договорен залог - II читање;

-Предлог на закон за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка - II читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен - II читање;

-Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа

на правата на детето и малолетничкото престапништво во 2013 година;

-Предлог на закон за изменување на Кривичниот законик, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување на Законот за јавните службеници, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници, по скратена постапка;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, по скратена постапка;

-Извештај на Европската комисија за остварениот напредок на Република Македонија за 2014 година;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за извршување на санкциите - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка ;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси - II читање;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за извршување на санкциите - II читање;

- Јавна расправа на тема: "Работна верзија на Предлогот на законот за општата управна постапка"

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор - I читање;

-Предлог на закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик - I читање;

-Јавна расправа по Предлог на законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за процена, по скратена постапка - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор - II читање;

-Предлог на закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната - II читање и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик - II читање.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 16 |
| Вкупно разгледани точки | | 45 |
| **Поднесени амандмани** | | **3** |
| Закони по области | политички систем | 32 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 12 |
| | 2 читање | 12 |
| | скратена и итна | 8 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 10 |
| иницијативи, стратегии | | 1 |
| **јавни расправи** | | **2** |

# Комисија за надворешна политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-надворешната политика на Република Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации,

-политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство,

-стапување или иступување од сојуз или заедници со други држави,

-стапување во членство или иступување од членство на меѓународни организации,

-потреба од започнување преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Македонија, односно за платформите на овие преговори,

-ратификација на меѓународни договори,

-меѓународна регулатива од областа на човековите и граѓанските права, слободи и документи на меѓународни организации и асоцијации,

-воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;

-воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на други држави,

-иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на Република Македонија и

-други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Македонија.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **АНТОНИЈО МИЛОШОСКИ,** претседател |
| | **СВЕТЛАНА КАРАПЕТРОВА,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Александар Николовски |
| 2. | Сашо Василевски |
| 3. | Павле Трајанов |
| 4. | Лилјана Поповска |
| 5. | Ѓоко Камчев |
| 6. | Артан Груби |
| 7. | Нора Алити |
| 8. | Мерал Узеири Ферати |
| 9. | |
| 10. | |
| 11. | |
| 12. | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Силвана Бонева |
| 2. | Владимир Ѓорчев |
| 3. | Кенан Хасипи |
| 4. | Момчило Аврамовски |
| 5. | Магдалена Манаскова |
| 6. | Ермира Мехмети |
| 7. | Шпреса Хадри |
| 8. | Беким Фазлиу |
| 9. | Солза Грчева |
| 10. | |
| 11. | |
| 12. | |

Комисијата одржа **11** седници на кои разгледа **33** точки.

Во однос на активностите кои се однесуваат на процесот на разгледување на закони за ратификација на меѓународни договори, беа разгледани и препорачани на Собранието 12 предлози за донесување на законски акти.

Беше одржана јавна расправа на тема: "Значењето и улогата на дијаспората за Република Македонија - политички и економски аспекти" на која покрај членовите и замениците членови на Комисијата за надворешна политика беа поканети сите пратеници на Собранието на Република Македонија, како и претставници на државни институции, претставници од

невладиниот сектор, дипломатскиот кор и академската заедница.

Беа претставени платформите за дипломатски активности на седум македонски амбасадори пред стапување на должност.

Дванаесет амбасадори имаа свои отчетни обраќања по завршување на нивните мандати.

**Претседателот на Комисијата, Антонијо Милошоски оствари средби со:**

-амбасадорот на Арапската Република Египет, Манал Јахиа Шинави,
-амбасадорот на НР Кина, Вен Зеншун,
-амбасадорот на Република Финска, Тимо Рајакангас,
-амбасадорот на СР Германија Кристине Д. Алтхаузер,
-амбасадорот на Република Индонезија, Марули Туа Сагала,
-амбасадорот на Израел, Дан Ориан,
-делегацијата на Комунистичката партија на Кина, предводена од Џоу Ли,
-делегацијата на Генералниот директорат за проширување на Европската комисија, Оддел за Западен Балкан, предводена од Дејвид Кулен,
-претседателот на Парламентот на Западна Автсралија, Мајкл Сатерленд и
- членовите на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Брајан Бинли и Марк Причард.

**Во рамките на меѓународната активност Претседателот на Комисијата учествуваше на:**

- Конференција на тема "Европска интеграција на земјите од Западен Балкан" одржана од 17 до 19 јуни 2014 година во Букурешт, Романија,
- Петтиот состанок на комисиите за надворешни работи на парламентите на земјите од Југоисточна Европа - Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска и Србија, во проширен состав со Комисијата за надворешна политика на парламентот на Република Македонија, одржан од 25 до 26 септември 2014 година во Загреб, Република Хрватска и
- Интер-парламентарната конференција за заедничка надворешна и безбедносна политика и заедничка безбедносна и одбранбена политика, одржана од 5 до 7 ноември 2014 година во Рим, Италијанската Република.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 11 |
| Вкупно разгледани точки | | 33 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| ратификации | | 12 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| прашања и предлози | | - |
| платформи на амбасадори | | 7 |
| **ислушување на амбасадори** | | **12** |
| **јавни расправи** | | **1** |

# Комисија за европски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-следење на спроведувањето на Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија и редовно го известува Собранието за нејзиното спроведување;
-следење на исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите меѓу Република Македонија и Европската унија и остварување на програмите и другите акти на институциите на Европската унија, вклучувајќи ги програмите за финансиска помош;
-следење и поттикнување на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, како и на предлагање мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на другите работни тела на Собранието и го насочува нивното внимание на прашања сврзани со приемот на Република Македонија во членство во Европската унија;
-следење на активностите на Владата и органите на државната управа во врска со приемот на Република Македонија во членство во Европската унија и во врска со нив дава мислења и препораки;
-анализирање на последиците од пристапување на Република Македонија во членство во Европската унија и подготвува извештаи во врска со истите;
-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција, вклучително и преку собирање информации, литература и други документи поврзани со Европската унија;
-соработката со соодветните комисии на другите земји и
-разгледува други прашања во врска со европската интеграција и приемот на Република Македонија во членство во Европската унија

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЕРМИРА МЕХМЕТИ,** претседател | |
| | **НОРА АЉИТИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Даниела Рангелова | |
| 2. | Антонио Милошоски | |
| 3. | Силвана Бонева | |
| 4. | Кенан Хасипи | |
| 5. | Трајчо Димков | |
| 6. | Нола Исмајлоска | |
| 7. | Шпреса Хадри | |
| 8. | Мерал Узеири Ферати | |
| 9. | Солза Грчева | |
| 10. | | |
| 11. | | |
| 12. | | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Славе Гошев | |
| 2. | Лилјана Поповска | |
| 3. | Александар Стојкоски | |
| 4. | Ристо Манчев | |
| 5. | Марија Ангелова | |
| 6. | Никола Мицевски | |
| 7. | Селвије Салиу | |
| 8. | Орхан Ибраими | |
| 9. | | |
| 10. | | |
| 11. | | |
| 12. | | |

Во изминатиот извештаен период Комисијата одржа **7 седници** на кои разгледа **11 точки** и оствари повеќе активности од своите надлежности**;**

-во рамките на следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на македонското законодавство со правото на ЕУ разгледа **6 законски предлози со ЕУ знак**, при што констатира дека се прифатливи за понатамошно читање од аспект на нивната усогласеност со правото на ЕУ;

-во рамките на воспоставената практика за информирање на Собранието на Република Македонија за ЕУ процесите одржа седница посветена на **Приоритетите и програмата за работа на Италијанското**

**претседателство со Европската унија (јули-декември 2014 година),** претставени од страна на Амбасадорот на Република Италија во Република Македонија, **Н.Е Ернесто Масимино-Белели** (7.07.2014);

-разгледа Извештај за реализираните активности на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2014 година, за периодот 01.01.2014-31.03.2014 година, доставени од СЕП (21.07.2014);

-расправаше по **Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година, на седницата беа поканети** членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и усвои заклучоци по истиот (14.10.2014);

-оддржа **Јавна расправа** на тема ИПА 2 (2014 - 2020) Предизвици и можности за искористување (17-18.11.2014).

**Меѓународна активност на комисијата во Република Македонија и во странство**

**1. Меѓународната активност на Комисијата во Република Македонија**

Претседателот на Комисијата **Ермира Мехмети,** имаше одвоени средби со**:**

-Н.Е **Теохарис Лалакос** амбасадор на Република Грција во Република Македонија (11.08.2014);

-Н.Е **Чарлс Едмонд - Гарет** амбасадор на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија (12.08.2014);

-Заменик претседателот на Комисијата за европски прашања **Нора Алити**, имаше средба со претставници на Меѓународната Штедилница "ФУЛМ" (25.09.2014);

**-Комисијата за европски прашања** и **Комисијата за економски прашања** одржаа заедничка средба со **Јанез Копач** директор на Секретаријатот на Енергетска заедница во Европската унија (2.10.2014);

-Заменик претседателот на Комисијата за европски прашања **Нора Алити**, заедно со пратениците **Владанка Авировиќ** и **Артан Груби** имаа средба со пратеникот во Албанскиот парламент г. Ервин Кочи (22.10.2014);

**2. Меѓународната активност на Комисијата во странство**

-Претседателот на Комисијата за европски прашања **Ермира Мехмети,** учествуваше на Конференцијата на Комисиите за европски прашања на земјите членки на Унијата-КОСАК во **Рим, Република Италија** во рамки на Италјанското претседателство со ЕУ (17-18.07.2014);

-Заменик претседателот на Комисијата за европски прашања **Нора Алити**, учествуваше на Конференција посветена на Парламентарен надзор за Енергетска политика и инвестиции во енергетиката, која се одржа во **Подгорица, Црна Гора** (6-7.09.2014);

-Заменик претседателот на Комисијата за европски прашања **Нора Алити**, учествуваше на Конференција посветена на апроксимација на европското законодавство во **Подгорица, Црна Гора** (7.09.2014);

-Заменик претседателот на Комисијата за европски прашања **Нора Алити**, учествуваше на Конференција посветена на Инструментот за претпристапна помош од ЕУ во **Јахорина, Босна и Херцеговина** (16-18.09.2014);

-Заменик претседателот на Комисијата за европски прашања **Нора Алити,** учествуваше на Конференцијата на Комисиите за европски прашања на земјите членки на Унијата - КОСАК во **Рим, Република Италија** во рамки на Италјанското претседателство со ЕУ (1-3.12.2014);

-Заменик претседателот на Комисијата за европски прашања **Нора Алити,** учествуваше на состанок на одборот на Мрежата на комисии за економија, финансии и европска интеграција на земјите од Западен Балкан, кој се одржа во **Тирана, Република Албанија** (4-6.12.2014) и

-Заменик претседателот на Комисијата за европски прашања **Нора Алити,** учествуваше на Надзорна расправа на тема: **Искористување на ИПА-2 (2014-2020), перспективи и можности** во организација на Комисијата за европски интеграции на Народното Собрание на Република Србија и Вестминстер фондацијата за демократија, која се одржа во **Белград, Република Србија** (22-24.12.2014).

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 11 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 3 |
| | јавни дејности | 3 |
| Закони | 1 читање | 6 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **1** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои гн избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата,

-поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање состав на постојаните и повремените работни тела на Собранието,

-предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти,

-предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието,

-предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членовн на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието,

-предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди,

-давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи,

-разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување,

-донесување акти за кои е овластена од Собранието,

-донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието,

-донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело,

-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации,

-определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци,

-одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено,

-давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во “Службен весник на Република Македонија”,

-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на изборите и именувањата и

-разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЗОРАН ИЛИОСКИ,** претседател | |
| | **ТРАЈЧО ДИМКОВ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Силвана Бонева | |
| 2. | Лилјана Затуроска | |
| 3. | Благоја Деспотоски | |
| 4. | Даниела Рангелова | |
| 5. | Фатмир Имероски | |
| 6. | Љупчо Димовски | |
| 7. | Џеват Адеми | |
| 8. | Ермира Мехмети | |
| 9. | Имер Алију | |
| 10. | | |
| 11. | | |
| 12. | | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Сашо Василевски | |
| 2. | Иван Иванов | |
| 3. | Васил Пишев | |
| 4. | Сашо Акимовски | |
| 5. | Ромео Тренов | |
| 6. | Крсто Мукоски | |
| 7. | Талат Џафери | |
| 8. | Рафиз Аљити | |
| 9. | Орхан Ибраими | |
| 10. | | |
| 11. | | |
| 12. | | |

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, ("Службен весник на Репулика Македонија" број 85/2014, 114/2014 и 142/2014 година).

Во извештајниот период Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија одржа 12 седници.

Активностите на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија се реализираат согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, Одлуката за основање на постојани работни тела, одделни закони и Деловникот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

За одделни прашања, во функција на реализирање на седниците на Собранието и на Комисијата беа утврдени и донесни поединечни предлог акти и акти за кои согласно закон е овластена Комисијата.

Во извештајниот период Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија утврди:

Предлог на кандидати:

1.Предлог на кандидат за Претседател на Собранието на Република Македонија;
2.Предлози на кандидати за потпретседатели на Собранието на Република Македонија,
3.Предлог на кандидати за именување на членови на Советот на Агенцијата за аудио и аудовизуелни медиумски услуги
4.Предлог на кандидати за именување на членови на Програмскиот совет на Македонската радио - телевизија (МРТ).

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија исто така ги утврди следниве Предлог одлуки:

1.Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија и пет предлог-одлуки за изменување на оваа Одлука,
2.Предлог на одлука за разрешување и именување на член на Одборот за

доделување на државната награда „Св. Климент Охридски";

3.Предлог на одлука за разрешување и именување на член на Советот за статистика на Република Македонија;

4.Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ);

5.Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ);

6.Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ);

7.Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централно - европската иницијатива (ПС ЦЕИ);

8.Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северно-атлантската договорна организација (ПС НАТО);

9.Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот (ПС на Медитеранот);

10.Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ);

11.Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици на членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација

12. Предлог на одлука за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на Националниот совет за евроинтеграции и две предлог - одлуки за дополнување на оваа Одлука.

13.Предлог на одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и четири предлог-одлуки за изменување на оваа одлука.

14.Предлог на одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;

15.Предлог на одлука за утврдување на составот на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија;

16.Предлог на одлука за избор на претседател, членови и заменици членови на Советот на Собранискиот канал;

17.Предлог на одлука за избор на претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за верификација на фактите,

18.Предлог на одлука за разрешување на член на Комисијата за заштита на конкуренцијата

19.Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Гоце Делчев",

20.Предлог на одлука за избор на членови на Државниот совет за превенција на детско престапништво,

21.Предлог на одлука за именување претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор и

22. Предлог на одлука за именување на член и заменик член на Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата по конституирањето на Собранието направи консултации со претставници на политичките партии во Собранието со цел да се договори составот на работните тела на Собранието во зависност од бројот на пратениците од политичките партии застапени во Собранието. Предлогот за составот на комисиите на Собранието беше направен согласно Деловникот на Собранието и Законот за пратениците.

Имено, предлог одлуките за персоналниот состав на работните тела беа составени врз основа на листите што ги предложија политичките партии застапени во Собранието и со нив се обезбеди соодветна застапеност на пратениците од пратеничките групи и од пратениците кои не се организирани во пратенички групи.

Предлог на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија беше изменувана и дополнувана со пет предлог одлуки за изменување и дополнување, со кои меѓудругото, составот на комисиите се дополни и со пратеници од опозицијата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата во функција на доближување на граѓаните до јавните функции и нивно запознавање за јавните функции кои се во надлежност на оваа Комисија и на Собранието, а со цел работењето на Комисијата и на Собранието да го направи потранспарентно, предложи Комисијата во дневниот печат да објавува огласи за пројавување на интерес за ангажирање (предлагање) на лица на раководни позиции (јавни функции).

Со тоа се зголеми можноста од поголем избор на кадри и подобрување на квалитетот на функционерите и професионалното извршување на функциите.

На предлог на претседателот на Комисијата, г. Зоран Илиоски Комисијата за прашања на изборите иименувањата согласно членот 127 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија основаше работни групи за спроведување на Интервју по Огласот за пројавување на интерес за ангажирање на лица на јавни функции, објавен од Комисијата за прашања на изборите и именувањата во јуни 2014 година.

Имајќи ги предвид јавните функции за кои беше објавен огласот, условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите за вршење соодветна функција, а пред се телата, односно органите во кои ќе се врши функцијата беше предложено Комисијата да основа три тематски работни групи за спроведување на интервјуата.

Прва работна група за спроведување на интервјуата од областа на техничките науки, Втора работна група за спроведување

на интервјуата од областа на општествени науки и Трета работна група за спроведување на интервјуата од областа на правните науки. Работните групи беа составени од четири членови и четири заменици членови од редот на пратениците во Собранието на Република Македонија

Интервјуата по Огласот за пројавување на интерес за носители на јавни функции на работните групи основани за таа цел од Комисијата заврши на 9 септември 2014 година.

Имајќи ги во предвид одредбите од актите кои го уредуваат прашањето за професионалното вршење на функцијата пратеник, Комисијата за прашања на изборите и именувањата донесе решенија за остварување на правата од работниот однос во Собранието на Република Македонија (засновање на работен однос на пратениците во Собранието на Република Македонија) почнувајќи од 10 мај 2014 година, за пратениците на кои Собранието на Република Македонија на конститутивната седница одржана на 10 мај 2014 година им го верификуваше мандатот, освен на пратениците кои согласно членот 93 став 5 од Уставот на РМ остануваат на должност во Владата до изборот на новата Влада.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата како точка на Дневен ред ги стави на разгледување доставените барања за остварување плата по престанок на функцијата пратеник (апанажа) и донесе решенија за вкупно 51 пратеник од претходниот мандат за остварување на ова право. Од овие 51 пратеници, на пет пратеници непосредно на почетокот на мандатот на нивно барање, Комисијата им донесе решение за престанување на правото за остварување на плата по престанокот на мандатот.

Во извештајниот период Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија донесе поединечни решенија и тоа:

-решение на претседателот на Република Македонија г. Ѓорѓе Иванов согласно Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија,

-решение на координаторот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ,

-решение за престанување на работен однос поради престанок на мандат на пратеник,

-решение за престанување на Решението за апанажа на пратеник, на негово барање,

-решение за плата на координаторот на пратеничката група на ДПА,

-решенија за плата на претседателот на Владата и на членовите на Владата,

-решенија за плата на четворицата заменици на претседателот на Владата на Република Македонија,

-решение за плата на пратеник и решение за плата на координатор на пратеничката група на ДУИ,

-решение за одбивање на Барање за остварување на право на плата по престанок на мандат на пратеник,

-решение за престанување на работен однос поради престанок на мандат на пратеник,

-решение за остварување на плата по престанок на функцијата на поранешниот министер за правда,

-решение за остварување на плата по престанок на функцијата на поранешниот министер без ресор во Влада,

-решение за престанување на правото на апанажа и Решение за плата во Собранието на пратеник по верификувањето на мандатот,

-решение за престанување на правото на апанажа и Решение за плата во Собранието за пратеник по верификувањето на мандатот,

-решенија за плата на замениците министри именувани на 10 јули 2014 година,

-решение за остварување на правото на плата по престанување на функцијата за поранешниот министер за економија,

-решение за остварување на правото на плата по престанување на функцијата поранешниот заменик на министерот кој раководел со Министерството за образование и наука,

-решение за остварување на правото на плата по престанување на функцијата поранешниот заменик на министерот за внатрешни работи,

-решенија за остварување на правото на плата по престанување на функцијата за поранешните членови на Советот за радиодифузија,

-решенија за плата на претседателот, заменикот на претседателот и на членовите на Комисијата за верификација на фактите коишто Собранието ги избра на седницата одржана на 31. 07. 2014 година,

-решение за остварување на плата по престанок на функцијата член на Комисијата за верификација на фактите и

- две решенија за отпремнина на поранешни пратеници.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, усвои заклучок дека по Одлуката за упатување јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Програмскиот совет на Македонската радио - телевизија (МРТ) од 2 февруари 2014 година не може да утврди предлог на кандидати за овој совет, поради што е потребно Собранието по вторпат да упатување јавен повик. Комисијата за прашања на изборите и именувањата утврди предлог на кандидати за Програмскиот совет на МРТ по Одлуката за упатување јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Програмскиот совет на Македонската радио - телевизија (МРТ) („Службен весник на Република Македонија" број 108/14).

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 1 септември 2014 година го донесе Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на

инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Одлуката за објавување јавен конкурс за избор на претседател и членови на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка Собранието ја донесе на 10 ноември 2014 година.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на седницата одржана на 11 декември 2014 година донесе Заклучок дека од пријавените кандидати по Одлуката за објавување јавен конкурс за избор на претседател и членови на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка не може да утврди предлог за состав на Комисијата и дека е потребно повторно да се донесе Одлука за објавување јавен конкурс.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | **12** |
| Вкупно разгледани точки | **51** |
| одлуки | 33 |
| предлози | 3 |
| решенија | 1 |
| барања | 2 |
| разно | 12 |

# Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот,

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите,

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните,

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЕРНАД ФЕЈЗУЛА,** претседател | |
| | **БЕКИМ ФАЗЛИУ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Момчило Аврамовски | |
| 2. | Трајчо Димков | |
| 3. | Амди Бајрам | |
| 4. | Марија Ангелова | |
| 5. | Муса Ибраими | |
| 6. | | |
| 7. | | |
| 8. | | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Владанка Авировиќ | |
| 2. | Лилјана Затуроска | |
| 3. | Павле Саздов | |
| 4. | Благородна Бојаџиева | |
| 5. | Каљтрина Азизи | |
| 6. | | |
| 7. | | |
| 8. | | |

Во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот не оддржа седници.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| **Поднесени амандмани** | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |

# Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и законите од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица,
-законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон,
-методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти,
-материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и
-други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | , претседател | |
| | , заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Иван Иванов | |
| 2. | Павле Саздов | |
| 3. | Васил Пишев | |
| 4. | Нада Ципушева | |
| 5. | Васко Наумовски | |
| 6. | Зулфи Адили | |
| 7. | Ернад Фејзула | |
| 8. | | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Емил Димитриев | |
| 2. | Павле Трајанов | |
| 3. | Иван Стоиљковиќ | |
| 4. | Стојан Миланов | |
| 5. | Сашо Василевски | |
| 6. | РафиС Аљити | |
| 7. | Орхан Ибраими | |
| 8. | | |

Во извештајниот период Комисијата за надзор над работата на Управата за базбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање оддржа една седница на која е разгледана една точка.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 1 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и од Министерството за одбрана

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-вршење на надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана,

-законитост во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана од аспект на нивна усогласеност со Законот за следење на комуникациите,

-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и

-други прашања што се однесуваат на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана во врска со мерките за следење на комуникациите

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | ,<br>претседател | |
| | ,<br>заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Павле Саздов | |
| 2. | Талат Џафери | |
| 3. | Ернад Фејзула | |
| 4. | | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Марјанчо Колевски | |
| 2. | Ејуп Рустеми | |
| 3. | Имер Алиу | |
| 4. | | |

Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана согласно со надлежностите утврдени со Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози и акти од областа на политичкиот систем.

Комисијата во овој извештаен период нема оддржано седници.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за финансирање и буџет

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот на финансирање,

-Буџетот на Републиката,

-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица,

-царинскиот систем,

-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем,

-платниот промет и ревизијата,

-заемите и кредитите,

-јавните набавки,

-системот на осигурување,

-сопственоста и други имотно-правни односи;

-стоковните резерви,

-игрите на среќа,

-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на финансиите и буџетот и

-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | ,<br>претседател | |
| | ,<br>заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Крсто Мукоски | |
| 2. | Драган Цуклев | |
| 3. | Лилјана Кузмановска | |
| 4. | Владанка Авировиќ | |
| 5. | Васил Пишев | |
| 6. | ЃорѓИ Коџобашиев | |
| 7. | Никола Мицевски | |
| 8. | Талат Џафери | |
| 9. | Каљтрина Азизи | |
| 10. | Имер Алиу | |
| 11. | | |
| 12. | | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Илија Димовски | |
| 2. | Светлана Карапетрова | |
| 3. | Весна Пемова | |
| 4. | Сашо Акимовски | |
| 5. | Фатмир Имеровски | |
| 6. | Васко Наумовски | |
| 7. | Јасминка Дамчевска | |
| 8. | Вјолца Мехмети Нуредини | |
| 9. | Реџаиљ Исмаили | |
| 10. | Беким Фазлиу | |
| 11. | | |
| 12. | | |

Комисијата за финансирање и буџет е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија основано со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија" број 85/14, 114/14, 142/14). Со Одлуката се утврдени надлежностите на комисиите.

Во Извештајниот период со седниците на Комисијата за финансирање и буџет, по овластување на претседателот на Собранието на Република Македонија, претседаваше членот на Комисијата, пратеникот Крсто Мукоски.

Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година има одржано 30 седници со вкупно 79 точки на дневен ред и тоа: 24 Предлози на закони во прво читање, 27 Предлози на закони во второ читање, 17 Предлози на закони во скратена постапка, Предлог на Буџет на Република Македонија за 2015 година, Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година, Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2013 година и 8 извештаи.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за еднократно отпишување на долговите на граѓаните. Основна цел на ова законско решение е да им се помогне на најранливите категории

граѓани да ги надминат проблемите со неплатените долгови, Предмет на еднократен отпис се долгови за користење на електрична и топлинска енергија и долгови по основ на радио дифузна такса настанати заклучно со 31.12.2013 година, а неплатени подолго од 12 месеци и за кои е отпочната постапка за наплата, како и долгови по кредитни картички, дозволени пречекорувања на трансакциски сметки и потрошувачки кредити. Корисници на правото може да бидат: корисници на социјална помош или постојана парична помош, невработени лица кои активно бараат работа подолго од 12 месеци и лица изложени на социјален ризик кои поради смрт на сопружникот, поради сопствена или инвалидност на сопружникот или поради потешка болест се нашле во ситуација да не можат да ги плаќаат обврските кон доверителите. Услов за остварување на правото на отпис од страна на невработените лица и лицата изложени на социјален ризик е во 2013 година заедно со брачниот другар да не оствариле годишен нето приход поголем од 105.600 денари и да не поседуваат друг имот, освен станбениот објект во кој живеат. За лицата изложени на социјален ризик, услов е и ризикот (смртта, инвалидноста или потешката болест) да настапиле по 1 јануари 2009 година.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за данокот на добивка. Со Законот за данокот на добивка се уредува начинот на оданочување на добивката, стапката по која се пресметува данокот на добивката, обврзниците за плаќање на данок на добивка, даночната основа за пресметување на данокот на добивка, роковите за плаќање на данокот на добивка, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на данокот на добивка. Со постојниот Закон за данокот на добивка е уредено дека добивката подлежи на оданочување само во случај на нејзина распределба во вид на исплати за дивиденди и други исплати од добивката. Овие одредби се воведоа од 1 јануари 2009 година како антикризна мерка во периодот на светската криза. Истите овозможија македонските деловни субјекти да не плаќаат данок на добивка на остварената добивка која не ја распределуваат. Со оглед на тоа што европската економија излезе од рецесија и се забележуваат позитивни стапки на раст, а се подобрија и состојбите во домашната економија, со овој Предлог на закон се укинува антикризната мерка. Со Предлог Законот за данокот на добивка се воведува оданочување на добивката која се остварува во тековната година како разлика меѓу приходи и расходи, согласно со прописите за сметководство и сметководствени стандарди, и истата се оданочува на годишно ниво. Со Предлог на Законот се прецизира даночното ослободување по основ на реинвестираната добивка, односно доколку даночните обврзници извршат вложување од добивката остварена во претходната година за развојни цели и тоа во материјални средства (недвижности, постројки и опрема) и во нематеријални средства (компјутерски софтвер и патенти) за проширување на дејноста на даночниот обврзник, освен вложувања во патнички автомобили, мебел, теписи, аудио визуелни средства, бела техника, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и други вложувања кои служат за административни цели, ќе можат да ја намалат даночната основа за износот на извршените вложувања од добивката од претходната година

(реинвестирана добивка). Со задржување на решението за ослободување од плаќање на данок за реинвестираната добивка се дава директна помош на домашната економија и Република Македонија е единствената земја во Европа која го применува ваквото решение. Иако неговата примена ќе значи намалување на потенцијалните приходи за Буџетот на Република Македонија, сепак истото ќе има позитивно влијание врз македонските компании.

На една од своите седници Комисијата го разгледа Предлогот на закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Предлогот на законот ги пропишува мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари, поврзани предикативни кривични дела и финансирање на тероризам кои треба да ги преземаат задолжените субјекти, Управата за финансиско разузнавање, како и другите органи кои ги спроведуваат одредбите од овој закон. Пропишаните обврски субјектите ги применуваат за целите на спречување на перење пари пари, поврзани предикативни кривични дела и финансирање на тероризам. Мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари, поврзани предикативни кривични дела и финансирање на тероризам се дефинирани со меѓународните стандарди - препораки за спречување на перење пари и финансирање на тероризам утврдени од страна на ФАТФ во 2012 година.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжителни нафтени резерви. Во предложениот текст на новиот Закон за задолжителни нафтени резерви извршено е делумно транспонирање на Директивата 2009/119/ЕУ со која се наметнува обврска на земјите-членки да чуваат минимум резерви на сурова нафта и/или нафтени производи. Имајќи го предвид значењето на зајакнувањето на сигурноста во снабдувањето со сурова нафта и/или нафтени деривати со цел да се одбегнат евентуални пречки во работењето на внатрешниот пазар, а во насока на одржување на виско ниво на сигурноста на понудата на нафтени производи во земјата, предложеното законско решение треба да овозможи стабилност во обезбедувањето на пазарот, преку сигурни и транспарентни механизми кои истовремено се во согласност со начелата на внатрешниот пазар и конкуренцијата како и во согласност со стандардите кои се обезбедени со постојните механизми за чување на нафтени резерви во земјите-членки на ЕУ и во согласност со Директивата 2009/119/ЕУ. За воспоставување на повисоко ниво на контрола и транспарентност над задолжителните нафтени резерви, формираната Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати ја продолжува својата работа како национална институција во форма на централно тело за чување и одржување на задолжителните резерви но со нов назив "Македонска агенција за задолжителни нафтени резерви". Ова решение е во согласност со организационите форми на централните ентитети за нафтени резерви кои се формирани во земјите - членки на ЕУ.

На една од своите седници Комисијата го разгледа Предлогот на закон за затворање на сметките кои се преземени во Управата за јавни приходи од поранешната Агенција за работа со блокирани сметки на учесниците во платниот промет, чии иматели се субјекти кои по организациона форма не се трговски

друштва или трговци поединци. Почнувајќи од 2003 година па се до денес, Управата за јавни приходи се уште ја води евиденцијата за блокираните сметки од поранешната Агенција. Согласно Законот за трговски друштва спроведено е бришење на дел од субјектите чии сметки се водат во евиденциите преземени од поранешната Агенција, и тоа правни лица, трговци-поединци и трговски друштва запишани во судскиот регистар кои не се усогласени со одредбите од Законот за трговски друштва и правни лица, трговци-поединци и трговски друштва кои се запишани во трговскиот регистар, а чии што сметки не се пренесени во деловните банки и не се блокирани. Со Законот за изменување и дополнувања на Законот за трговски друштва ("Сл. весник на РМ" бр. 166/12) се уреди постапката за бришење и на трговците поединци и трговските друштва кои се водат како блокирани во Управата за јавни приходи од поранешната Агенција од соодветниот регистар, со исклучок на друштвата од посебен економски интерес за Република Македонија. Со овие измени и дополнувања не беа опфатени и преостанатите субјекти чии сметки беа преземени во Управата за јавни приходи од поранешната Агенција, бидејќи истите по организациона форма не се трговски друштва или трговци поединци.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за вршење на работи за застапување во царинските постапки. Со предложениот Закон се уредуваат условите и постапката за издавање на одобрение и лиценца за вршење на работи на застапување пред царинските органи заради спроведување на дејствија и формалности пропишани со царинските прописи, условите и постапката за полагање на стручен испит за лиценциран застапник, начинот на кој се спроведува контролата над работата на овластените царински застапници и лиценцираните застапници, како и видот на евиденциите кои се водат, а воедно се пропишуваат и прекршоци со соодветни глоби за непочитување на законските одредби.

Комисијата посебно внимание посвети при разгледувањето на Предлозите на законите од областа на задолжувањето кај меѓународни финансиски институции, односно за давање на гаранции за задолжување. Во оваа насока посебно треба да се нагласат:

* Предлогот на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за рехабилитација на магистралните и регионалните патишта, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка и Јавното претпријатие за државни патишта. Со реализацијата на Проектот за рехабилитација на магистралните и регионалните патишта ќе се подобри поврзаноста на избрани магистрални и регионални патишта со Коридорот X и Коридорот VIII, како и ќе се подобри капацитетот на Јавното претпријатие за државни патишта во однос на безбедноста на патиштата.

* Предлогот на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот "Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2. Со воспоставување на овој Коридор ќе се развие систем на превоз што ќе придонесе кон зголемување на трговската

размена меѓу Албанија, Македонија и Бугарија, односно подобрување на приодот и поврзување со соседните земји, во функција на подобрување на конкурентноста и развојот на економијата и комуникацијата со европските земји.

* Предлогот на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта. Реализацијата на Проектот ќе ги опфаќа изградбата на патниот правец на ниво на експресен пат, делница мост на реката Раец клучка - Дреново и реконструкција на патниот правец Штип - Кочани на ниво на експресен пат и и зградба на патните правци експресен пат Охрид - Пештани и автопат Струга - Требеништа.

Имплементатор на проектот ќе биде ЈП за државни патишта.

На една од своите седници Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори во траен влог во ЈП МЖ Инфраструктура Скопје. Железничкиот транспорт е од исклучително значење за целокупниот развој на македонската економија. Железничката инфраструктура треба да обезбеди безбеден и сигурен начин на одвивање на патнички и товарен сообраќај, односно треба постојано да вложува средства во тековно и инвестиционо одржување на пругите, пружните и електро-техничките постројки со цел да постигне приближување кон квантитативното ниво на системот на европски железници. Со предложениот Закон се обезбедува дополнителна ликвидност и непречено работење на Македонски железници - инфраструктура во услови кога покрај изградбата и реконструкцијата на постојната железничка инфраструктура во наредниот период се планира и изградба на нови делници како составен дел од железничката инфраструктура.

Имајќи ја во предвид својата надлежност Комисијата, посебно внимание посвети на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година и Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година. При нивното разгледување беа искажани многубројни мислења, ставови, констатации, забелешки и предлози во однос на вкупниот обем на Буџетот, изворите на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите.

На една од своите седници Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2015 година.

Комисијата ја разгледа Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2013 година. При нејзиното разгледување беа изнесени бројни предлози, мислења, забелешки, кои што треба да се имаат во предвид при изготвување на наредните буџети.

Согласно Законот за државната ревизија, Собранието го разгледува Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија. Имајќи ја во предвид оваа законска одредба, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работењето и извршените ревизии на Државниот завод за ревизија за 2013 година

и му предложи на Собранието на Република Македонија да усвои заклучоци по истиот.

Комисијата за хартии од вредност е регулаторно тело со специфичен домен на овластување кое го регулира и контролира пазарот на хартии од вредност. Согласно Законот за хартии од вредност Комисијата го доставува Годишниот извештај за своето работење до Собранието за усвојување. Имајќи ја предвид оваа законска одредба Комисијата за финансирање и буџет го разгледа Извештајот на Комисијата за хартии од вредност за 2013 година и му предложи на Собранието истиот да го усвои. При неговото разгледување се изнесоа предлози во функција на поттикнување на акционерските друштва што е можно повеќе да ја користат берзата како место за пласирање и обезбедување на капитал.

Комисијата ги разгледа и Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2013 година, Финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2013 година и Годишниот извештај на Агенцијата за супервизија на осигурувањето за состојбата и движењата на пазарот на осигурување во Република Македонија во 2013 година.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2013 година. Комисијата има надлежност за решавање на жалби во постапките за доделување на договори за јавни набавки и одлучува за законитоста на дејствијата како и на одлуките како поединечни правни акти донесени во постапките за јавните набавки.

Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Народната банка на Република Македонија во 2013 година и Извештајот за ризиците во банкарскиот систем на Република Македонија во 2013 година. На седница на Комисијата присуствуваше гувернерот кој ги презентираше извештаите и ја информираше Комисијата во врска со работењето на Народната банка.

Комисијата го разгледа Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година и во расправата воглавно се осврна во делот на поглавјата кои се во нејзина надлежност: слободно движење на капиталот, јавните набавки, финансиските услуги, оданочувањето, економската и монетарната политика; Царинската унија, финансиската контрола и финансиските и буџетските одредби.

Во изминатиов период Комисијата разгледуваше и други Предлози на закони кои се во нејзина надлежност.

**Меѓународна активност**

Претседавачот со седниците на Комисијата за финансирање и буџет и членовите на Комисијата одржаа работна средба со претставници на Штедилницата деФулмее и интернационални деловни партнери на истата.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 30 |
| Вкупно разгледани точки | | 79 |
| **Поднесени амандмани** | | **1** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 46 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 27 |
| | 2 читање | 24 |
| | скратена и итна | 17 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 8 |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-производство и трговија,
-минерални суровини и енергетика,
-туризам, угостителство и занаетчиство,
-надворешно-трговско работење,
-странски вложувања,
-сопственичка трансформација,
-мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот,
-заштита на потрошувачите,
-јавни претпријатија,
-концесии,
-побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја,
-статистика,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на економскиот систем и
-други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЉУПЧО ДИМОВСКИ** претседател | |
| | **ВЛАДАНКА АВИРОВИЌ** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Драган Циклев | |
| 2. | Лилјана Кузмановска | |
| 3. | Васил Пишев | |
| 4. | Сашо Акимовски | |
| 5. | Каљтрина Азизи | |
| 6. | Муса Ибраими | |
| 7. | Газменд Алији | |
| 8. | | |
| 9. | | |
| 10. | | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Зоран Илиоски | |
| 2. | Стојан Миланов | |
| 3. | Васко Наумовски | |
| 4. | Ѓорѓи Коџобашиев | |
| 5. | Реџаиљ Исмаили | |
| 6. | Ејуп Рустеми | |
| 7. | Беким Фазлиу | |
| 8. | Чедомир Саздовски | |
| 9. | | |
| 10. | | |

Комисијата за економски прашања е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 85/2014, 114/2014 и 142/2014) со која е определен претседателот, десет члена на Комисијата, нивни заменици, како и надлежностите на Комисијата.

Во извештајниот период Комисијата за економски прашања одржа тринаесет седници. На седниците беа разгледани вкупно 26 точки на дневен ред од областа на економскиот систем.

Комисијата за економски прашања во периодот од 10 мај до 31 декември 2015 година разгледа девет предлог на закони во прво читање, девет предлог на закони во второ читање и четири предлог на закони по скратена постапка.

Комисијата за економски прашања на своите седници ги разгледа следните закони од економскиот систем:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и водење на трговскиот регистер и регистер на други правни лица;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за возила;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство;
-Предлог на закон за изменување и на Законот за енергетика;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за угостителска дејност;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за технолошко индустриски развојни зони;
Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за инустриски - зелени зони;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност и
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба.

На првата седница, одржана на 1 јули 2014 година, Комисијата за економски прашања го разгледа и усвои Годишниот извештај на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

На четвртата седница, одржана на 26 август 2014 година, Комисијата за економски прашања го разгледа и усвои Годишниот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

На осмата седница, одржана на 13 октомври 2014 година, Комисијата за економски прашања како заитересирано тело го разгледа Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година.

На единаесеттата седница, одржана на 4 ноември 2014 година, Комисијата за економски прашања ги разгледа и усвои Предлог финансискиот план на Регулаторната Комисија за енергетика за 2015 година, како и Прдлог одлуката за утврдување на процентот од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Сите активности на Комисијата за економски прашања се реализираат во рамките на определените надлежности. За сите разгледани точки од седниците на Комисијата се изготвени посебни извештаи и записници од секоја седница.

Одржаните седници на Комисијата за економски прашања беа отворени за заинтересираните субјекти од областа на економијата и слично, како и за претставниците на средствата за информирање.

**Меѓународна активност**

Делегација на Собранието на Република Македонија, во состав: г-ѓа Владанка Авировиќ, заменик на претседател на Комисијата за економски прашања, г-ѓа Нора Алити, заменик на претседателот на Комисијата за европски прашања г. Драган Цуклев, член на Комисијата за економски прашања и г. Никола Мицевски, член на Комисијата за европски прашања, учествуваше на Регионалната парламентарна конференција за надзор на енергетските политики и енергетските инвестиции на тема "Парламентарен надзор на енергетските политики и енергетските инвестиции во

земјите од Западен Балкан", која се одржа на 6 и 7 септември 2014 година во Бечиќи, Црна Гора. Конференцијата беше организирана во рамките на Проектот на Вестминстер фондацијата за демократија и Парламентарната мрежа на Комисиите за економски прашања, финансирање и буџет и европски прашања на земјите од Западен Балкан. На конференцијата учество зедоа пратеници од Парламентите на земјите од Западен Балкан, претставници од енергетските Регулаторни тела и експерти од областа на енергетиката. Конференцијата поттикна широка дебата меѓу пратениците и претставниците од стручната фела и тоа во делот на енергетските инвестиции во Западен Балкан, идните потреби и импликации, улогата на енергетските регулаторни тела и улогата на парламентите во надзорот на енергетските тела и енергетските политики. Посебен акцент беше даден во делот на Третиот енергетски пакет.

Комисијата за економски прашања на 2 октомври 2014 година оствари средба со Директорот на Секретаријатот на Европската енергетска заедница, г. Јанез Копач. Господинот Копач пред членовите на Комисијата за економски прашања и Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија, имаше презентација во врска со постигнатите резултати во реформите, во однос на реализирањето на Договорот за Енергетска заедница за земјите потписнички. На заедничката седница, со која претседаваа претседателот на Комисијата за европски прашања, г. Љупчо Димовски и заменик на претседателот на Комисијата за европски прашања г-ѓа Нора Алити, Директорот на Европската енергетска заедница информира за актуелните состојби во енергетиката во регионот, при што истакна дека реформите во енергетиката, што произлегуваат од ЕУ директивите, бараат инволвирање на значајни човечки ресурси, како и силна политичка поддршка од Владата и Парламентот, но и од јавноста, на која мора да се објаснат импликациите предизвикани од потребните реформи. Притоа, беше потенцирана важноста за поголема соработка на земјите потписнички на овој договор, со зајакнување на парламентарната соработка во областа на енергетиката, и тоа преку функционирањето на Парламентарно собрание на земјите од ЈИЕ, во кое ќе членуваат пратеници од регионот. Во врска со презентацијата, свои дискусии имаа претседателот на Комисијата за економски прашања г. Љупчо Димовски, заменик на претседателот Владанка Авировиќ и пратениците: г. Ромео Тренев, г-ѓа Солза Грчева, г-ѓа Силвана Бонева, како и претседателот на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, г. Димитар Петров.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 13 |
| Вкупно разгледани точки | | 27 |
| **Поднесени амандмани** | | **7** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 22 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 9 |
| | 2 читање | 9 |
| | скратена и итна | 4 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили,
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата,
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството,
-ловот и риболовот,
-животинскиот и растителниот свет,
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата,
- премерот и катастарот на земјиштето,
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите,
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија. Со оваа Одлука ("Службен весник на Република Македонија" бр. 85/2014, 114/2014 и 142/2014) е определена надлежноста на комисијата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | ,* - претседател | |
| | , - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ромео Тренов | |
| 2. | Љупчо Димовски | |
| 3. | Олга Најденовска | |
| 4. | Никола Мицевски | |
| 5. | Ристо Манчев | |
| 6. | Реџаиљ Исмаили | |
| 7. | Мирван Џемаиљи | |
| 8. | Орхан Ибраими | |
| 9. | | |
| 10. | | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Зоран Ѓорѓиевски | |
| 2. | Марјанчо Колевски | |
| 3. | Соња Талевска | |
| 4. | Ѓоко Камчев | |
| 5. | Ѓорѓи Коџобашиев | |
| 6. | Зулфи Адили | |
| 7. | Нора Алити | |
| 8. | Газменд Алији | |
| 9. | | |
| 10. | | |

** Согласно член 120 став (3) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, седниците на Комисијата ги свикуваше претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски, а со седниците претседаваше пратеникот Ромео Тренов - член на Комисијата.*

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија во период од 5 март 2014 до 31 декември 2014 година, има одржано 12 седници на кои разгледани се вкупно 16 точки на дневен ред од кои 15 точки ги разгледа како матично работно тело и 1 точка како заинтересирано работно тело и тоа:

-6 предлог на закони во прво читање;

-5 предлог на закони во второ читање;

-4 предлог на закони во скратена постапка и
-1 извештај.

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство беа поднесени вкупно 18 амандмани од кои усвоени се 14 амандмани, а неусвоени се 4 амандмани.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство предложи 10 амандмани и истите ги усвои.

Комисијата во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Комисијата водеше општ претрес на закони во прво читање согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, истите ги разгледа во второ читање, а предлог на закони се разгледаа и во скратена постапка.

Комисијата ги разгледа следните точки на дневен ред:

**во редовна постапка:**

-Предлог на закон за заштита и благосостојба на животните (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување на Законот за земјоделското земјиште (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за нуспроизводи од животинско потекло (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата (прво и второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата (прво читање);

**во скратена постапка:**

-Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите.

Како заинтересирано работно тело го разгледа извештајот на Европската комисија за остварениот напредок на Република Македонија за 2014 година во делот на земјоделството, шумарството и водостопанството.

По одделни предлози на закони на кои што имаше поднесено амандмани од овластените предлагачи, Комисијата ги разгледуваше и по истите заземаше свои ставови.

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство не беа доставени други материјали за разгледување.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 12 |
| Вкупно разгледани точки | | 16 |
| **Поднесени амандмани** | | **10** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 15 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 6 |
| | 2 читање | 5 |
| | скратена и итна | 4 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско - телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот,
- жичарите и ски-лифтовите,
-системите на телекомуникации и радиодифузниот систем,
-изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите,
-просторното и урбанистичкото планирање,
- уредувањето на градежното земјиште,
- станбеното и комуналното стопанисување,
-заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување,
-обезбедување услови за здрава животна средина,
-спречување на штетната бучава,
-заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата и
-други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

**Комисијата за транспорт, врски и екологија** е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 85/14, 114/14 и 142/14). Со оваа Одлука се определени надлежностите на комисиите.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **РЕЏАИЉ ИСМАИЛИ,** - претседател |
| | **РАМИС МЕРКО,** - заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Лилјана Затуроска |
| 2. | Славе Гошев |
| 3. | Амди Бајрам |
| 4. | Стојан Миланов |
| 5. | Фатмир Имеровски |
| 6. | Ејуп Рустеми |
| 7. | Газменд Алији |
| 8. | |
| 9. | |
| 10. | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Благоја Деспотоски |
| 2. | Лилјана Поповска |
| 3. | Слаѓана Митовска |
| 4. | Драган Данев |
| 5. | Ристо Манчев |
| 6. | Муса Ибраими |
| 7. | Мерал Узеири Ферати |
| 8. | Љубица Буралиева |
| 9. | |
| 10. | |

Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Македонија во период од **10 мај 2014 до 31 декември 2014 година**, има одржано 18 седници со 1 продолжение на седници на кои се разгледани вкупно 52 точки на дневен ред од кои 52 точки како матично работно тело:

-22 предлози на закони во прво читање,
-18 предлози на закони во второ читање,
-4 предлог на закони во скратена постапка,
-2 предлог одлуки,
-5 годишни извештаи и програми и
-1 презентација.

Комисијата разгледа вкупно 78 амандмани од кои усвоени беа: 59 амандмани, еден амандман усвоен со видоизменет текст, неусвоени 11 амандмани и 7 амандмани повлечени.

Комисијата за транспорт, врски и екологија предложи 3 амандмани и истите ги усвои.

Комисијата во периодот од 10 мај 2014 година до 31 декември 2014 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Комисијата ги разгледа следните точки на дневен ред:

-Презентација на согледувањата за исполнување на целите на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на предложените кандидати за членови на советот на агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2013 година,

-Годишен извештај за резултатите од работењето на ЈРП Македонска радио телевизија за 2013 година,

-Извештај за работата на Советот за радиодифузија на Република Македонија за 2013 година,

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации за 2013 година,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти - II читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење - II читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај - II читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување Законот за железничкиот систем - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај - II читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување Законот за железничкиот систем - II читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка,

-Годишен Извештај за реализација на програмата за работа на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија за 2013 година,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење - I читање,

-Статут на Агенцијата за електронски комуникации (Прва фаза),

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење - II читање,

-Статут на Агенцијата за електронски комуникации (втора фаза),

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта - II читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај - II читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај - II читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба - II читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем - II читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите - II читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија - II читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за поштенски услуги - I читање,

-Предлог на закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, по скратена постапка,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги - II читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за домување - I читање,

-Предлог на закон за просторно и урбанистичко планирање - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, по скратена постапка,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти - II читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за домување - II читање,

-Предлог на закон за просторно и урбанистичко планирање - II читање,

-Предлог на закон за градежно земјиште - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај - I читање,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води - I читање и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух - I читање.

Комисијата разгледаните закони во прво читање согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија ги разгледува и во второ читање.

По одделни предлози на закони на кои што имаше поднесени амандмани од овластените предлагачи, Комисијата ги разгледуваше и по истите заземаше свои ставови.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 18 |
| Вкупно разгледани точки | | 52 |
| **Поднесени амандмани** | | **3** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 26 |
| Закони | 1 читање | 22 |
| | 2 читање | 18 |
| | скратена и итна | 4 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | 2 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 6 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за образование, наука и спорт

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование,
-правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието,
-системот и организацијата на научно-истражувачката дејност,
-создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво,
-информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура,
-организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката,
-образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард,
-поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите,
-едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА,
-развој и унапредување на физичката култура,
-развојот на врвниот спорт,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот и
-други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ОЛГА НАЈДЕНОВСКА,** претседател |
| | **МАРИЈА АНГЕЛОВА,** заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Светлана Карапетрова |
| 2. | Димитар Стеванаџија |
| 3. | Благица Ласовска |
| 4. | Весна Дамчевска Илиевска |
| 5. | Драган Данев |
| 6. | Ејуп Рустеми |
| 7. | Рамиз Мерко |
| 8. | Орхан Ибраими |
| 9. | Чедомир Саздовски |
| 10. | Солза Грчева |
| 11. | |
| 12. | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Светлана Јакимовска |
| 2. | Авдија Пепиќ |
| 3. | Сузана Секуловска |
| 4. | Трајчо Димков |
| 5. | Слаѓана Митовска |
| 6. | Џеват Адеми |
| 7. | Ермира Мехмети |
| 8. | Газменд Алији |
| 9. | Роза Топузовска Каревска |
| 10. | |
| 11. | |
| 12. | |

** Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, ("Службен весник на РМ" број 95/14, од 10 јули 2014 година) на местото на Владимир Ѓорчев за заменик претседател на Комисијата е избрана Марија Ангелова, на местото на Рафис Алити за член е избран Рамиз Мерко, на местото на Илија Димовски за заменик член е избрана Светлана Јакимовска, а на местото на Александар Николовски за заменик член е избран Авдија Пепиќ)*

** Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, ("Службен весник на РМ" број 114/14,од 23 јули 2014 година) за член на Комисијата е избрана Солза Грчева а за заменик член на Комисијата е избрана Роза Топузова Каревска.*

*Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија во периодот од 5 март до 31 декември 2014 година одржа 13 седници, на чиј дневен ред беа 25 точки, од кои 17 предлози на закони предложени од Владата на Република Македонија.*

**Законодавна дејност**

Во деловнички утврдената процедура за донесување на закони, во 2014 година Комисијата расправаше по седумнаесет (17) предлог закони и две (2) статутарни одлуки.

Според постапката за донесување закон, единаесет (11) предлози на закони Комисијата ги разгледа во редовна постапка, а шест (6) законски предлози во скратена постапка.

Во второто читање на предлог законите, Комисијата дебатираше по 13 амандмани предложени од овластени предлагачи. Од нив е усвоен еден (1) амандман, не се усвоени девет (9) амандмани, а еден (1) амандман е усвоен во видоизменета содржина. Комисијата беше предлагач на еден (1) амандман, и еден (1) комисиски амандам кој беше повлечен.

На дневен ред на седниците на Комисијата беа измените и дополнувањата на законите за: основното, средното и високото образование, образование на возрасните и за спортот како и разгледување на извештајот на Законодавноправната комисија по Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование.

Комисијата во прво читање го разгледа пакетот од закони со кои се врши реформи во образовните сфери во сите степени од образовниот процес.

Комисијата го разгледа и Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2014 година (Поглавје 25 - наука и истражување и Поглавје 26 - Образование и култура)

Согласно со утврдената надлежност, Комисијата расправаше и за Статутарната одлука за изменување на Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и за Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 13 |
| Вкупно разгледани точки | | 25 |
| **Поднесени амандмани** | | **2** |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 17 |
| Закони | 1 читање | 11 |
| | 2 читање | 4 |
| | скратена и итна | 6 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | 2 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 2 |
| уставни измени | | - |
| прашања и предлози | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | - |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за култура

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-организацијата, развојот и унапредувањето на културата,
-заштита на природното и културното наследство во Република Македонија,
-збогатување на историското и уметничкото творештво,
-афирмирање и заштита на врвни културни вредности,
-афирмација и заштита на авторството и авторското право,
-дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство,
-издавачка дејност и библиотекарство,
-споменично одбележување и заштита на споменициите на културата,
-употреба и заштита на македонскиот јазик,
-информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците,
-определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности,
-начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности,
-активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на културата и
-други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **СИЛВАНА БОНЕВА,** претседател | |
| | **АНЕ ЛАШКОСКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Момчило Аврамоски | |
| 2. | Магдалена Манаскова | |
| 3. | Сузана Секуловска | |
| 4. | Весна Дамчевска Илиевска | |
| 5. | Хазби Лика | |
| 6. | Зулфи Адили | |
| 7. | Орхан Ибраими | |
| 8. | Роза Топузовска Каревска | |
| 9. | Љубица Буралиева | |
| 10. | | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Лилјана Затуроска | |
| 2. | Славе Гошев | |
| 3. | Ристо Манчев | |
| 4. | Нола Исмајлоска | |
| 5. | Рафиз Аљити | |
| 6. | Мирван Џемаиљи | |
| 7. | Мерал Узеири Ферати | |
| 8. | | |
| 9. | | |
| 10. | | |

Комисијата за култура е постојано работно тело основано врз основа на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, донесена на 7 септември 2006 година ("Службен весник на РМ" бр. 85/14, 114/14 и 142/14).

Во периодот од 5 март 2014 до 31 декември 2014, Комисијата за култура одржа 9 комисиски седници на кои беа разгледани вкупно 13 точки од дневниот ред. Од тие точки беа разгледани 3 предлози на закони. Комисијата разгледа 17 амандмани, од кои 17 беа усвоени (1 амандман предложен од Комисијата) и 3 амандмани беа повлечени.

На дневен ред на седниците на Комисијата разгледани се :

-Активности за подготовка на Предлог-програмата за одбележување на јубилејни

годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2015 година;

-Предлог на закон за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење - I читање;

-Предлог на закон за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење - II читање;

-Предлог на буџет на Република Македонија за 2015 година;

-Формирање на работна група за подготовка на Предлог на програмата за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2015 година;

-Извештај на Европската комисија за остварениот напредок на Република Македонија за 2014 година;

-Предлог на закон за издавачката дејност - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство - I читање;

-Предлог на програма за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2015 година;

-Јавна расправа на тема: "Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство";

-Јавна расправа на тема: "Предлог на закон за издавачката дејност";

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство - II читање и

- Предлог на закон за издавачката дејност - II читање.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 9 |
| Вкупно разгледани точки | | 13 |
| **Поднесени амандмани** | | **1** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 3 |
| Закони | 1 читање | 3 |
| | 2 читање | 3 |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **2** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за здравство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-здравствената заштита на населението,
-здравственото осигурување,
-заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи,
-заштита од болестите на зависност и од СИДА,
-хигиенско-епидемиолошката состојба,
-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги,
-санитарниот и здравствениот надзор,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на здравството и
-други прашања што се однесуваат на здравството.

Комисијата за здравство како постојано работно тело на Собранието на Република Македонија е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/2014, 114/2014 и 142/2014 година).

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | , претседател | |
| | заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Зоран Ѓорѓиевски | |
| 2. | Момчило Аврамовски | |
| 3. | Весна Пемова | |
| 4. | Сашо Василевски | |
| 5. | Александар Стојковски | |
| 6. | Јамин Синани | |
| 7. | Мирсада Емини Хасани | |
| 8. | Мерал Узеири Ферати | |
| 9. | | |
| 10. | | |
| **ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Соња Талевска | |
| 2. | Драган Цуклев | |
| 3. | Амди Бајрам | |
| 4. | Андон Чибишев | |
| 5. | Благородна Бојаџиева | |
| 6. | Артан Груби | |
| 7. | Шпреса Хадри | |
| 8. | Газменд Алији | |
| 9. | Љубица Буралиева | |
| 10. | | |

Согласно деловничките одредби Комисијата за здравство својата активност ја остварува преку одржување на седници.

За овој период Комисијата одржа 9 седници, со вкупно разгледани 26 точки. Комисијата има дебатирано за 20 амандмани, предложени од овластени предлагачи. Од нив усвоени се 10 амандмани, 7 не се усвоени, а 3 амандмани се комисиски.

Беа разгледани следните предлози на закони:

-Предлог на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за здравственото осигурување;
-Предлог на закон за изменување на Законот за здравствената заштита;
-Предлог на закон за изменување на Законот за санитарната и здравствената инспекција;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување;
-Предлог на закон за изменување на Законот за јавно здравје;
-Предлог на закон за изменување на Законот за прекинување на бременоста;
-Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност во снабдувањето со крв;
-Предлог на закон за изменување на Законот за медицинските срудии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести и
-Предлог на закон за изменување на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување.

Комисијата за здравство има особено конструктивни расправи кога се разгледуваат законите од здравствената дејност. На седниците во континуитет се покануваат и присуствуваат претставници од Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија и Лекарската комора на Република Македонија,

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 9 |
| Вкупно разгледани точки | | 26 |
| **Поднесени амандмани** | | **12** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 26 |
| Закони | 1 читање | 11 |
| | 2 читање | 10 |
| | скратена и итна | 5 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за труд и социјална политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-работните односи и за заштитата на работниците на работа,
- правото на штрајк,
-вработување и права во случај на невработеност,
-заштита на жената на работа и заштита на мајчинството,
-платите и животниот стандард,
-социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните,
-системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата,
-популационата политика, бракот и семејството,
-системот на пензиското и инвалидското осигурување,
-боречко-инвалидската заштита и заштитата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност,
- воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на трудот и социјалната политика и
-други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

Комисијата за труд и социјална политика е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 85/2014, 114/2014 и 142/2014) со која се определени надлежностите на комисиите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | ,<br>претседател | |
| | ,<br>заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Благоја Деспотоски | |
| 2. | Слаѓана Митовска | |
| 3. | Соња Талевска | |
| 4. | Александар Стојкоски | |
| 5. | Благородна Бојаџиева | |
| 6. | Марија Ангелова | |
| 7. | Селвије Салиу | |
| 8. | Мирсада Емини Хасани | |
| 9. | Газменд Алији | |
| 10. | | |
| 11. | | |
| 12. | | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Драган Цуклев | |
| 2. | Весна Пемова | |
| 3. | Сузана Секуловска | |
| 4. | Весна Дамчевска Илиевска | |
| 5. | Благица Ласовска | |
| 6. | Алим Билали | |
| 7. | Ејуп Рустеми | |
| 8. | Зулфи Адили | |
| 9. | Орхан Ибраими | |
| 10. | Солза Грчева | |
| 11. | | |
| 12. | | |

Во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година, Комисијата за труд и социјална политика одржа деветнаесет седници. На седниците беа разгледани вкупно 26 точки на дневниот ред.

Поради специфичноста на своите надлежности, Комисијата се одлучи за транспарентно работење, со присуство на граѓанскиот сектор на седниците на Комисијата, преставници на меѓународните институции, Народниот правобранител, претставници на синдикати од областа на труд и социјалната политика, јавни установи, невладини органицации кои дејствуваат во оваа област, покрај преставниците на извршната власт во зависност од точките на дневниот ред. Овој начин на работа придонесе поефикасно остварување на

правата на граѓаните, нивна заштита и подобрување, бидејќи со таквата координација меѓу субјектите, се зацврстува соработката на тие кои одлучуваат, мониторираат и јавно информираат.

Во рамките на своите надлежности Комисијата ги разгледа следниве закони :

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни деца и педофилија,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот семејство,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност,
-Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2013 година,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита,
-Предлог на закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија,
-Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита на децата,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа,
-Предлог на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Македонија и
- Предлог на закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 19 |
| Вкупно разгледани точки | | 26 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 18 |
| Закони | 1 читање | 8 |
| | 2 читање | 7 |
| | скратена и итна | 10 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| ратификации | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за локална самоуправа

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-локалната самоуправа,
-територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија,
-следење на развојот и мерките за унапредување на локалната самоуправа,
-следење на состојбата на територијалната организација и на стандардите за големина, населението и потребите на локалната самоуправа,
-следење на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување на порамномерен регионален развој,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа и
-следење на остварувањето и користењето на средствата наменети за рамномерен регионален развој

Комисијата за локална самоуправа е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, основано со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.85/2014), со која се определени надлежностите на Комисијата.

Согласно со Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија Македонија ("Службен весник на Република Македонија број 114/14) Комисијата може да воспоставува меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЏЕВАТ АДЕМИ,** претседател | |
| | **ХАЗБИ ЛИКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Димитар Стевананџија | |
| 2. | Зоран Илиоски | |
| 3. | Зоран Ѓорѓиевски | |
| 4. | Слаѓана Митовска | |
| 5. | Ристо Манчев | |
| 6. | Ѓоко Камчев | |
| 7. | Рамис Мерко | |
| 8. | Беким Фазлиу | |
| 9. | Љубица Буралиева | |
| 10. | | |
| 11. | | |
| 12. | | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Благоја Деспотоски | |
| 2. | Никола Мицевски | |
| 3. | Марјанчо Колевски | |
| 4. | Александар Стојковски | |
| 5. | Нола Исмајлоска | |
| 6. | Алим Билали | |
| 7. | Јамин Синани | |
| 8. | Газменд Алији | |
| 9. | Чедомир Саздовски | |
| 10. | | |
| 11. | | |
| 12. | | |

**Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија број 95/14"), од 10 јули 2014 година на местото на Трајчо Димков за заменик член е избран Алим Билали.*

**Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија број 114/14), од 23 јули година за член на Комисијата е избрана Лубица Буралиева.*

Комисијата за локална самоуправа на Собранието на Република Македонија во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година има одржано 2 седници.

На Првата седница одржана на 15.09.2014 како матично работно тело во Прво читање беа разгледани:

- Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа и
- Предлог на стратегијата за изменување и дополнување на Стратегијата за регионален развој на Република 2009- 2019.

На Втората седница одржана на 23.09.2014 година како матично работно тело беа разгледани амандмани поднесени од страна на пратениците по Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа.

Вкупно беа 5 амандмани, од нив се усвоени 3 амандмани и 2 амандмани се повлечени.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 3 |
| **Поднесени амандмани** | | **1** |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| ратификации | | - |
| иницијативи, стратегии | | 1 |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив,

-разгледување на Предлогот на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите,

-следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите,

-поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите,

-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите,

-соработка со соодветните комисии на другите земји и

-други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА,** претседател | |
| | **ЛИЛЈАНА КУЗМАНОВСКА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Даниела Рангелова | |
| 2. | Сузана Секуловска | |
| 3. | Крсто Мукоски | |
| 4. | Алим Билали | |
| 5. | Вјолца Мехмети Нуредини | |
| 6. | Шпреса Хадри | |
| 7. | Мерал Узеири Ферати | |
| 8. | | |
| 9. | | |
| 10. | | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Силвана Бонева | |
| 2. | Олга Најденовска | |
| 3. | Благица Ласовска | |
| 4. | Марија Ангелова | |
| 5. | Селвије Салиу | |
| 6. | Каљтрина Азизи | |
| 7. | Газменд Алији | |
| 8. | Роза Топузовска Каревска | |
| 9. | | |
| 10. | | |

*Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија во периодот од 5 март до 31 декември 2014 година, работеше на редовни седници, јавни расправи и други активности.*

Во текот на 2014 година, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ги одржа следниве седници: Седницата со точка на дневен ред: Предлог извештај за напредокот и предизвиците во имплементацијата на Пекиншката декларација и Платформа за акција и резултатите од 23-та специјална сесија на Генералното Собрание (2000) беше одржана на 10 јули 2014 година. Предлог извештајот го образложија Мердита Салиу, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и Јована Базерковска, претставник на Un Women.

На 13 октомври 2014, Комисијата одржа седница со точка на дневен: Извештај на Европската комисија за остварениот напредок на Република Македонија за 2014 година, со посебен осврт на делот за родова рамноправност.

На 22 октомври 2014 година, Комисијата одржа седница на тема: Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите - I читање.

На седницата одржана на 5 ноември 2014 година, Комисијата го проследи Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите - II читање на понатамошна постапка во Собранието на Република Македонија.

Комисијата одржа четири јавни расправи:

Во соработка со Министерството за труд и социјална политика на РМ на 14 јули 2014 година одржа јавна расправа на тема:
Изготвување на нацрт на Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.
Од расправата произлегоа следниве заклучоци:

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите го поддржа н***ацртот на*** законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство со сите предложени забелешки.

Исто така Комисијата за еднакви можности на жените и мажите предложи јавна расправа со претставниците од Академијата за судии и јавни обвинетели.

На 28 август 2014 година Комисијата во соработка со Министерството за труд и социјална политика одржа јавна расправа на тема:

Предлог на закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство - I читање;

На јавната расправа беа презентирани од страна на модераторите забелешките од двете претходни јавни расправи организирани од самото Министерство.

Заклучок: По расправата, Комисијата со сите забелешки го проследи предлог-законот на натамошна постапка во Собранието.

КЕМ на 22 октомври 2014 година одржа јавна расправа на тема:

Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост за 2013 година.
По расправата беа донесени следните заклучоци:

1.Комисијата за еднакви можности на жените и мажите го прифаќа Годишниот извештај за имлементација на Стратегијата за родова еднаквост за 2013 година со сугестија Владата да го дополни со извештајот од Министерството за образование и наука кој е изработен и недостига во текстот;

2.Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ги дава следниве забелешки и сугестии во однос на

имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост:

-Да се смени форматот на Извештајот кој ќе го следи Акцискиот план со секторските приоритети, со мерки, индикатори, средства, резултати и идни чекори во согласност со измените и дополнувањата на Законот за еднакви можности на жените и мажите;

-Да се обезбеди усогласување на оперативните планови со Акцискиот план од Стратегијата, како и на системот за прибирање на податоци со индикаторите што ги користи Владата во стратешките документи;

-Препорачуваме Министерството за здравство да работи на зголемување на одзивот на жените за скрининг на малигните заболувања преку кампањи во кои КЕМ е спремна да се вклучи, а истовремено бараме Министерството за здравство да ги анализира можностите за воведување на задолжителен пап тест со обезбеден пристап за сите жени;

-КЕМ сугерира да се вклучат родовите студии поинтензивно во високото образование;

-Да продолжи борбата на целото општество со стереотипите и предрасудите;

-Да продолжат активностите за понатамошно зголемување на учеството на жените во политиката;

-Да се зголемат средствата наменети за економско јакнење на жените и спроведување на информативна кампања за поголем пристап на жените до тие фондови.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Un Women на 1 декември 2014 година одржа јавна расправа на тема:

Акцискиот план за спроведување на препораките од Комитетот за правата на жените(КПЖ) во однос на спроведувањето на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените

Јавната расправа се одржа во рамките на глобалниот повик за активизам на Обединетите нации "Направи го твоето соседство портокалово" кое годинава се одржува преку повикот "Да ставиме крај на насилството врз жените и девојчињата - сега."

Беше донесен следниот заклучок:

1. КЕМ ги поздравува сите активности кои досега ги презедоа институциите на национално и локално ново, како и претставниците на експертската јавност и НВО-секторот, а кои водат кон подобрување на статусот на жените во Македонија.

2. КЕМ смета дека акцискиот план е добра основа за подобрување на статусот на жените во Република Македонија.

3. КЕМ препорачува во акцискиот план да се вклучат и следниве активности:

**Во областа "Насилство врз жените"**

- Зголемување на мрежата на социјални работници, психолози и други стручни лица во социјалните и образовните институции на национално и локално ниво.

- Зголемување на бројот на прифатилишта, советувалишта и  други центри поврзани со борбата со семејно насилство.

**Во областа "Еднакви можности и антидискриминација"**

- Зајакнување на едукацијата за потребата од родова еднаквост на сите нивоа, почнувајќи од градинките, преку сите степени на образование, завршувајќи со високото и родовите студии.

- Зајакнување на родовата статистика.

**Во областа "Медиуми"**

- Медиумска кампања против дискриминација, стереотипи и предрасуди, со вклучување на јавни личности од двата пола.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 8 |
| Вкупно разгледани точки | | 8 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 3 |
| Закони | 1 читање | 2 |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| иницијативи, стратегии | | 1 |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **4** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања,
-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела,
-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието,
-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот,
-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај,
-имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се од деловнички карактер и кои се однесуваат на мандатно-имунитетните прашања и
-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ,** претседател | |
| | **АНДОН ЧИБИШЕВ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Иван Стоиљковиќ | |
| 2. | Магдалена Манаскова | |
| 3. | Алим Билали | |
| 4. | Јасминка Дамчевска | |
| 5. | Артан Груби | |
| 6. | Беким Фазлиу | |
| 7. | | |
| 8. | | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Владимир Ѓорчев | |
| 2. | Љупчо Димовски | |
| 3. | Весна Дамчевска Илиевска | |
| 4. | Драган Данев | |
| 5. | Џеват Адеми | |
| 6. | Орхан Ибраими | |
| 7. | | |
| 8. | | |

Комисијата во овој период има одржано три седници.

Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието и Одлуката за основање на работни тела, ги разгледува извештаите на Државната изборна комисија за пратеници избрани од листа на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот. Согласно оваа надлежност Комисијата ги разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно член 153 од Изборниот законик, број 10-2668/21 од 23 јуни 2014 година, Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија, согласно член 153 од Изборниот законик, број 10-2668/27 од 24 јуни 2014 година, и Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија,

согласно член 153 од Изборниот законик, број 10-2680/5 од 24 јуни 2014, и Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија, согласно член 153 од Изборниот законик, број 10-2735/6 од 4 јули 2014 и за тоа на Собранието му поднесе извештај со предлог за верификација на мандатите.

Исто така Комисијата согласно своите надлежности, односно согласно член 59 став 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија го разгледа

Извештајот за редовност на пратениците на седниците на Собранието на Република Македонија во периодот од 10 мај до 10 ноември 2014 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 5 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 5 |
| Прашања, предлози | | - |

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Буџет, ребаланс | Закони постапка | | | Поднесени амандмани | ратификации | други акти | јавни расправи | надзорни расправи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 читање | 2 читање | скратена, итна | | | | | |
| уставни прашања | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | 2 | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 41 | 308 | 2 | 109 | 95 | 59 | **6** | 12 | 31 | - | - |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 16 | 45 | - | 12 | 12 | 8 | **3** | - | 11 | **2** | - |
| одбрана и безбедност | 6 | 7 | - | 1 | 1 | 2 | **1** | - | 3 | - | - |
| надворешна политика | 11 | 33 | - | - | - | - | - | 12 | 20 | **1** | |
| европски прашања | 7 | 11 | - | 6 | - | - | - | - | 4 | **1** | |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - |
| финансирање и буџет | 30 | 79 | 3 | 27 | 24 | 17 | **1** | - | 8 | - | - |
| економски прашања | 13 | 27 | - | 9 | 9 | 4 | **7** | - | 5 | - | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 12 | 16 | - | 6 | 5 | 4 | **10** | - | 1 | - | - |
| транспорт, врски и екологоја | 18 | 52 | - | 22 | 18 | 4 | **3** | - | 8 | - | - |
| образование, наука и спорт | 13 | 25 | - | 11 | 4 | 6 | **2** | - | 4 | - | - |
| култура | 9 | 13 | 1 | 3 | 3 | - | **1** | - | 4 | **2** | - |
| здравство | 9 | 26 | - | 11 | 10 | 5 | **12** | - | - | - | - |
| труд и социјална политика | 19 | 26 | - | 8 | 7 | 10 | - | - | 1 | - | - |
| еднакви можности на жените и мажите | 8 | 8 | - | 2 | 1 | - | - | - | 5 | **4** | - |
| прашања на изборите и именувањата | 12 | 51 | - | - | - | - | - | - | 51 | - | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 3 | 5 | - | - | - | - | - | - | 5 | - | - |
| локална самоуправа | 2 | 3 | - | 1 | 1 | - | **1** | - | 1 | - | - |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и МО | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно:** | **232** | **738** | **6** | **228** | **190** | **119** | **47** | **24** | **165** | **10** | **-** |

# 4.2 ПОСЕБНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.2.1. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, утврдено со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, утврдено со Уставот и закон;

разгледува прашања во врска со односите меѓу заедниците во Република Македонија, дава предлози и мислења за решавање на прашањата во врска со односите меѓу заедниците во Република Македонија и предлозите и мислењата ги доставува до Собранието и

-Комитетот донесува одлука за начинот на одлучување во Собранието при донесување на закони во случај на спор во врска со спроведувањето на постапката на гласање кои се однесуваат и особено ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЕЈУП РУСТЕМИ,** претседател | |
| | **БЛАГОЈА ДЕСПОТОСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Антонио Милошоски | |
| 2. | Зоран Ѓорѓиевски | |
| 3. | Нола Исмајлоска | |
| 4. | Сашо Акимовски | |
| 5. | | |
| 6. | | |
| 7. | Ермира Мехмети | |
| 8. | Џеват Адеми | |
| 9. | Рафис Аљити | |
| 10. | Талат Џафери | |
| 11. | Беким Фазлиу | |
| 12. | Орхан Ибраими | |
| 13. | Кенан Хасипи | |
| 14. | Мите Костов | |
| 15. | Амди Бајрам | |
| 16. | Иван Стоиљковиќ | |
| 17. | Авдија Пепиќ | |

**Активности**

Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на Извештајниот период одржа две седници:

**Првата седница на Комитетот** за односи меѓу заедниците се одржа на 21 јули 2014 година со дневен ред:

- Избор на претседател и заменик на претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Трајко Вељаноски.

За претседател на Комитетот за односи меѓу заедниците е избран членот на Комитетот г. Ејуп Рустеми, а за заменик на

претседателот на Комитетот е избран членот на Комитетот г. Благоја Деспотоски.

Претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците г. Ејуп Рустеми се заблагодари на укажаната доверба и изрази надеж дека сите заедно ќе придонесат Комитетот успешно да ги остварува задачите за кои е основан. Воедно изрази надеж дека врз основа на Амандман 12 од Уставот на Република Македонија, а во врска со членот 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, Народниот правобранител наскоро ќе достави предлог за членот на Комитетот припадник на Влашката заедница.

**Втората седница на Комитетот за односи меѓу заедниците** се одржа на 20 ноември 2014 година со дневен ред:
- Утврдување на агенда на активности на Комитетот за односи меѓу заедниците за 2015 година

Народниот правобранител достави предлог за член на Комитетот припадник на Влашката заедница. На оваа седница за прв пат присуствуваше новиот член на Комитетот од редот на заедницата на Власите, г. Мите Костов. Присутните членови на Комитетот и заинтересирани пратеници активно учествуваа на седницата со предлози, мислења, сугестии и идеи за одделни теми кои Комитетот би ги разгледувал во текот на 2015 година. Комитетот заклучи дека Програмата за работа нема да биде затворен и конечен акт на комитетот туку тој ќе се дополнува постојано со нови предлози.

**Работни средби**

Претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците, г. Ејуп Рустеми, во текот на Извештајниот период одржа две работни средби со:

-Високи претставници на американската амбасада, одржана на 22 јули 2014 година, на нивно барање и

-Средба со претставници на Институтот за истражување на политики и добро владеење - Скопје, во соработка со ЕЦМИ (Европскиот центар за малцински прашања) со седиште во Приштина, одржана на 22 октомври 2014 година, на нивно барање.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| одлуки | | 1 |
| Други акти | | 1 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# 4.3 СОВЕТИ

## 4.3.1 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

**НАДЛЕЖНОСТИ**

-ги разгледува и усвојува реализацијата на програмата, финансиското и инвестиционото работење во тековната година,
-предлага и усвојува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и
-обезбедува емитување на активностите на Собранието на Република Македонија преку програмискиот сервис - Собранискиот канал.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | , - претседател | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Илија Димовски | |
| 2. | Драган Данев | |
| 3. | Славе Гошев | |
| 4. | Авдија Пепиќ | |
| 5. | Артан Груби | |
| 6. | Ејуп Рустеми | |
| 7. | Мерал Узеири Ферати | |
| 8. | | |
| 9. | | |
| 10. | | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Лилјана Затуроска | |
| 2. | Александар Николоски | |
| 3. | Благородна Бојаџиева | |
| 4. | Јасминка Дамчевска | |
| 5. | Рафис Аљити | |
| 6. | Реџаиљ Исмаили | |
| 7. | Газменд Алији | |
| 8. | | |
| 9. | | |
| 10. | | |

Ингеренциите на Советот на Собранискиот канал се содржани во Законот за Собранието на Република Македонија објавен во Службен весник на РМ бр. 104 од 20 август 2009.

Собранието има програмска одговорност за емитување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието.

Собранискиот канал ги информира и образува граѓаните за политичкиот живот, преку парламентарни, образовни и граѓански програми.

Собранискиот канал емитува програми од интерес за социјалната кохезија, меѓуетничкиот соживот, културните разлики и борбата против сите видови дискриминација и нуди програми кои ја одразуваат разноликоста на македонското општество.

Собранискиот канал се грижи за обезбедување на политичката рамноправност и соодветна јазична застапеност во емитуваните програми.

Собранието обезбедува услови за пренос на дигитален ТВ сигнал до крајните корисници (гледачи).

Собранието основа Совет на Собранискиот канал кој го сочинуваат 11 члена од кои шест пратеници од парламентарното мнозинство и четири пратеници од парламентарната опозиција.

На предлог на претседателот на Собранието потпретседателот на Собранието од редот на опозицијата е претседател на Советот на Собранискиот канал.

Членовите на Советот на Собранискиот канал имаат свои заменици предложени и избрани по истиот критериум како и членовите.

Во работата на Советот на Собранискиот канал учествуваат и претставници на ЈП Македонска радио-телевизија, а по потреба и надворешни членови - експерти од оваа област, без право на глас

Советот на Собранискиот канал се состанува најмалку на три месеца.

Членовите на Советот на Собранискиот канал ги избира Собранието.

Советот на Собранискиот канал разгледува прашања од функционирањето на Собранискиот канал, а особено:

-донесува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и

-обезбедува емитување на активностите на Собранието преку програмскиот сервис - Собранискиот канал.

Трошоците за создавање на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието се обезбедуваат од Собранието.

Согласно член 45 став 3 од Законот за Собрание, Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал од 2006 година со сите нејзини измени престанува да важи.

**Советот на Собранискиот канал на Собранието на Република Македонија во период од 10 мај до 31 декември 2014 година немаше активности.**

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,
-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,
-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Македонија,
-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;
-донесува деловник за својата работа, и
-врши и други работи утврдени со закон.

Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на седницата на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" бр. 77/2008 година). Оваа одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ бр.104/2009).

Буџетскиот совет има претседател, заменик претседател и 9 членови од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија. Претседател на Буџетскиот совет е еден од потпретседателите на Собранието, а заменик претседател е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет.

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување, присуствуваат генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и раководителот на Секторот на финансиски и економски прашања на Службата на Собранието, или лице од Секторот кое тој ќе го определи.

Буџетскиот совет во постапката за изготвување на Буџетот на Република Македонија врши постојани консултации и усогласувања со Министерството за финансии и со Владата на Република Македонија, во врска со финансиската проекција на потребни средства на Собранието и се грижи за финансиските потреби на Собранието.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 10 јули 2014 година донесе Одлука со која го утврди составот на Буџетскиот совет. Одлуката е објавена во "Службен весник на Република Македонија" број 104/2014 година.

Со оваа Одлука е утврдено дека :

Претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е Рафис Аљити, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Членови на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија се пратениците:

1) Илија Димовски,
2) Зоран Илиоски,
3) Светлана Јакимоска,
4) Ане Лашкоска,
5) Фатмир Имероски,
6) Рамис Мерко,
7) Газменд Алији,
8)
9)

Во извештајниот период Буџетскиот совет одржа две седници на кои беа разгледани четири точки.

На **Првата седница** одржана на 30 јули 2014 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа и утврди **Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2015-2017 година.** Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2015 - 2017 година е подготвен согласно Законот за буџетите и во истиот се утврдени целите и приоритетите на Собранието на Република Македонија во следните три години. Утврдените стратешки приоритети имаат за цел зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на Собранието како услов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на неговите надлежности. Стратешкиот план претставува група на активности која го дава правецот за остварување на посакуваните резултати. Во оваа фаза, всушност се дефинираат и планираат мерките и активностите кои треба да се преземат за да се остварат приоритетите, целите, програмите и потпрограмите, односно планираните проекти. Во Стратешкиот план се нотирани целите и приоритетите кои треба да се реализираат во периодот 2015 - 2017 година. Истовремено, се дадени и конкретни показатели за финансиските импликации кои произлегуваат од реализацијата на поставените цели и временски рамки за нивна имплементација. Зајакнувањето на законодавната и надзорната функција, зајакнување на финансиската самостојност, остварување и унапредување на меѓународната соработка, транспарентност во работењето, унапредување на ИКТ технолошката платформа и зајакнување и унапредување на човечките ресурси се нотирани како приоритетни цели на Собранието на Република Македонија во периодот од 2015 до 2017 година. Посебен акцент во Стратешкиот план е ставен на контролно - надзорната функција на Собранието, особено преку одржување на надзорни расправи како инструмент за добивање информации и стручни мислења за спроведувањето на политиките, извршувањето на Законите и за другите активности на Владата и на органите на државната управа. Предвидени како обврска со Законот за Собранието, надзорните расправи треба да придонесат кон зајакнување на контролната улога на Собранието на Владата. Парламентарниот институт, како посебна организациона единица треба да придонесе за зајакнување на законодавниот и надзорен аналитичко-истражувачки капацитет на Собранието. Во натамошниот период потребни се дополнителни вложувања за негово техничко и кадровско екипирање, во функција на остварување на неговите надлежности односно обезбедување на стручни и непристрасни истражувања,

услуги за едукација и комуникација како и модерен систем на архивирање и библиотеката. Зајакнувањето на финансиската независност на Собранието преку улогата на Буџетскиот совет на Собранието, особено во поглед на менаџирањето со собранискиот буџет, придонесува за подобрување на ефикасноста во остварување на функциите на Собранието. За економично, ефикасно, ефективно и транспарентно користење на расположливите средства во Собранието треба да се спроведува системот на јавна внатрешна финансиска контрола кој го опфаќа финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија. Информатичко комуникациската технологија е една од најмоќните алатки за остварување на поголема транспарентност, отчетност во работењето и вклученост на граѓаните во законодавниот процес и претставува двигател за развој и унапредување на работата на Собранието. Преку постојаното надоградување и осовременување на информацискиот систем во согласност со најновите технолошки достигнувања и обезбедување на современа опрема, ќе може да се обезбеди соодветната информатичко-технолошка поддршка на работата и активностите на пратениците и стручната служба на Собранието. За остварување на надлежностите на Собранието и неговите работни тела потребна е квалитетна стручна и административна поддршка која треба да ја обезбеди Службата на Собранието. Во оваа насока потребно е искористување на кадровските потенцијали и човечки ресурси, но и нивно перманентно усовршување преку разни форми на следење и совладување на современите методи и практики кои ги користат парламентите на земјите со долгогодишна парламентарна традиција. Репрезентативната улога на Собранието во областа на мултилатералната и билатералната соработка, на внатрешен и меѓународен план, се здобива со посебно значење преку јакнењето на парламентарната дипломатија како алатка за остварување на стратешките меѓународни приоритети во целина, особено во доменот на европските и евроатлантските интеграции.

На истата седница Буџетскиот Совет го разгледа и утврди **Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2015 година.** Буџетскиот совет едногласно заклучи дека финансиските средства кои се планирани во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2015 година се во согласност со реалните потреби на Собранието, а со цел навремено, квалитетно и континуирано извршување на надлежностите на Собранието на Република Македонија. Истовремено беше заклучено дека финансиската проекција на средства во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2015 година е во функција на реализација на целите и приоритетите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2015-2017 година.

На оваа седница Буџетскиот совет го разгледа и расправаше по **Предлог заклучокот за утврдување на бројот на надворешни соработници по пратенички групи, согласно член 9 став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија број 104/2009").** Врз

основа на расправата Буџетскиот Совет едногласно го усвои следниот заклучок :

1.Согласно член 9 став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија, Буџетскиот совет го определи следниот број на надворешни соработници во пратеничките групи и тоа во :

- Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата 12 надворешни соработници;
- Пратеничката група на ДУИ 4 надворешни соработници и
- Пратеничката група на ДПА 1 надворешен соработник;

2.По основањето и активирањето на пратеничката група на СДСМ или други пратенички групи Буџетскиот совет дополнително ќе го определи бројот на надворешни соработници во овие пратенички групи, согласно принципот на секои пет пратеника следува еден надворешен соработник и

3.Овој заклучок да се достави до претседателот на Собранието на Република Македонија, генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и Секторот за финансиски прашања во Собранието на Република Македонија, а ќе почне да се применува од 1 август 2014 година.

На **Втората седница** одржана на 22 септември 2014 година Буџетскиот совет, го разгледа Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година - Раздел 02001 Собрание на Република Македонија. Врз основа на расправата Буџетскиот Совет едногласно ги усвои следните заклучоци:

1.Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година, Раздел 02001 Собрание на Република Македонија;

2.Буџетскиот совет констатира дека средствата кои се утврдени во Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година, во Разделот 02001 Собрание на Република Македонија отстапуваат од средствата кои се предложени во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2015 година, кое Буџетскиот совет го усвои и достави до Министерството за финансии;

3. Во функција на реализација на целите и приоритетите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2015-2017 година, Буџетскиот совет цени дека е потребно согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија да се поднесе амандман на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година со кој ќе се прераспределат финансиските средства по одделни Програми, Потпрограми и ставки во рамки на Разделот 02001 и

4.Овој заклучок да се достави до претседателот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија и до Министерството за финансии (Влада на Република Македонија).

За одржаните седници и разгледаните точки донесени се заклучоци и изготвени се записници.

## 4.3.3.НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции претставува широка платформа преку која се овозможува инклузивност на сите општествени фактори во креирањето и следењето на интеграцијата на Република Македонија во Европската унија. Националниот совет за евроинтеграции од неговото формирање и во својата досегашна работа ги прифати и ги промовира клучните европски постулати "обединети во разликите", отвореност и инклузивност.

Националниот совет за евроинтеграции во изминатиот период, без исклучок, работеше на отворени седници кои беа целосно пренесувани на Собранискиот канал.

Во извештајот за работата на Националниот совет за евроинтеграции е опфатен периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година, и во истиот се презентирани:

- правната рамка за основање, состав и работа на Советот,
- одржани седници на Националниот совет за евроинтеграции,
- присуство на членовите и претставниците на седниците на Националниот совет и нивно учество во дискусиите,
- активности на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.

### ПРАВНА РАМКА ЗА ОСНОВАЊЕ, СОСТАВ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции е формиран со Одлука за основање на Национален совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.140/2007) донесена на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 19 ноември 2007 година. Согласно оваа Одлука во надлежност на Советот е да:

-го следи и оценува текот на активностите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;

-дава мислења и насоки во врска со подготовките за започнување на преговорите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;

-дава мислења и насоки за преговарачките позиции на Република Македонија;

-разгледува информации за процесот на преговарањето;

-дава мислења за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговарањето;

-ги разгледува и оценува активностите на одделни членови вклучени во преговарачките тимови;

-одржува, преку претседателот на Советот постојани консултации и размена на информации со претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија;

-одржува постојани консултации со шефот на преговарачкиот тим и министерот за надворешни работи;

-по потреба дава мислења за усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија и

-најмалку два пати годишно го известува Собранието на Република Македонија за својата работа.

Заради обезбедување на континуитет во остварувањето на делегираните надлежности на Националниот совет за евроинтеграции и согласно усвоениот заклучокот од 18-та седница на Советот одржана на 26 ноември 2010 година, Собранието на Република Македонија на 2-та седница одржана на 06 јули 2011 година ја усвои Одлуката за изменување на Одлуката за основање Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија"бр.91/2011). Со оваа одлука во составот на Советот, за членовите од редот на пратениците во Собранието на Република Македонија се предвидени заменици-членови.

Составот на Националниот совет за евроинтеграции ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество кои се обединети во заедничката цел – членството на Република Македонија во Европската унија. Актуелниот состав на Советот е определен со Одлука за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.100/2014), Одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на РМ" бр.114/2014) и Одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на РМ" бр.165/2014).

Во работата на Националниот совет за евроинтеграции учествуваат претставници на законодавната и извршната власт, претставници на локалната власт, на граѓанското општество претставено преку членови и претставници на Македонската академија на науките и уметностите, Здружението на новинарите на Македонија, стопанските комори, синдикатите, верските заедници и Граѓанската платформа на Македонија. Согласно Одлуката за основање на НСЕИ, Претседателот на Советот се именува од редот на пратениците кои се во опозиција, а потпретседателот од редот на пратениците кои се во позиција. Во извештајниот период, поради неучеството во работата на Собранието, на најголемата политичка партија од редот на опозицијата, не беше именуван претседател на Советот. Седниците на НСЕИ ги закажуваше и ги водеше Потпретседателот на Советот.

Во Одлуката за основање на НСЕИ, во членот 3, утврден е составот на Советот: претседател и потпретседател, 15 члена и тоа: девет члена од редот на пратениците во Собранието, кои имаат свои заменици, и шест члена од други институции: заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, претставник од Кабинетот на претседателот на РМ, претставник од Кабинетот на претседателот на Владата на РМ, претставник од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа и од Здружението на новинарите. Овие шест членови учествуваат во работата на Советот без право на одлучување. Во периодот на подготвување на овој извештај,

во Советот оставено е празно место за претседател, еден член и два заменици-членови од редот на опозицијата.

Во извештајниот период, во работата на Советот учествува 9 номинирани претставници од: Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопанските комори на Македонија, Сојузот на синдикатите на Македонија, Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија, Граѓанската платформа на Македонија, Македонската православна црква, Исламската верска заедница, Евангелско-методистичката црква во Македонија и Еврејската заедница во РМ. Католичката црква и Конфедерацијата на слободни синдикати, сеште немаат номинирано свој претставник за учество во работата на Советот.

Начинот на работа на Советот, одлучувањето, правата и обврските на претседателот, потпретседателот, членовите на Советот, замениците членови и претставниците, нивното присуство и учество во работата на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот, се уредуваат со деловник. Во периодот опфатен со извештајот, Советот работеше според Деловникот донесен на седницата одржана на 25 октомври 2011 година. Согласно членот 7 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.

## ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во периодот опфатен со овој извештај, Националниот совет за евроинтеграции одржа три седници. Една седница беше одржана заедно со Комисијата за надворешна политика и со Комисијата за европски прашања. Можноста да се одржи заедничка седница е предвидена во членот 8 од Деловникот за работа на Националниот совет за евроинтеграции, а се однесува за прашања кои се од заеднички интерес од областа на евроинтеграциите.

Членовите и претставниците на Советот беа поканети и учествуваа на две седници[1] и една јавна расправа[2], во организација на Комисијата за европски прашања.

Во текот на 2014 година, Националниот совет за евроинтеграции расправаше по документи на Владата на Република Македонија (Секретаријатот за европски прашања), го разгледа и Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година.

***Првата седница*** на Националниот совет за евроинтеграции се одржа на 24 септември 2014 година, на која беа разгледани: Информација за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2014 за периодот од 01.01.2014-31.03.2014 година и Информација за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2014 за периодот од 01.04.2014-30.06.2014 година. Двата документи, пред членовите и претставниците

[1] одржана на 07.07.2014 година, на која беа презентирани Програмата и приоритетите на Италијанското претседателство со Советот на ЕУ, за периодот јули-декември 2014 година, и седница одржана на 21.07.2014, по повод Извештајот за реализираните активности од НПАА ревизија 2014 година, за периодот 01.01.2014-31.03.2014.

[2] на 17 и 18 ноември 2014, на тема "ИПА-2 (2014-2020) перспективи и можности за искористување".

на Советот ги презентираше д-р Фатмир Бесими, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, која ја истакна заложбата на Владата на Република Македонија за продолжување со евроатланските интеграци и во таа насока информираше за постигнатиот напредок во изминатиот период. Советот беше запознат со тековните активности кои институциите ги презвемале во насока на подготовка на планирањето на НПАА - ревизија 2015, како и за последните консултации со Европската комисија во врска со редовниот годишен Извештај за напредокот на Република Македонија за 2014 година.

***Втората седница*** на Националниот совет за евроинтеграции се одржа на 14 октомври 2014 година, и истата беше заедничка седница со Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања. Седницата беше посветена на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година. На седницата беа поканети и присуствуваа претседателот и членовите на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, Шефот на делегацијата на Европската унија во Република Македонија и претставници на амбасадите на земјите-членки на Европската унија во Република Македонија. Клучните наоди од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година, беа презентирани од страна на г. Фатмир Бесими, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања. На заедничката седница свое обраќање имаше Н.Е. Аиво Орав, шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија. Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, по повод расправата по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година, ги донесоа следниве

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. "Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања ја поздравуваат шестата препорака по ред на Европската комисија, за почеток на пристапните преговори за членство на Република Македонија во Европската унија.

Советот и двете комисии сметаат дека оценките и коментарите содржани во Извештајот на Европската комисија одразуваат состојби во Република Македонија и постигнати резултати во 2014 година во процесот на европската интеграција, превземените одлуки, имплементираните мерки и донесени закони.

2. Советот и двете комисии истакнуваат дека препораките и заклучоците на Европската комисија презентирани во Стратегијата за проширување и главните предизвици 2014-2015, кои се однесуваат на Република Македонија, претставуваат дополнителен силен поттик на процесот на интеграција во Европската унија, за континуитет на превземените реформи со цел воведување на европските стандарди во општеството.

3. Имајќи ја предвид стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија потврдена и со Меморандумот меѓу политичките партии на Република Македонија потпишан на 16 септември 2013 година, Советот и комисиите укажуваат на потребата за вклучување на политичките партии од опозицијата во работата на Собранието, континуирана

соработка и конструктивен и одржлив дијалог меѓу сите политички партии во рамките на институциите.

4. Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања ја поздравуваат посветеноста, континуираната поддршка и активниот ангажман на Европската комисија, во процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.

5. Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања ја истакнуваат потребата од одржување на моментумот во однос на идните предизвици од Охридскиот рамковен договор, кој останува значаен за развој на демократијата и владеење на правото во земјата.

Имплементацијата на Охридскиот рамковен договор и во иднина треба да послужи како алатка за унапредување на дијалогот меѓу заедниците.

6. Советот и комисиите констатираат дека донесувањето на одлуката да се отворат пристапните преговори ќе претставува придобивка за натамошно зајакнување и одржливост на реформите и за поттикнување на нови реформи во процесот на пристапување, за зајакнување на меѓуетничките односи како и за веродостојна европска перспектива на земјата.

Се потенцира дека евентуалното непостапување и по овогодишната препорака на Европската комисија наметнува потенцијални тешкотии и предизвици за Република Македонија и за Европската унија, истовремено се доведува во прашање и кредибилитетот на пристапниот процес.

Во оваа насока и согласно досегашните шест препораки на Европската комисија, се повикува Европскиот совет, конечно да донесе одлука за почеток на пристапните преговори со Република Македонија.

Се повикува Европскиот совет конечно да одобри преминување кон втората фаза на асоцијација од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји-членки од една страна и Република Македонија од друга страна.

7. Се укажува на потребата за продолжување на Пристапниот дијалог на високо ниво, при што со отварање на поглавјата се динамизираат активностите за имплементација на европските стандарди, јакнење на демократските институции и владеењето на правото.

8. Советот и двете комисии истакнуваат дека отворањето на пристапните преговори на Европската унија со Република Македонија ќе придонесе за унапредување на меѓусоседските односи, особено на грчко-македонските односи како и за поголемо взаемно почитување, соработка, доверба и партнерство.

Се поддржува ставот на повеќе земји-членки на Европската унија дека паралелниот тек на преговорите за членството на Република Македонија во ЕУ со текот на грчко-македонските разговори ќе ја создаде потребната динамика за суштински напредок по двете важни прашања.

Во насока на конечно постигнување на заедничко прифатливо решение во врска со разликите за името, се истакнува дека од суштинско значење е натамошно одржување на македонско-грчкиот дијалог, почитувањето на Привремената спогодба меѓу Република Македонија и Република Грција и пресудата на Меѓународниот суд на правдата во Хаг, од страна на Република Грција, интензивирање на политичката заложба на сите страни вклучени во процесот под покровителство на ОН и активно вклучување на меѓународната заедница.

9. Советот и комисиите ја поздравуваат употребата на придавката "македонски" во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година, што е во согласност со принципот на почитување на европските различности и во контекст на јазичните и културните особености во Република Македонија и согласно официјалната терминологија на Обединетите нации.

10. Советот и комисиите препорачуваат надлежните субјекти во државата со целосна одговорност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот на Европската комисија и да преземат мерки и активности за надминување на слабостите, особено оние спомнати во заклучоците и препораките од Стратегијата за проширување и главните предизвици 2014-2015.

Советот и комисиите предлагаат Владата на Република Македонија да изготви план за реализација на препораките од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година, со носители и рокови за реализација.

11. Советот и комисиите ја нагласуваат потребата за континуирано одржување на политичкиот дијалог со структурите на Унијата и продолжување на соработката со земјите-членки, и повикуваат на позитивна афирмација на Република Македонија како идна полноправна членка на Европската унија.

Се потенцира важноста за продолжување на регионалната соработка и учеството на Република Македонија во регионалните иницијативи, Процесот за соработка во Југоисточна Европа, Советот за регионална соработка, Централно -европската иницијатива, Договорот за енергетската заедница и Централноевропскиот договор за слободна трговија.

12. Националниот совет за евроинтеграции и во иднина ќе продолжи посветено и континурано да ја остварува улогата на инклузивен форум кој што придонесува за унапредување на политичкиот дијалог и одржувањето на широк национален консензус за европската интеграција на Република Македонија.

13. Со заклучоците од заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, по повод расправата по Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014, да бидат запознати Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Делегацијата на Европската унија во Република Македонија.

14. Заклучоците да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија за да бидат достапни до пошироката јавност".

***На Третата седница*** на Националниот совет за евроинтеграции што се одржа на 12 ноември 2014 година беше разгледан Извештајот за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2014, за периодот од 01.07.2014- 30.09.2014 година. Извештајот, пред членовите и претставниците на НСЕИ, го презентираше д-р Фатмир Бесими Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања. Советот беше информиран за превземените активности по добивањето на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година. Како приоритетните области дефинирани и вклучени во подготовката на ревизијата на НПАА за 2015 година се: политичкиот дијалог, судството, слободата на изразување и медиуми, меѓуетничките односи, добрososедските односи, регионалната соработка. До 11 ноември 2014, донесени се вкупно 20 закони (51%) и 64 подзаконски акти (44,8%), од проектираните во НПАА. Во однос на економскиот развој, забележан е раст на БДП од 3,9% за првите шест месеци од годината, и е најдобар остварен раст во земјите од регионот и на второ место во ЕУ. На седницата, Советот усвои План на активности на Националниот совет за евроинтеграции за реализација за периодот ноември 2014-ноември 2015 година.

## ПРИСУСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ И ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СЕДНИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ И НИВНО УЧЕСТВО ВО ДИСКУСИИТЕ

Предмет на анализа на присуството на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции и нивното учество во дискусиите, беа одржаните седници на НСЕИ во периодот мај-декември 2014 година.

Во предвид беа земени податоците од посебните списоци за евиденција на присуството на седници и средби, на членовите, замениците членови и претставниците на НСЕИ и нивните заменици, како и од записниците од одржаните седници.

| Активности / член / претставник | седници / 3 | | седници / 3 | |
|---|---|---|---|---|
| | Присуство | Процент | Учество во дискусија | Процент |
| Илија Димовски | 3 | 100% | 3 | 100% |
| Силвана Бонева | 3 | 100% | 2 | 66% |
| Александар Николоски | 3 | 100% | 1 | 33% |
| Мерван Џемаили | 2 | 66% | 2 | 66% |
| Мерал Узеири-Ферати | 1 | 33% | 1 | 33% |
| Солза Грчева | 1 | 33% | 1 | 33% |
| Ермира Мехмети[3] | 3 | 100% | 3 | 100% |
| Антонијо Милошоски | 3 | 100% | 3 | 100% |
| Кенан Хасипи | 3 | 100% | 1 | 33% |
| Фатмир Бесими | 3 | 100% | 3 | 100% |
| Проф. д-р Димитар Мирчев | 3 | 100% | 3 | 100% |
| Дарко Ангелов | 3 | 100% | 1 | 33% |
| Акад. Владо Камбовски | 2 | 66% | 2 | 66% |
| Жика Стојановски | 2 | 66% | 0 | 0% |
| Насер Селмани | 2 | 66% | 2 | 66% |
| Антони Пешев[4] | 3 | 100% | 2 | 66% |
| Данела Арсовска[5] | 3 | 100% | 0 | 0% |
| Д-р Живко Митревски | 2 | 66% | 1 | 33% |
| Слободан Антовски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Лулзим Хазири | 2 | 66% | 0 | 0% |
| Бобан Митевски | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Шинази Мемети | 1 | 33% | 0 | 0% |
| Павлина Манавска | 2 | 66% | 0 | 0% |
| Валентина Зафировска | 3 | 100% | 0 | 0% |
| Скендер Бузаку | 1 | 20 % | 1 | 20 % |
| Томе Колев | 2 | 40 % | 0 | 0 % |
| Трајче Минов[6] | 2 | 40 % | 0 | 0 % |
| Мимоза Шумковска Велјановска | 0 | 0 % | 0 | 0 % |

[3] На I, II и III седница присуствуваше и учествуваше во дискусија, г-ѓа Нора Алити, заменик член на НСЕИ;
[4] На II седница присуствуваше г-ѓа Елена Милевска, заменик-претставник од Стопанската комора на Македонија
[5] На I, II и III седница присуствуваше г. Митко Алексов, заменик-претставник од Сојузот на стопанските комори.
[6] на III седница присуствуваше г-ѓа Тинка Заева, заменик-претставник на НСЕИ од Евангелско-методистичка црква.

## СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Стручните, административните, техничките и другите работи за потребите на Националниот совет за евроинтеграции ги врши Секторот за поддршка на НСЕИ, предвидено со членот 8 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции донесена на 19 ноември 2007 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.140/2007) и членот 21 од Деловникот на Националниот совет за евроинтеграции, донесен на 25 октомври 2011 година. Секторот за поддршка на НСЕИ е формиран согласно Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието на Република Македонија, како посебна организациона единица во рамките на Службата на Собранието. Со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија донесен на 14 јуни 2012 година, утврдени се вкупно 15 работни места за вршење на работите од надлежност на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, звањата за работните места, распоредот и описот на работните места. Во периодот на изготвување на овој извештај, во Секторот за поддршка на НСЕИ вработени се осум државни службеници: раководител на Сектор, три извршители во Одделението за поддршка на работата на НСЕИ и 4 извршители во Одделението за следење на евроинтеграциите.

***Активности на Секторот за поддршка на НСЕИ***

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции ги организира седниците, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер на Советот, го следи процесот на европска интеграција, подготвува материјали за седниците и јавните расправи и документи кои произлегуваат од истите, обезбедува материјали за средбите од меѓународен карактер, за потребите на членовите и претставниците на Советот. За организирање на седниците, јавни расправи и меѓународни средби на Советот одговорно е *Одделението за поддршка на работата на НСЕИ.* Ова одделение остварува редовна комуникација со членовите и претставниците на НСЕИ, со Секретаријатот за европски прашања и државните органи, доставува работни материјали до НСЕИ, ги ажурира седниците на НСЕИ во е-Парламент, обезбедува протоколарна поддршка на активностите на Советот. Во Одделението се изготвуваат покани за седници, дописи до амбасадори на земји-членки на ЕУ, записници од одржани седници, се води грижа за аудио записите и стенографските белешки, подготвува одделни соопштенија за реализирани активности на Советот кои се објавуваат на Собраниската веб-страница. *Одделението за следење на евроинтеграциите и ЕУ центарот* е одговорно за следење на процесот на европската интеграција, остварува контакти со Секретаријатот за европски прашања и со други државни органи, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со службеници од Комисијата за европски прашања, Секторот за меѓународна соработка (Мешовит парламентарен комитет РМ-ЕУ) и остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ, ја организира и помага соработката на Советот со претставници на цивилниот сектор. Одделението од 2009 година па наваму, го следи процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ преку матрица за степенот на усвојување на законодавството

според НПАА (одделно за закони и за подзаконските акти). Одделението ги следи активностите на Европската комисија (поврзани со политиките на ЕУ и европското законодавство).

***ЕУ центар на Собранието*** - Во рамките на ИПА Проектот за "Техничка помош за Парламентот", спроведен во Собранието во периодот јануари 2011 - јуни 2012 година, беше обезбедена финансиска и стручна помош и за воспоставување на ЕУ центар во Собранието. Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата, да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања. За поголема ефективност на активностите во областа на европските прашања, ЕУ центарот започна со издавање на електронска информативна публикација ЕУ вести. Првиот број беше издаден за месец јули 2014 година, а во извештајниот период издадени се шест броеви на публикацијата ЕУ вести. Електронската публикација се доставува до сите пратеници, до членовите и претставниците на НСЕИ, како и до дел од Собраниската служба која работи во областа на евроинтеграциите/европските прашања.

***Работни процедури ИСО 9001:2008***

Во рамките на Проектот за имплементација на системот за управување на квалитет на јавните услуги и документирање на системот за управување со квалитет на јавните услуги, според MK-EN ISO 9001:2008, спроведен во Собранието во 2014 година, одобрени се три работни процедури во надлежност на Секторот за поддршка на НСЕИ.

***Обуки за ЕУ***

Во периодот мај-декември 2014 година вработените во Секторот за поддршка на НСЕИ учествуваа на следните обуки посветени на ЕУ теми/прашања:

- Работилница на тема "Процена на работните процеси и практичните димензии во рамките на парламентарните комисии" во организација на Центарот за Европски безбедносни студии (CESS) Холандија, одржана во Собранието, 23-25.09.2014 година - 5 службеници;
- Работилница за "Подобрување на квалитетот на пишување на НПАА извештаи", на 30.09.2014, во Центарот за обуки на Секретаријатот за европски прашања, во рамки на проектот GIZ (Германска техничка соработка) - 1 службеник;
- Работилница за Политички критериуми и поглавја 23, 24, и 31, за идентификување на приоритети за НПАА-ревизија 2015, 29.10.2014, во Центарот за обуки на Секретаријатот за европски прашања, во рамки на проектот GIZ (Германска техничка соработка) - 1 службеник
- Обука за "Управување со перформанси и лична ефективност", 6-7.11.2014 година во организација на МИОА - 1 службеник;
- Обука на тема "Како да се известуваат медиумите за технички прашања" во Секретаријат за европски прашања 26-28.11.2014 - 1 службеник;

- Работилница за подготовка на НПАА-ревизија 2015, во организација на Секретаријат за европски прашања во соработка со Германско здружение за меѓународна соработка (GIZ), од 26 до 28 ноември 2014 година, 1 службеник;

- Стажирање во Европскиот парламент во Брисел, во рамки на Претпристапната програма за стажирање на Европскиот парламент, во перидот 03 ноември-12 декември 2014 година - 1 службеник;
- Обука на тема "Управување со проектен циклус", 02.12.2014, во Секретаријат за европски прашања - 1 службеник;
- Обука за "Microsoft Excel табеларни пресметки и графици-основно ниво", 12.12.2014 година во Парламентарниот институт - 2 службеници,
- "Презентација за подобрување на организацијата преку заедничка рамка за проценка (примена на ЦАФ модел)" од страна на МИОА, 23.12.2014 година, во Собранието - сите службеници од Секторот.

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

## 5.1. ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (62 пратеника). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието.

Функцијата претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

За време на извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија г. Вељаноски дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Македонија и остварување на една од темелните вредности владеењето на правото во Република Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската унија.

Во остварувањето на неговите бројни со Уставот и со Деловникот утврдени надлежности, како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитувањето и оценувањето на уредноста на предлозите за донесување на закони и други акти, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали
- грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Република Македонија и со Владата на Република Македонија,
- продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието,
- грижата за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа,
- продолжување на практиката на соработка и координирање со потпретседателите на Собранието и одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на параламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство и
- прифаќање на бројни лични и покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определување претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење, со примена на современата информатичка технологија, за што се користени искуствата од парламентите на повеќе држави.

Собранието на Република Македонија, покрај неговата примарна законодавна функција, продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието во овој период оствари динамична меѓународната соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

**Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (10 мај 2014 - 31 декември 2014)**

Средба со амбасадорот на Руската Федерација во Република Македонија, **г. Олег Шчербак** (16 мај 2014);

Средба со амбасадорот на Руската Федерација во Република Македонија, **г. Олег Шчербак** (30 мај 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија, **г. Чарлс Гарет** (2 јуни 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Народна Република Кина во Република Македонија, **г. Вен Џеншун** (3 јуни 2014);

Средба со амбасадорот на Република Хрватска во Република Македонија, **г. Златко Крамарич** (3 јуни 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Полска во Република Македонија**, г. Јацек Мултановски** (4 јуни 2014);

Средба со **г. Роберт Адерхолт**, конгресмен на САД (7 јуни 2014);

Средба со амбасадорката на Кралството Холандија во Република Македонија, **г-ѓа Мариет Шурман** (10 јуни 2014);

Прием по повод Национален ден на Руската Федерација во х. Александар Палас (10 јуни 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Албанија во Република Македонија, **г. Петрит Бушати** (11 јуни 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Република Казахстан, **г. Илија Псалтиров** (12 јуни 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Грција, **г. Дарко Ангелов** (12 јуни 2014);

Проштална средба со амбасадорот на Црна Гора во Република Македонија, **г. Душан Мрдовиќ** (12 јуни 2014);

Прием по повод годишнина од раѓањето на Кралицата Елизабета II во Национална галерија Даут Пашин Амам (17 јуни 2014);

Средба со Делегација на сепартиската парламентарна група на Парламентот на Обединетото Кралство (25 јуни 2014);

Официјална посета на Република Турција (од 26 до 28 јуни 2014);

Прием во Амбасадата на Соединетите Американски Држави по повод годишнината од независноста (3 јули 2014);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Австралија, **г. Веле Трпевски** (8 јули 2014);

Средба со в.д амбасадорот на Руската Федерација во Република Македонија, **г. Константин Берсенев** (11 јули 2014);

Официјална посета на претседателот на Парламентот на Западна Австралија, **Н.Е. г. Мајкл Сатерленд** (14 јули 2014);

Проштална средба со амбасадорот на Република Германија во Република Македонија, **г-ѓа Гудрун Штајнакер** (16 јули 2014);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Обединетите Арапски Емирати, **г. Сашо Тасевски** (18 јули 2014);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Швајцарија, **г. Екрем Ебиби** (18 јули 2014);

Средба со амбасадорот на Швајцарија во Република Македонија, **г. Стефано Лазарото** (22 јули 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Државата Израел за Република Македонија, **г. Дан Орјан** (26 август 2014);

Официјална посета на претседателот на Претставничкиот дом на Парламентот на Канада, **Н.Е. г. Ендру Шир** (1 септември 2014);

Проштална средба со амбасадорот на Канада за Република Македонија, **г. Роман Вашчук** (3 септември 2014);

Средба со амбасадорот на Руската Федерација во Република Македонија, **г. Олег Шчербак** (9 септември 2014);

Средба со првиот потпретседател на Владата и министер за надворешни работи на Република Србија, **г. Ивица Дачиќ** (15 септември 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Словачка Република во Република Македонија, **г. Мартин Безен** (18 септември 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Македонија, **г-ѓа Кристине Д. Алтхаузер** (18 септември 2014);

Прием по повод 65 годишнина од основањето на Народна Република Кина во хотел Александар Палас (30 Средба со новоименуваниот амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Македонија, **г-ѓа Кристине Д. Алтхаузер** (18 септември 2014);

Средба со директорот за Западен Балкан и проширување од Канцеларијата за надворешни и прашања од Комонвелтот, **г. Овен Џенкинс** во придружба на амбасадорот на Кралството Велика Британија и Ирска во Република Македонија, **г. Чарлс Едмонд Гарет** (19 септември 2014);

Средба со Изборната делегација на ИПС Програмата за 2015 година на германскиот Бундестаг (1 октомври 2014);

Средба со членови на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **г. Брајан Бинли и г. Марк Причард** (7 октомври 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Кралството Шпанија во Република Македонија, **г. Рамон Абароа Каранза** (17 октомври 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Украина, г. Столе Змејковски (17 октомври 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Турција во Република Македонија, **г. Омур Шолендил** (21 октомври 2014);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Кралството Данска во Република Македонија, **г-ѓа Лиселот Плеснер** (28 октомври 2014);

Прием по повод 91-та годишнина од основањето на Република Турција во хотел Александар Палас (29 октомври 2014);

Средба со претставници на Амбасадата на САД во Република Македонија, г**. Рајан Стоунер,** шеф на Секторот за политички и економски работи и **г. Ју Шин Чој,** советник за политички прашања (31 октомври 2014);

Средба со амбасадорот на Република Бугарија во Република Македонија, **г. Иван Великов Петков** (12 ноември 2014);

Официјална посета на претседателот на Големото национално собрание на Република Турција, **Н.Е. г. Џемил Чичек** (24 ноември 2014);

Средба со амбасадорот на Босна и Херцеговина во Република Македонија, **г. Здравко Беговиќ** (2 декември 2014);

Средба со заменик претседателот на Социјалистичка Република Виетнам, **Н.Е. г-ѓа Нгујен Ти Доан** (2 декември 2014);

Средба со амбасадорот на Кралството Белгија за Република Македонија со седиште во Софија**, г-ѓа Аник Ван Калстер** (9 декември 2014);

Прием по повод претстојните празници организиран од амбасадата на Босна и Херцеговина во Република Македонија во хотел Александар палас (15 декември 2014);

Средба со заменикот шеф на мисија на амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Македонија, **г. Бартон Путни** (17 декември 2014);

Средба со амбасадорот на Република Хрватска во Република Македонија, **г. Златко Крамариќ** (18 декември 2014);

Средба со амбасадорот на Република Бугарија во Република Македонија, **г. Иван Великов Петков** (23 декември 2014).

**Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (10 мај 2014 - 31 декември 2014)**

Средба со Делегација на Ад-хок комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа, постизборна комисија (10 јули 2014);

Европска конференција на претседатели на парламенти во Осло, Норвешка (од 11 септември до 12 септември 2014);

Средба со евроамбасадорот **г. Аиво Орав**, по повод примопредавање на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година (8 октомври 2014);

Свеченост по повод 20 годишнина од воспоставувањето на дипломатски односи на Република Македонија со 19 држави во Македонски народен театар (15 октомври 2014);

Средба со новиот известувач за Република Македонија во Европскиот парламент, **г. Иво Вајгл** (5 декември 2014);

Средба со евроамбасадорот **г. Аиво Орав** (16 декември 2014).

**Преглед на други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Трајко Вељаноски (10 мај 2014 - 31 декември 2014)**

Обраќање на отворањето на меѓународниот парламентарен семинар во Собранието на Република Македонија во соработка со Европскиот центар за истражување и докумнетација (ЕЦПРД). Тема на семинарот: "Структура и процедури во поглед на Етичкиот кодекс за пратениците и интегритетот на парламентарната служба" (8 мај 2014);

Средба со г. Срѓан Керим (13 мај 2014);

Средба со новинари (14 мај 2014);

Обиколка со новинари за разгледување на новите простории на Собранието (15 мај 2014);

Поздравен говор на отворањето на Меѓународната конференција за безбедност на сообраќајот на патиштата, чиј организатор е Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, хотел Холидеј ин (21 мај 2014);

Интервју за МИА (21 мај 2014);

Средба со **Петер Ванхут** (22 мај 2014);

Потпишување во отворената Книга на жалост во просториите на Амбасадата на Република Србија (22 мај 2014);

Средба со **д-р Чапаривски, д-р Филипче** и двајца доктори од странство (22 мај 2014);

Обраќање на прес-конференција по повод свечено отворање на Парламентарниот институт на СРМ, разгледување на просторот на Парламентарниот институт и кратко запознавање со неговата работа (27 мај 2014);

Средба со **г-ѓа Милена Перчинкова**, генерален директор на Алфа банка (28 мај 2014);

Средба со **г. Стевчо Јакимовски**, градоначалник на Општина Карпош (30 мај 2014).

Обраќање на 11-от собир на земјите од Југоисточна Европа во хотел Холидеј Ин (7 јуни 2014);

Присуство на прослава по повод 24 годишнина од основањето на ВМРО-ДПМНЕ (15 јуни 2014);

Средба со **Петер Ванхут** (16 јуни и 20 јуни 2014);

Средба со вишиот член на одборот на директори на НДИ, **г. Хауард Дин** (25 јуни 2014);

Брифинг за новинари (4 јули 2014);

Свечено отварање на Балканскиот фестивал на народни песни и игри во Охрид (6 јули 2014);

Средба со **г. Срѓан Керим** (9 јули 2014);

Давање на свечена изјава на новоименуваните заменици министри во Владата на Република Македонија (10 јули 2014);

Средба со шефот на канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Македонија, **г. Бертран Демулан** (11 јули 2014);

Отварање на Охридско лето (12 јули 2014);

Прва седница на Комисијата за уставни прашања (15 јули 2014);

Интервју со новинар од Македонско радио Скопје (17 јули 2014);

Претседавање со Првата седница на Комитетот за односи меѓу заедниците (21 јули 2014);

Обраќање на 5-тата годишна Конференција на иселенички организации во организација на Агенцијата за иселеништво на Република Македонија (23 јули 2014);

Брифинг за новинари (29 јули 2014);

Присуство на изложба по повод 70 години од АСНОМ во музеј на ВМРО (1 август 2014);

Присуство на свечена академија (1 август 2014);

Обраќање по повод 2 Август - Илинден во Крушево (2 август 2014);

Присуство на централна прослава по повод одбележување на Денот на Армијата на РМ во Охрид (18 август 2014);

Седница на Уставна комисија (25 август 2014);

Давање на свечена изјава на новоизбраниот член на Судскиот совет на Република Македонија**, г. Зоран Караџовски** (3 септември 2014);

Обраќање на свечена академија по повод 8 Септември - Денот на независноста во Македонскиот народен театар (7 септември 2014);

Презентација на резултатите од последното испитување на јавното мислење кое ИРИ го спроведе во август-септември (26 септември 2014);

Прва седница на Советот за безбедност на Република Македонија (29 септември 2014);

Прослава по повод роденденот на Канал 5 телевизија во ресторан Воденица (1 октомври 2014);

Конститутивна седница на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата за новиот парламентарен мандат (7 октомври 2014);

Средба со дел од децата и вработените од детската градинка "Раде Јовчевски-Корчагин" од Скопје по повод одбележување на Светската недела на детето (10 октомври 2014);

Свечена академија по повод одбележување на 11 Октомври - Денот на народното востание во новиот објект на МНТ (10 октомври 2014);

Средба со претседателот, потпретседателите и членови на Сојузот на борците на Македонија, **г. Тодор Атанасовски, г. Томе Малески, г-ѓа Верка Бунтеска и г. Борис Стојановски** (13 октомври 2014);

Снимање на продолжение за документарниот серијал "Независност на Македонија" - Small Moves Продукција од Скопје во ко-продукција со Македонска Телевизија (15 октомври 2014);

Премиера на филмот "До Балчак" во Кино Милениум (18 октомври.2014);

Свечена академија по повод 70 годишнината од печатењето на првиот број на "Нова Македонија" во Музеј на македонска борба и државност (29 октомври 2014).

Положување на свежо цвеќе по повод 13 Ноември - Денот на ослободувањето на градот Скопје пред Споменикот на ослободителите на Скопје на партизанските гробишта во Бутел, на гробот на генерал Михајло Апостолски во Алеата на заслужните граѓани на градските гробишта Бутел и пред Споменикот на ослободителите на Скопје пред Владата на Република Македонија (13 ноември 2014);

Поздравно обраќање на јавна расправа на тема ИПА 2 (2014-2020) предизвици и можности за искористување, организирана од страна на Комисијата за европски прашања (17 ноември 2014);

Потпишување на Амандман на Меморандумот за разбирање помеѓу Собранието на Република Македонија и Швајцарскиот федерален совет, во врска со соработката на проектот "Поддршка за основање и развој на Парламентарниот институт" (15 декември 2014);

Годишен работен состанок со шефовите на дипломатско-конзуларните претставништва и мисии на Република Македонија во странство (Амбасадорски совет) во МНР (24 декември 2014);

Свечена миса по повод католички Божиќ во Катедралата "Пресвето Срце Исусово" (24 декември 2014);

Обраќање пред вработените во Службата на Собранието по повод претстојните празници (31 декември 2014).

# 5.2.ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието на Република Македонија од редот на пратениците, покрај тоа што избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, избира и тројца потпретседатели.

По конституирањето на седмиот парламентарен состав избрани се двајца потпретседатели и тоа Антонио Милошоски од ВМРО-ДПМНЕ и Рафиз Алити од ДУИ .

Потпретседателите на Собранието на Република Македонија реализираа голем број активности коишто се состојат во редовното учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуваат еднаш неделно каде што се разгледуваат важни прашања сврзани за тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

Во споменатиот период, како пратеници редовно и активно учествуваа на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Во својство на членови на разни комисии во Собранието на Република Македонија како потпретседатели беа меѓу најактивните и редовно учествуваа во сите комисии.

Во нивниот мандатен период потпретседателите, заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија, реализираа многубројни средби со претставници на дипломатските и конзуларните претставништва, како и претставници на институции на странските земји и меѓународните организации во Република Македонија

## ➢ Потпретседател Антонијо Милошоски

### *1.Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка*

Антонијо Милошоски, потпретседател на Собранието на Република Македонија, доаѓа од редовите на партијата ВМРО ДПМНЕ.

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија редовно учествува на координациите на Собранието на кои се разгледуваат прашања поврзани со тековните активности на Собранието, како и прашања од значење за унапредување на работата на Собранието и работните тела.

Редовно учествува на состаноците на Претседателството на Собранието на Република Македонија на кои се планира динамиката на седниците на Собранието и активностите на работните тела и се одлучува за прием на странски делегации и за испраќање на делегации во странство.

Редовно учествува на пленарните седници на Собранието на Република Македонија.

Како претседател на Комисијата за надворешна политика, претседател на Управувачкиот совет на Парламентарниот институт, член на Комисијата за европски прашања, член на Националниот совет за евроинтеграции, член на Комитет за односи меѓу заедниците, заменик-член на Комисијата за одбрана и безбедност и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците има земено активно учество во работата на споменатите и други работни тела.

Претседател е на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на СР Германија, а член на пратеничката група за соработка со парламентите на балтичките земји Република Естонија, Република Латвија и Република Литванија, пратеничката група за соработка со Парламентот на Словачката Република и пратеничка група за соработка со Парламентот на Јапонија.

Член е на Делегацијата во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ) и Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Редовно присуствува на надзорни и јавни расправи организирани од комисиите во Собранието на Република Македонија.

***2.Средби со амбасадори и други диполоматски претставници***

- Средба со претседателот на Парламентот на Западна Автсралија, Мајкл Сатерленд;
- Средба со членовите на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Брајан Бинли и Марк Причард;
- Средба со Делегација на Комунистичката партија на Кина, предводена од Џоу Ли;
- Средба со амбасадорот на Арапската Република Египет, Манал Јахиа Шинави;
- Средба со амбасадорот на НР Кина, Вен Зеншун;
- Средба со амбасадорот на Република Финска, Тимо Рајакангас;
- Средба со амбасадорот на СР Германија, Кристине Д. Алтхаузер;
- Средба со амбасадорот на Република Индонезија, Марули Туа Сагала;
- Средба со амбасадорот на Израел, Дан Ориан;
- Средба со Делегација на Генералниот директорат за проширување на Европската комисија, Оддел за Западен Балкан, предводена од Дејвид Кулен.

***3.Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми***

- Конференција на тема "Европска интеграција на земјите од Западен Балкан"одржана од 17 до19 јуни 2014 година во Букурешт, Романија;
- Петтиот состанок на комисиите за надворешни работи на парламентите на земјите од Југоисточна Европа- Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска и Србија, во проширен

состав со Комисијата за надворешна политика на парламентот на Република Македонија, одржан од 25 до 26 септември 2014 година во Загреб, Република Хрватска;

- Интер-парламентарната конференција за заедничка надворешна и безбедносна политика и заедничка безбедносна и одбранбена политика, одржана од 5 до 7 ноември 2014 година во Рим, Италијанската Република;
- 12 Состанок на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија-Европска унија, одржан од 26 до 27 ноември 2014 година, во Стразбур, Франција и
- Состанок на Ад-хок работната група на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа во рамките на албанското претседателство, одржан во Тирана, Албанија.

### *4. Други значајни настани*

- Потпретседателот Милошоски го отвори македонскиот фестивал на народни песни и ора "Илинденски денови", кој што се одржа во Битола и чиј што покровители се Собранието на Република Македонија и Министерството за култура (29 јули 2014 година) и
- По повод 11 ноември, денот на примирјето и 100 годишината почетокот на Првата светска војна, како предводник на Делегацијата на Собранието, положи свежо цвеќе на француските воени гробишта во Битола и германските воени гробишта во Прилеп

## ➢ Потпретседател Рафис Алити

Рафис Алити, потпретседател на Собранието на Р.Македонија доаѓа од редовите на Демократската унија за интеграција (ДУИ).

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија има реализирано голем број активности кои се состојат во редовно учество на седниците на Собранието на Република Македонија, во кои се разгледуваат голем број прашања сврзани за редовните работи на Собранието, меѓународни активности, прашања од општ карактер како и редовни координативни средби на Собранието на Република Македонија.

Како пратеник редовно има учествувано на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Има остварено бројни активности како претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија, и како член во работата Комисијата за уставни прашања, комисија за политички систем и однос меѓу заедниците, комисија за оброзование, комиција за наука и спорт и како заменик член на комисија за култура, комисија за прашањата на изборите и именувањата. Потпретседателот има земено учество на сите комиси во работата и на седниците на други работни тела.

Активен член и во Управувачкиот совет на Парламентарниот институт.

***1. Средби со амбасадори и други дипломатски претставници***

- Средба со г. Џемил Чичек Претседател на Големото Национално Собрание на Република Турција (23 ноември 2014 и
- Средба со група пратеници од Собранието на Република Албанија предводена од Алфред Пеза (22 декември 2014).

***2. Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми***

- Положување цвеќе пред гробот на Мајка Тереза (05 септември 2014);
- Учество и одржан говор пред дипломирани Студенти од 6-генерација на Универзитетот "ИНТЕРНАЦИОНАЛ" во Струга (2 октомври 2014);
- Учество во конференција по повод за ефикасноста и борба против корупцијата (ИПА Програмите на Европската Унија) (19 октомври 2014) и
- Положување цвеќе пред гробовите  на починатите германиските и француските  војници во Битола и Прилеп (26 декември 2014).

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија својата активност ја остварува преку работата на двете одделенија: Одделение за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и Одделение за билатерална соработка. Во Секторот се вработени осум државни службеници и сите се со високо образование.

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 мај 2014 година донесе Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/2014). Со оваа Одлука се создаде правна рамка за постапката на формирањето, активноста и надлежноста на делегациите на Собранието на Република Македонија кои го претставуваат Собранието во мултилатералните меѓународни организации.

Согласно оваа Одлука, Собранието на Република Македонија формираше постојани делегации во следните меѓународни организации: Парламентарното собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Интерпарламентарната унија, Парламентарната димензија на ЦЕИ, Парламентарното собрание на НАТО, ПС на ПСЈИЕ и ПС на Медитеранот. Врз основа на Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација ("Службен весник на Република Македонија" број 88/04), се основа и Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Во Собранието на Република Македонија, врз основа на Правило 6 од Правилата за работа на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ, и во овој мандат е формирана Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, од чии редови е избрана и делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 3 јули 2014 година донесе Одлука за основање на пратенички групи за соработка со парламенти на одделни држави. Во Собранието на Република Македонија во овој пратенички мандат се формирани **вкупно 46 пратенички групи за соработка** со парламенти на одделни држави и тоа со: Република Австрија, Република Албанија, Австралија и Нов Зеланд, Балтичките земји: Естонија, Летонија и Литванија, Кралството Белгија, Федерацијата на Босна и Херцеговина, Република Бугарија, земјите од Блискиот и Средниот Исток, Сојузна Република Германија, Република Грција, Кралството Данска, Република Индонезија, Државата Израел, Исламската Република Иран, Ирска, Република Исланд и Кралството Норвешка, Италија, Јапонија, Канада, Народна Република Кина, Република Косово, земјите од Латинска Америка и од Карибите, Големото Војводство Луксембург, Република Малта и Република Кипар, Република Монголија, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Република Полска, Португалската Република, Романија, Руската Федерација, САД, Словачката Република, Република Словенија, Република Србија, Република Турција, Украина, Република Унгарија, Република Финска, Француската Република, Кралството Холандија, Република Хрватска, Црна Гора, Чешката Република, Швајцарската Конфедерацијата, Кралството Шведска и Кралството Шпанија.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Македонија и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија, во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат следните активности:

- целокупна кореспонденција сврзана со организирање на учество на одреден меѓународен настан (обработка на поканата за одредена меѓународна активност во Собранието на Република Македонија, кореспонденција со други државни органи во Република Македонија, кореспонденција со амбасадите на Република Македонија во странство и со амбасадите акредитирани во Република Македонија, кореспонденција со секретаријатите на меѓународните парламентарни собранија и службите на одделни парламенти);
- оперативна и стручна подготовка на учеството на одредена делегација или пратеник;
- свикување на подготвителни состаноци на делегации и пратенички групи сврзани за учество на одреден меѓународен настан;
- подготвување на тези за дискусија, излагања, амандмани, драфтирање на завршни документи на меѓународни конференции;
- подготвување на извештаи и белешки од одржаниот состанок, конференција, сесија, семинар;
- координација со другите сектори на Собранието на Република Македонија во врска со донесување на одлуки, решенија и други документи кои произлегуваат од одредбите на меѓународни договори склучени меѓу Република Македонија и други меѓународни организации; следење на седниците на Собранието на Република Македонија кога на дневен ред се точки за ратификација на меѓународни договори, спогодби, повелби и конвенции;
- стручно организирање и оперативно коориднирање на меѓународни средби, состаноци, конференции и семинари кога Собранието на Република Македонија е домаќин или ко-организатор на настанот.

# 6.1. Мултилатерална соработка

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА**

**Шеф на Делегацијата:** г. Александар Николовски
**Членови:** г-ѓа Ермира Мехмети Деваја
**Заменици-членови:** г. Владимир Ѓорчев, и г. Имер Алиу.

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од десет земји, а денес има 47 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото,
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност,
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество (ксенофобија,нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот криминал и сл.) и
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва е Парламентарното собрание на Севетот на Европа, кое е еден од двата главни органи на Советот на Европа. Тоа има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и октомври), на јавни седници кои траат една работна седмица. Тоа има Постојан комитет, кој меѓу двете сесии делува во негово име, како и осум постојани комисии, како и пет политички групи. ПС на Советот на Европа има вкупно 636 членови, од кои 318 се членови, а 318 заменици на членови, 18 членови набљудувачи и извесен број членови од Палестина и Мароко со статус на партнери за демократија.

Собранието на Република Македонија учествува во работата на ПС на СЕ од 1993 година кога се стекна со статус на специјален гостин, а Република Македонија е член на СЕ од 1995 година. Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ ја сочинуваат 6 члена, кои на пленарните сесии располагаат со три гласа. Членовите на делегациите по правило учествуваат на пленарните сесии, а зависно од прашањата кои се разгледуваат и на седниците на комисиите.

**Активности во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година**

На состанокот на Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на

Советот на Европа, која се одржа од 13 до 16 мај 2014 година во Париз, Француска Република учествуваше г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ.

Од 23 до 27 јуни 2014 година во Стразбур, Француската Република, се одржа јунската сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, на која учествуваа г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата и г. Имер Алиу заменик на член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова.

Од 29 септември до 3 октомври 2014 година се одржа редовната есенска сесија на Парламентарното Собрание на Советот на Европа на која учествуваше Шефот на Делегацијата г. Александар Николоски во придружба на секретарот на Делегацијата г. Иван Петрушевски.

На предвремените парламентарни избори во Република Бугарија, закажани за 6 октомври, шефот на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, пратеникот Александар Николоски, учествуваше како член на ад-хок Комитетот за набљудување на изборите.

Во организација на ПС на Советот на Европа, на 31 октомври 2014 година, во Мадрид, Кралството Шпанија, се одржа Парламентарен семинар на тема: „Улогата на националните парламенти во имплементацијата на пресудите на Европскиот суд за човекови права", на кој учествуваше пратеникот г. Владимир Ѓорчев.

Пратеникот Благоја Деспотоски, во својство на претседавач со Комисијата за труд и социјална политика, на 10 ноември во Париз, Француската Република, учествуваше на Парламентарен семинар на тема "Обезбедување на сигурни и здрави работни услови".

На состанокот на Комисијата за правни прашања и човекови права и на Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа, кои се одржаа на 10 и 11 декември 2014 година во Париз, Француската Република, учествуваше г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ.

OSCE PA

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

**Шеф на Делегацијата:**

**Членови:** г. Владимир Ѓорчев и г. Беким Фазлиу

**Заменици-членови:** г. Димитар Стеванаџија, и г. Џеват Адеми

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната дименизија на ОБСЕ. Во него членуваат 320 членови на парламентите од 56 држави членки на ОБСЕ, што ја покриваат географската област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

Главни задачи на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така се стреми кон остварување на следниве цели, кои се наведени во преамбулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите членки, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и консолидацијата на демократските институции во државите членки и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три комисии: Комисија за политички прашања и безбедност (прва Комисија); Комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (втора Комисија) и Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (трета Комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

**Активности во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година**

Од 28 јуни до 2 јули 2014 година во Баку, Азербејџан се одржа редовната Годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ. На сесијата учествуваше г. Владимир Ѓорчев, член на Делегацијата на ПС на ОБСЕ.

Од 3 до 5 октомври 2014 година во Женева, Швајцарска Конфедерација се одржа есенската сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ на која учествуваше г. Владимир Ѓорчев, член на Делегацијата на ПС на ОБСЕ, во придружба на секретарот на Делегацијата г. Лиман Авдиу.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Трајко Вељаноски
**Членови:** г-ѓа Илија Димовски,
г. Талат Џафери и г. Имер Алиу

Интерпарламентарната унија (ИПУ), основана во 1889 година е најстарата мултилатерална политичка организација во која членуваат 162 национални парламенти и 10 меѓународни парламентарни собранија.

Светската организација на парламентите со седиште во Женева има статус на постојан набљудувач во Организацијата на Обединетите нации.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интерпарламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел,

ИПУ: поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји; разгледува прашања од меѓународен интерес. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика.

Собранието на Република Македонија е член на Интер-парламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и шест члена.

**Активности во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година**

Во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година немаше активности.

CEI
CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:**
**Членови:** г. Емил Димитриев и г. Мирван Џемаили
**Заменици-членови:** г. Сашо Василевски, г-ѓа Лилјана Затуроска и г. Газменд Алијии

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 18 земји членки: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Украина и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година. Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и генералните комитети на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Македонија се состои од три члена и три заменици.

**Активности во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година**

Во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година немаше активности.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа. Ермира Мехмети
**Членови:** г. Павле Трајанов
**Заменици-членови:** г. Емил Димитриев и г. Ернад Фејзулаху

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација на парламентарци од 28 земји членки на Алијансата на НАТО и 14 нејзини асоцијативни членки. Собранието претставува критички форум за меѓународен дијалог на парламентарци од Европа и од Северна Америка, кои дискутираат за теми од заеднички интерес.

Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консензус меѓу земјите. Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и влијание врз националните ставови и интереси, при што се тестираат и проценуваат прашањата од актуелен интерес за НАТО.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релевантни меѓународни организации.

Собранието е целосно независно од НАТО, но е врска меѓу националните парламенти на земјите членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност, Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО имаат политички одговори на препораките и резолуциите на Собранието.

Целите на ПС на НАТО се:

- охрабување на дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања;
- привлекува парламентарното внимание за централните безбедносни прашања за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа;
- пренесување на колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки и
- подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и зајакнување на трансатлантските односи.

ПС на НАТО брои 257 члена, има пет постојани комитети и осум поткомитети.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО има статус на асоцијативен член од 1995 година и брои тројца членови и тројца заменици на членови.

**Активности во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година**

Од 21 до 24 ноември 2014 година во Хаг, Холандија се одржа редовната сесија на Парламентарното Собрание на НАТО. На сесијата учествуваше г. Павле Трајанов, член на Делегацијата, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

## Парламентарното собрание на Франкофонијата

**Шеф на Делегацијата:** г. Џеват Адеми
**Членови на Делегацијата:** г-ѓа Силвана Бонева, г. Кенан Хасипи и г-ѓа Мерал Узеири Ферати.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е консултативно собрание на Меѓународната организација на Франкофонијата, формирано во мај 1967 година под името "Меѓународна асоцијација на парламентарци кои го говорат францускиот јазик" (AIPLF). Во јули 1989 година, AIPLF се преименува во "Меѓународно собрание на парламентарци кои го говорат францускиот јазик", а во јули 1998 година во Парламентарно собрание на Франкофонијата.

Парламентарното собрание на Франкофонијата претставува место на дебати, предлози и размена на мислења за сите прашања од интерес на неговите членки. Во тесна соработка со Меѓународната агенција на Франкофонијата, Собранието презема акции на полето на интерпарламентарната соработка и развојот на демократијата, кои имаат за цел да ја зацврстуваат солидарноста меѓу парламентарните институции и да ја промовираат демократијата и владеењето на правото, особено во франкофонските заедници.

Во рамките на парламентарната димензија на Парламентарното Собрание на Франкофонијата формирани се и следниве органи: Мрежа на жени парламентарки, Парламентарна мрежа за борба против ХИВ/СИДА, Парламент на млади франкофони и др.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата се претставени 78 парламенти, парламентарни собранија или совети на држави, покраини, региони и меѓународни организации, како и 13 парламенти набљудувачи.

Секцијата на собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и Бирото на Секцијата и Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата се основани во јануари 2001 година. Делегацијата на Собранието на Република Македонија има четири члена, а на Бирото на Секцијата брои пет членови.

**Активности во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година**

Во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година немаше активности.

**Мешовит парламентарен комитет на ЕУ и Република Македонија**

**Копреседател на МПК РМ-ЕУ:**
г. Кенан Хасипи

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа член 114 од Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, со Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година и Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација. Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од Делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација, која има претседател, двајца потпретседтели и дванаесет члена. Делегацијата има и 12 заменици на членови.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија - РМ и ЕУ претставува парламентарен форум за директна билатерална соработка со Европскиот парламент каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Работата на ова тело овозможува ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

**Активности во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година**

На 2 септември 2014 година во Собранието на Република Македонија г. Кенан Хасипи, копретседавач на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија, оствари средба со г. Франклин де Фриз, експерт на Европската комисија.

12.Состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република

Македонија и Европска унија се одржа на 26 и 27 ноември 2014 година во Стразбур, Француската Република.

На 5 декември 2014 година во Собранието на Република Македонија се одржа средба на г. Кенан Хасипи, Копретседавач на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија со г. Иво Вајгл, европратеник и Известител за Република Македонија во Европскиот парламент.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г-ѓа Силвана Бонева
**Членови:** г-ѓа Даниела Рангелова
**Заменици-членови:** г. Џеват Адеми, г. Јамин Синани и г-ѓа Мерал Узеири Ферати

Парламентарното собрание на Медитеранот е релативно нова меѓународна мултилатерална организација и претставува продолжување на парламентарна димензија на долгодишната Конференција за соработка на Медитеранот (CSCM), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година.

Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статутот на оваа организација.

Земји-членки на Парламентарното собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од медитеранскиот брег: Албанија, Алжир, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Либан, Либиска Арапска Џамахирија, Малта, Монако, Мароко, Србија, Црна Гора, Словенија, Шпанија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција и Палестина. Исто така, членки на ПС на Медитеранот се парламентите на Република Македонија, Јордан и Португалија, држави кои не излегуваат на Медитеранот, но кои економски, политички и стратешки директно се поврзани со него.

Собранието на Република Македонија стана членка на оваа организација на 11 спетември 2006 година, со прифаќањето на Статутот на Инугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот.

Парламентарното Собрание на Медитеранот заседава на пленарна седница, еднаш годишно, кога се состануваат и трите постојани комитети и специјалните работни групи.

Парламентарното собрание е воспоставено со цел да се даде поголемо значење на парламентарната дипломатија во медитеранскиот регион, односно регионот да се здобие со сопствен парламентарен форум, како и зајакнување и унапредување на дијалогот меѓу културите.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното

собрание на Медитеранот брои 6 членови, од кои тројца се членови, а тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година**

Во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година немаше активности.

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Шеф на Делегација:** г.Трајко Вељаноски
**Членови:** г.Антонио Милошоски, г.Рафиз Алити И г. Ернад Фејзулаху
**Заменици-членови:** г-ѓа Ане Лашкоска, г. Артан Груби и г-ѓа Мерал Узеири Ферати

Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ) е основано на 10 мај 2014 година, во Букурешт, Романија. Од тој момент, дотогашната парламентарна димензија со годишни Конференции на претседатели на парламенти на земјите членки на ПСЈИЕ се транформираа во постојно парламентарно собрание.

Членки на ПС ПСЈИЕ се националните парламенти на: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Македонија, Молдавија, Црна Гора, Романија, Србија, Словенија и Турција.

Основни цели на Парламентарното собрание се:

- иницирање на различни форми на размена на искуства од областа на законодавството;
- хармонизација на законодавството со законодавството на ЕУ;
- координација на практиките и ставовите во однос на владината димензија и јакнењето на дијалогот со цивилното општество;
- остварување на улогата на чадор за постигнување на синергија во активностите на регионални иницијативи и форми на соработка поврзани со: економијата, инфраструктурата и енергијата; правдата, внатрешните работи и безбедносна соработката; социјалниот развој, образованието, истражувањето и науката;
- поттикнување, следење и набљудување на реализацијата на целите и приоритетите дефинирани од страна на ротирачкото претседателство на ПСЈИЕ и Регионалниот совет за соработка, како институционална структура за трансформација на политичките декларации и одлуки во конкретни проекти и програми и
- јакнење на парламентарните дипломатски активности и врски со регионалните, европските и меѓународни организации, иницијативи и фондации.

Парламентарното собрание има три постојани комитети: Комитет за економија, инфраструктура и енергија, Комитет за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка и Комитет за социјален развој,

образование, истражување и наука. Претседателите на комитетите се избираат од редовите на членовите на постојаните делегации, а парламентите од каде што доаѓаат ги организираат состаноците на комитетите. Во рамките на парламентарното собрание функционира ад-хок Работна група за процесот на институционализација на ПС на ПСЈИЕ, составена од пратеници и парламентарни службеници, во својство на национални координатори.

ПС ПСЈИЕ функционира според принципот на ротација на едногодишни претседателства, каде сите одлуки од политички карактер се донесуваат со консензус. Значаен исчекор кон создавањето на условите за формирање на Парламентарното собрание на Процесот, беше постигнат за време на Македонското претседателство со ПСЈИЕ (јуни 2012 - јуни 2013).

Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија од 28 мај 2014 година, се основаше првата Делегација на Собранието на Република Македонија во ПС ПСЈИЕ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија, четири члена и нивни заменици.

**Активности во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година**

На 15 и 16 март 2014 година во Букурешт, Романија се одржа состанок на Работната група за Парламентарната димензија на ПСЈИЕ на која учествуваше координаторот, г. Иван Петрушевски.

Од 9 до 11 мај 2014 година во Букурешт, Романија се одржа Инагуративна седница на Парламентарното собрание на ПСЈИЕ на која учествуваше координаторот, г. Иван Петрушевски.

На 7 и 8 ноември 2014 година во Тирана, Република Албанија се одржа состанок на ад-хок Работната група на ПС ПСЈИЕ на кој учествуваше г. Антонио Милошоски, член на Делегацијата на ПСЈИЕ, во придружба на секретарот на Делегацијата, г. Иван Петрушевски.

## 6.2.БИЛАТЕРАЛА

На 26 август 2014 година во Собранието на Република Македонија се одржа проштална средбата на потпретседателот на Собранието, Антонијо Милошоски со Н.Е. г. Марули Туа Сагала, вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Индонезија за Република Македонија.

На 26 август 2014 година во Собранието на Република Македонија се одржа средба на г. Антонијо Милошоски, потпретседател на Собранието на Република Македонија со Н.Е. г.Дан Оријан, Амбасадор на Државата Израел во Република Македонија.

На 1 септември 2014 година во Скопје, Република Македонија Пратеничката група за соработка со Парламентот на Канада оствaрија средба со г. Ендру Шир, спикер на Долниот дом на Парламентот на Канада.

На 22 септември 2014 година во Собранието на Република Македонија се одржа средба на потпретседателот на Собранието на Република Македонија, г. Антонијо Милошоски и членови од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ со делегација на Меѓународниот сектор на Комунистичката партија на Кина, предводена од г. Џоу Ли.

На 7 октомври 2014 година потпретседателот на Собранието на Република Македонија и претседател на Комисијата за надворешна политика г. Антонијо Милошоски оствари средба со г. Марк Причард и г. Брајан Бинли, членови на Долниот дом на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

На 16 октомври 2014 година во Собранието на Република Македонија Пратеничката група за соработка со Парламентот на Канада оствари средба со г. Рас Хиберт, пратеник во Долниот дом на Парламентот на Канада.

На 24 ноември 2014 година во Собранието на Република Македонија Пратеничката група за соработка со Парламентот на Турција оствари средба со г. Џемил Чичек, претседател на Големото турско национално собрание.

## 6.3. ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

На 2 септември 2014 година во Собранието на Република Македонија потпретседателот на Собранието, г. Антонијо Милошоски оствари средба со г. Франклин де Фриз, експерт на Европската комисија.

**Европски парламент**

На 27 и 28 октомври 2014 година во Бар, Црна Гора се одржа Координативен состанок на Европскиот парламент и националните кореспонденти од парламентите на Западен Балкан и Турција. На состанокот учествуваше г. Иван Петрушевски, координатор на ПСЈИЕ.

Учесник во Програмата за стажирање за 2014 година во Европскиот парламент во периодот од 2 ноември - 13 декември 2014 година беше државниот службеник Целе Најдески, советник во Секторот за поддршка на НСЕИ.

**ЕЦПИД (Европски центар за парламентарно истражување и документација)**

На 8 и 9 мај 2014 година во Собранието на Република Македонија во рамките на ЕЦПИД се одржа парламентарен семинар "Структура и процедури во поглед на Етичките кодекс за пратениците и интегритетот на парламентарната служба ".

На 5 и 6 јуни 2014 година во Загреб, Република Хрватска, се одржа семинар за "Стенографските записи во 21 век", на кој учествуваше г-ѓа Марија Паневска, советник за библиотекарско работење во Парламентарниот институт на Собранието.

На 5 и 6 јуни 2014 година во Лондон Обединето Кралство, се одржа семинар под наслов "Растечка нееднаквост во приходи и демократска стабилност", на кој учествуваше г. Даниел Стојановски, раководител на Одделение за анализи од областа на општествените науки - истражувач во Парламентарниот институт на Собранието.

На семинарот во Рим, Италија, одржан на 12 и 13 јуни 2014 година на тема "Како да се зголеми употребата на интернет технологиите и социјалните медиуми и како може деловникот да ја поддржи транспаретнотста и учеството на граѓаните" учествуваа г. Мане Нецев, Раководител на Одделение за системски инженеринг развој и г-ѓа Билјана Дончевска, советник за ИКТ во областа на едукацијата и комуникацијата во Парламентарниот институт.

На Годишната конференција на кореспондентите за Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација - ЕЦПИД што се одржа од 16 до 18 октомври 2014 година во Белград, Република Србија,учествуваа г. Златко Атанасов, државен советник на парламентарниот институт и г. Иван Петрушевски, помлад соработник за меѓународна соработка.

На семинарот за "Најдобрите пракси за стратешкото ИКТ планирање, безбедност на информации, мобилност и "клауд" системи", кој се одржа на 6 и 7 ноември 2014 година во Подгорица, Црна Гора, учествуваше г-ѓа Билјана Дончевска, советник за ИКТ во областа на едукацијата и комуникацијата во Парламентарниот институт на Собранието.

# 7. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО НА РМ

## 7.1.Меѓународна активност и протоколарни средби




## 7.2.Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари

| |
|---|
| Парламентарен семинар во соработка со Европскиот центар за Парламентарни истражувања и документација (ЕЦПИД) |
| Покровителство на Меѓународна конференција за безбедност на сообраќајот на патиштата - Обраќање на Н.Е. г. Трајко Вељаноски претседател на Собранието на Република Македонија |
| Свечено отворање на Парламентарнио институт во Собранието на Република Македонија |
| Семинар за стручната служба на Собранието на Република Македонија (прв и втор дел) |
| 11 Собир на земјите на ЈИЕ "Нашите заеднички вредности" |
| Покровителство на Националниот Молитвен појадок - Обраќање на Н.Е. г. Трајко Вељаноски претседател на Собранието на Република Македонија |
| Покровителство на 53-тиот Балкански фестивал на народни песни и игри - Обраќање на Н.Е. г. Трајко Вељаноски претседател на Собранието на Република Македонија |
| Покровителство на Петтата годишна Конференција на иселенички организации - Обраќање на Н.Е. г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија |

| |
|---|
| Покровителство на 44-от Републички фестивал на народни песни и игри "Илинденски денови" - Обраќање на г. Антонио Милошоски, потпретседател на Собранието на Република Македонија |
| Покровителство на НКС: "Десет дена Крушевски Република" - Обраќање на Н.Е. г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија по повод 2 Август - Ден на Републиката |
| Свечена Академија по повод 8 Септември - Ден на независноста на Република Македонија - Обраќање на Н.Е. г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија |
| Хуманитарна акција во донирање на храна и дарување крв по повод трагичните настани од 11 септември 2001 година во Амбасадата на САД во Република Македонија |
| Работилница 1 - Процена на работните процеси и практични димензии во рамките на парламентарните комисии, во организација на Центарот за европски безбедносни сили, Холандија и Собранието на Република Македонија |
| Крводарителна акција во Собранието на Република Македонија |
| Потпишување на Амандман на Меморандумот за разбирање помеѓу Собранието на Република Македонија и Швајцарскиот Федерален совет |

## 7.3. Свечени изјави

| |
|---|
| Свечена изјава на **г. Трајко Вељаноски,** претседател на Собранието на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Ѓорѓе Иванов,** претседател на Република Македонија |
| Свечена изјава на на **м-р Никола Груевски**, претседател на Владата на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Зоран Јолевски**, министер за одбрана на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г-ѓа Гордана Јанкуловска**, министер за внатрешни работи на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Аднан Јашари**, министер за правда на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Никола Поповски**, министер за надворешни работи на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Зоран Ставрески**, министер за финансии на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Беким Незири**, министер за економија на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Михаил Цветков**, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Никола Тодоров**, министер за здравство на Република Македонија |
| Свечена изјава на **м-р Абдилаќим Адеми**, министер за образование и наука на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Диме Спасов**, министер за труд и социјална политика на Република Македонија |
| Свечена изјава на **м-р Љирим Шабани**, министер за локална самоуправа на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г-ѓа Елизабета Канческа Милевска**, министер за култура на Република Македонија |
| Свечена изјава на **м-р Иво Ивановски**, министе за информатичко општество и администрација на Република Македонија |

| |
|---|
| Свечена изјава на **г. Миле Јанакиески,** министер за транспорт и врски на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Нурхан Изаири**, министер за животна средина и просторно планирање на Република Македонија |
| Свечена изјава на **м-р Владимир Пешевски**, министер без ресор |
| Свечена изјава на **г. Фатмир Бесими** министер без ресор |
| Свечена изјава на **г. Муса Џафери**, министер без ресор |
| Свечена изјава на **г. Фуркан Чако**, министер без ресор |
| Свечена изјава на **г. Неждет Мустафа**, министер без ресор |
| Свечена изјава на **г. Веле Самак**, министер без ресор |
| Свечена изјава на **м-р Бил Павлески**, министер без ресор |
| Свечена изјава на **г. Џери Наумоф**, министер без ресор |
| Свечена изјава на **м-р Висар Фида**, министер без ресор |
| Свечена изјава на **м-р Горан Мицковски**, министер без ресор |
| Свечена изјава на **г. Антонијо Милошоски**, потпретседател на Собранието на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Рафис Алити**, потпретседател на Собранието на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Арбен Љабеништа,** заменик министер за одбрана на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Земри Ќамиљи,** заменик министер за внатрешни работи на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г-ѓа Билјана Бришкоска Бошковска,** заменик министер за правда на Република Македонија |
| Свечена изјава на **м-р Драгана Кипријановска,** заменик министер за надворешни работи на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Адриан Џељадини,** заменик министер за финансии на Република Македонија |
| Свечена изјава на **м-р Христијан Делев,** заменик министер за економија на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Ванчо Костадиновски,** заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Јовица Андовски,** заменик министер за здравство на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Спиро Ристовски,** заменик министер за образование и наука на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Ибрахим Ибрахими,** заменик министер за труд и социјална политика на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Љупчо Пренџов,** заменик министер за локална самоуправа на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Драган Недељковиќ,** заменик министер за култура на Република Македонија |
| Свечена изјава на **м-р Марта Арсовска Томовска,** заменик министер за информатичко општество и администрација на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Ниметула Хаљими,** заменик министер за транспорт и врски на Република Македонија |
| Свечена изјава на **м-р Стево Темелковски,** заменик министер за животна средина и просторно планирање на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Зоран Караџовски,** член на Судски совет на Република Македонија |

## 7.4. Доделување државни награди

| |
|---|
| Доделување на Државна награда "Гоце Делчев" во Кристална сала во Собранието на Република Македонија |
| Доделување на Државна награда "Мајка Тереза" во Кристална сала во Собранието на Република Македонија |
| Доделување на Државна награда "23 Октомври" - Ден на македонската револуционерна борба |
| Доделување на Државна награда "Свети Климент Охридски" |
| Доделување на Државна награда "Мито Хаџи Василев - Јасмин" |

# 8. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

## 8.1.СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

Во периодот мај - декември 2014 година, Собранискиот канал/ МТВ изврши вкупно 53 директни преноси на пленарни седници на Собранието на Република Македонија, со вкупно времетраење од 8.798 минути.

Што се однесува до седниците на комисиите, комитетите, советите, надзорните расправи и другите работни тела, истите беа одложено пренесувани до гледачите на Собранискиот канал.

- Така, Комисијата за финансирање и буџет одржала 27 седници со вкупно времетраење од 1.540 минути;
- Седници на Законодавно- правната комисија биле вкупно 41, или, изразено во минути 1.110;
- Комисијата за транспорт, врски и екологија, во наведениот период одржала 18 седници во времетраење од 1.054 минути;
- Вкупно 18 седници одржала Комисијата за економски прашања, или, 398 минути;
- Комисијата за европски прашања заседавала 7 пати во времетраење од 713 минути;
- Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците одржала 12 седници со вкупно времетраење од 1.070 минути;
- Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, во наведениот период имала 12 седници кои биле емитувани во вкупно времетраење од 519 минути;
- Комисијата за образование, наука и спорт одржала 12 седници во времетраење од 792 минути;
- Комисијата за надворешна политика одржала 10 седници во времетраење од 1.169 минути;
- Комисијата за одбрана и безбедност се состанала вкупно 6 пати и расправала 123 минути;
- Комисијата за деловнички и мандатно- имунитетни прашања се состанала 2 пати, во времетраење од 106 минути;
- Комисијата за здравство одржала 11 седници во времетраење од 387 минути;

- Комисијата за прашања на изборите и именувањата одржала 13 седници во времетраење од 314 минути;
- Националниот совет за евроинтеграции, во наведениот период се состанал 3 пати, а седниците траеле вкупно 423 минути;
- Комисијата за локална самоуправа одржала 2 седници во вкупно времетраење од 126 минути;
- Деветнаесет седници одржала Комисијата за труд и социјална политика во времетраење од 518 минути;
- Комисијата за надзор над работата на УБК и Агенцијата за разузнавање одржала 1 седница во траење од 4 минути;
- Комисијата за култура вкупно заседавала 9 пати со време од 769 минути;
- Комисијата за еднакви можности на жените и мажите се состанала 5 пати во времетраење од 378 минути;
- Буџетскиот совет на Собранието заседавал два пати во времетраење од 62 минути;
- Комисијата за уставни прашања одржала две седници во времетраење од 214 минути;
- Комитетот за односи меѓу заедниците се состанал 2 пати, во времетраење од 120 минути и
- Верификационата комисија заседавала два пати во времетраење од 13 минути.

Во текот на 2014 година, на програмата на Сервисот се емитувани 3 изјави на Претседателот на Собранието на Република македонија, г-дин Трајко Вељаноски во вкупно времетраење од 50 минути.

Емитувани се снимки од три доделувања на државни награди во вкупно време од 66 минути.

Гледачите ја проследија и снимката од Јавната расправа по нацрт амандманите од XXXIII до XXXIX на Уставот на РМ во траење од 145 минути.

## 8.2. Електронска комуникација

Службата и пратениците на Собранието на Република Македонија во својата секојдневна работа во законодавниот процес го користат Системот за управување со документи, т.н. е-Парламент. Со е-Парламент опфатени се следните процеси:

1. Прием на материјали
- креирање на материјал
- прием и архивирање на материјал
- известување за нов материјал

2. Седници на работни тела
- закажување на седници
- водење на седниците
- додавање на заклучоци
- додавање на извештаи

3. Собраниски седници
- закажување на седници
- водење на седниците
- додавање на заклучоци
- додавање на извештаи
- додавање на стенограми
- додавање на аудио и видео записи
- додавање на гласања

4. Пратенички прашања
- најави на пратенички прашања
- додавање на поставени прашања
- додавање на одговори

Решението интегрира повеќе законодавни постапки и чекори во еден дистрибуиран и оркестриран процес кој се преобразува од подготовка и извршување на законодавната постапка "со хартија" во "без хартија" .

Е-Парламент системот го опфаќа целиот процес на парламентарното законодавство, обезбедувајќи високо ниво на ефикасност, економичност, мобилност, транспарентност и одговорност во постапката. Е-парламентот дава пристап до богати, контекстуални информации за сите вклучени во парламентарниот процес пратеници, професионалци, експерти, медиуми и граѓаните. Овозможува побрзо донесување на одлуки преку лесниот пристап до информациите, и тоа секому, секаде и на секој уред.




Е-парламентот нуди автоматско генерирање на документи и писма базирано на урнеци, нотификации по е-пошта за сите активности поврзани со материјалите и седниците. За актите во процедура и во процесите е воведен електронски потпис.

Над 200 државни службеници и пратениците активно и секојдневно работат со системот на прием на материјали, закажување на седници на Собранието и на седници на работните тела, објавување на извештаи, заклучоци, стенограми, гласања, видео и аудио записи, додека сите вработени во Службата на Собранието имаат пристап до е-парламент и го користат во секојдневната работа за успешно и квалитетно извршување на работните задачи.

Во овој извештаен период, во е-Парламент процесирани се над 1 000 материјали со соодветните придружни документи.



Имајќи предвид дека информатичкото општество ја развива партиципативната демократија преку зголемената транспарентност овозможувајќи јавните податоци да бидат достапни во отворен и стандардизиран формат, а граѓаните, невладиното општество, јавноста и експертите со своите иницијативи да учествуваат во донесувањето на одлуките, Собранието на Република Македонија секојдневно ја ажурира со податоци собраниската веб локација.




Собранието оваа година доби нов, модерен и современ идентитет преку интернетот како медиум, и тоа сега со прегледност преку сите уреди, на компјутер, таблет, или мобилен телефон. Новиот веб портал на Собранието претставува комплетно ново визуелно онлајн искуство за корисниците.

Бројот на корисници на паметни телефони и таблети рапидно расте, како и времето што корисниците го трошат во прелистување на веб страници преку овие уреди. Собранието им овозможува со новиот портал индивидуален пристап на овие корисници и полесно подостапни информации. Страниците на порталот се поврзани и со профилите на Собранието на социјалните мрежи со што е овозможена и комплетна интерактивност со корисниците.

Архитектурата на порталот е внимателно планирана за да се осигура дека потребите на сите целни групи се исполнети и корисниците секогаш може да ги добијат бараните информации. Целата работа на Собранието е презентирана транспарентно на сајтот во повеќе од 27.000 страници, во 4 јазични верзии, сега во нова навигациска структура која нуди современо и модерно корисничко искуство.

На веб локацијата можат да се најдат сите материјали кои биле или сé во собраниска процедура, увид во која фаза од законодавната постапка се наоѓаат, сите извештаи и заклучоци поврзани со нив, потоа дневна агенда и планирани следни активности, видео и аудио записи од седници, извештаи од седници на работни тела и записници од собраниските седници.

На веб локацијата може да се најде и архивата на видео записи од собраниските седници од 2002 година до денес. Исто така, преку веб-локацијата може да се следат собраниските седници во живо.

За подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста, Собранието на Република Македонија воведе свој Facebook, Twitter и Youtube профил. Овие профили се користат за споделување на содржини кои се достапни и на веб-локацијата на Собранието. Содржини кои се споделуваат се дневниот ред на седниците, седници на работни тела или меѓународни и други активности на пратениците.




Home
Notifications
Discover
Me
Tweets
Following
Followers
Favorites
Lists
Photos and videos
Собрание на РМ
@SobranieMK
Собрание на Република Македонија
Македонија · sobranie.mk
TWEETS 125
FOLLOWING 11
FOLLOWERS 25
Edit profile
Who to follow · Refresh · View all
Ecuador & Galápagos
Follow
Promoted
Vip оператор @VipMK
Follow
EUtube @EUtube
Follow
Popular accounts · Find friends
Trends · Change
#İnsanYaşadıkçaAnlıyorKi
#FelizDiaDelPadre
#21TooponKaSalam
#MilletEğilmezErdoğanZulmüne
#CloseupForeverSummerTrailer
Sultanbeylinin VizyonuGölet
Tweets
Собрание на РМ @SobranieMK · Mar 14
ВИРТУЕЛНА ТУРА:
Струшка сала - Протоколарни активности на претседателот на Собранието, потпретседателите,... fb.me/3zt5Lml74
Expand
Собрание на РМ @SobranieMK · Mar 14
ВИРТУЕЛНА ТУРА:
Охридска сала - Салата се користи исклучиво од претседателот на Собранието за протоколарни... fb.me/6pMljWLIT
Expand
Собрание на РМ @SobranieMK · Mar 6
Изјава на претседателот Вељаноски по повод распишувањето на предвремени избори за пратеници во Собранието на... fb.me/6oMKBcANS
Expand
Собрание на РМ @SobranieMK · Mar 5
СЕДНИЦА БР.87 НА СОБРАНИЕ НА Р.МАКЕДОНИЈА fb.me/1j9XYZgCf
Expand
Reply · Delete · Favorite · More


YouTube MK
Upload
Sobranie na Republika Makedonija
What to Watch
My Channel
My Subscriptions
Social
History
Watch Later
PLAYLISTS
Liked videos
SUBSCRIPTIONS
Add channels
Popular on YouTube
Music
Sports
Gaming
Browse channels
Manage subscriptions
1 subscriber
12 views
Video Manager
View as public
Sobranie na Republika Makedonija
Home
Videos
Playlists
Discussion
About
Share your thoughts
All activities
Sobranie na Republika Makedonija uploaded a video
Среда, 25 септември 2013 година
1 month ago · 7 views
Обраќање на Баронеса Д'Суза, Лорд Спикер на Горниот Дом на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Брита...
10:18
Sobranie na Republika Makedonija uploaded a video
Среда, 4 септември 2013 година
1 month ago · 1 view
Обраќање на спикерот на Сенатот на Канада, г. Ноел Кинсела на 70. седница на Собранието на Република Македонија
28:25
Channel tips
Add channel art
Add web links
Describe your channel
View all »
Featured Channels
+ Add channels
Popular channels on YouTube
SandyCoben
Subscribe
Kelly MissesVlog
Subscribe
SemperVideo
Subscribe
celiskarla
Subscribe
100%

## 8.3. СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

За следење на активностите на Собранието вкупно се акредитирани 1.106 претставници на средствата за јавно информирање. Правата, должностите и одговорностите на претставниците на средствата за јавно информирање се одредени со Правилник донесен од претседателот на Собранието (ІСлужбен весник на Република Македонија" број 89/2002). На претставниците на средствата за јавно информирање на располагање им е модерно опремен прес-центар со телефонски линии и компјутери. До сите акредитирани медиуми редовно, по електронска пошта, се испраќаат материјали од активностите на Собранието.

| **НАЗИВ** | **број на акредитирани лица** |
|---|---|
| **ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА** | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 20 |
| САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО | 6 |
| МТВ | 118 |
| МРТ - ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС АЛБАНСКИ | 18 |
| ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА АЛБАНСКИ, СРПСКИ, БОСАНСКИ, РОМСКИ, ВЛАШКИ И ТУРСКИ ЈАЗИК | 42 |
| РЕДАКЦИЈА НА СРПСКИ ЈАЗИК | 2 |
| РЕДАКЦИЈА НА ВЛАШКИ ЈАЗИК | 2 |
| РЕДАКЦИЈА НА РОМСКИ ЈАЗИК | 1 |
| РЕДАКЦИЈА НА БОСАНСКИ ЈАЗИК | 3 |
| РЕДАКЦИЈА НА ТУРСКИ ЈАЗИК | 9 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 29 |
| ТЕЛМА | 36 |
| АЛ САТ | 30 |
| СИТЕЛ | 72 |
| ТВ ЕРА | 6 |
| СКАЈНЕТ | 4 |
| ТВ АЛФА | 34 |
| РТВ БТР НАЦИОНАЛ | 8 |
| НАША ТВ | 8 |
| ТВ СОНЦЕ | 8 |
| ТВ „Е" | 10 |
| 24 ВЕСТИ | 34 |
| АЛЈАЗЕЕРА БАЛКАНС | 3 |
| АЛБ ТВ | 13 |
| МАКЕДОНИЈА 24 | 9 |
| МТВ - МАКЕДОНСКО РАДИО | 34 |
| РАДИО ВАТ | 3 |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 8 |
| РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА | 7 |
| РАДИО МОФ | 3 |

| ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ | |
|---|---|
| **ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ** | |
| ДНЕВНИК | 38 |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 21 |
| ВЕЧЕР | 30 |
| УТРИНСКИ ВЕСНИК | 26 |
| ВЕСТ | 35 |
| КОХА | 8 |
| ЛАЈМ | 10 |
| БИЗНИС | 4 |
| СЛОБОДЕН ПЕЧАТ | 7 |
| **НЕДЕЛНИЦИ** | |
| ФОКУС ПРЕС | 17 |
| ГЛОБУС | 10 |
| КАПИТАЛ | 34 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | |
| ЊУ МОМЕНТ ВИДЕО ХАУС-друштво за маркетинг | 10 |
| МИА-агенција | 38 |
| МАКФАКС-агенција | 6 |
| ОБСЕ | 25 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 4 |
| НЕТПРЕС | 10 |
| ВАЛУТА | 4 |
| БИ-БИ-СИ (на македонски јазик) | 8 |
| НАЦИОНАЛЕН ПРЕС | 1 |
| ПОЛИТИКА | 1 |
| ЗАМАН | 7 |
| КУРИР | 9 |
| ТОМАТО ДООЕЛ | 4 |
| НОВИНСКА АГЕНЦИЈА ИЛИРИА | 3 |
| e REPORTER | 4 |
| ЖУРНАЛ | 14 |
| DIVERSITY MEDIA PRODUCTION | 4 |
| DEUTSCHE WELLE | 2 |
| РЕВОЛУЦИЈА | 5 |
| ПЛУСИНФО | 9 |
| А1он | 8 |
| ТВ НОВА | 10 |
| БРИФ | 6 |
| ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛ МКД.МК | 4 |
| ТЕЛЕГРАФ.МК | 18 |
| МАРИЛИ | 2 |
| ТРИНИТИ ПЛУС ПРОДУКЦИЈА | 3 |
| МАКЕДОНСКА ИНТЕРНЕТ НОВИНСКА АГЕНЦИЈА „БЕЗ ПАРДОН" | 9 |
| БИРН | 2 |
| НЕЗАВИСНА ПРОДУКЦИЈА БОЈАРОВСКИ | 4 |
| ПАРТЕС ПРОДУКЦИЈА ДОО | 7 |
| ПОРТАЛБ | 3 |

| | |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА | 19 |
| ФоНет | 1 |
| ПРЕМИН | 2 |
| ИНБОКС 7 | 8 |
| GLORY | 2 |
| ПОЛИТИКО | 5 |
| МЕТА.МК | 3 |

Одделението за односи со јавноста и за изготвување на статистички материјали, покрај акредитирање на претставници на средствата за јавно информирање, подготвува дневен информатор за дневните активности на Собранието, кој го проследува до печатница, потоа до експедиција и до куририте, а воедно, електронски го доставува и до медиумите.

Одделението секојдневно ја ажурира веб-локацијата на Собранието на Република Македонија на четири јазични верзии (македонски, албански, англиски и француски јазик).

Од април 2014 година, Собранието доби нова редизајнирана веб-локација.

Одделението ги објавува собраниските актуелности на www.sobranie.mk во делот активности, соопштенија и ЕУ вести, а тековно објавува и други разни материјали за потребите на собраниската веб-локација.

За сите соопштенија и најави за средби и прес-конференции, Одделението ги информира медиумските куќи.

Исто така, Одделението ги најавува и проследува официјалните и работните средби во Собранието на Република Македонија и потоа известува за истите преку веб-локацијата.

Одделението преработува и Извештаи од седници на работните тела за потребите на веб-локацијата и следи, пишува и објавува вести од ЕУ.

Исто така, Одделението подготвува и испраќа бесплатен електронски весник за сите дневни активности на Собранието до пријавените и заинтересирани корисници.

Дневниот ред на седниците, седниците на работните тела или меѓународни и други активности на пратениците, Одделението ги објавува и на социјалните мрежи Facebook, Twitter и Youtube, со цел подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста.

# 9. АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# 9.1. Активности на НДИ и Собранието на Република Македонија

***ПОДДРШКА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НАДЗОРНИОТ ПРОЦЕС ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

**19 септември, 2014 година, Скопје**

**Обука:** Надзорни расправи во Собранието на Република Македонија од Перспектива на Советници на Комисии - Колегијална размена на мислења и искуства - добра пракса, совети и предлози

**Учесници:** Сектор за работни тела на Собранието

**Октомври - ноември, 2014 година**

**Комисија за европски прашања**

Консултации и техничка помош при организирање на јавна расправа *ИПА 2 (2014-2020) Перспективи и можности за искористување*

***ПОДДРШКА НА ОСНОВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА ПАРЛАМЕНТАРНИОТ ИНСТИТУТ***

**20 - 21 мај 2014, Скопје -** Лидерство и менаџмент со Сивус центар за едукација и развој

**Учесници***:* Раководител на Парламентарниот инситут и раководителите на секторите и одделенијата на Парламентарниот институт

**4 - 5 јуни 2014, Скопје -** Семинар "Правда и внатрешни работи" со др. Золтан Леко

**Учесници***:* Раководител на Парламентарниот инситут, истражувач и аналитичар за компаративно право и правни системи, истражувач и аналитичар за регионални прашања и меѓународни обврски

**5 - 6 јуни 2014**, **Лондон, Обединето Кралство** - ЕЦПРД семинар "Растечка нееднаквост на приходите и демократска стабилност" (област на интерес: економски и буџетски прашања)

**Учесник***:* Раководител на Одделението за општи анализи и истражувања

**5 - 6 јуни 2014, Љубљана, Словенија** - ЕЦПРД семинар "Хансард во 21 век" (област на интерес: библиотека, истражувачки служби и архива)

**Учесник***:* Советник за библиотекарско работење

**12 - 13 јуни 2014, Скопје** - Семинар "Животна средина и земјоделие" со мр. Балаш Хајнз

**Учесник***:* Истражувач и аналитичар од областа на земјоделските науки и храна

**26 - 27 јуни 2014, Скопје -** Семинар "Стратегии за лидерство, координација и преговори" со др. Кристина Гоштони

**Учесници***:* раководителите на сектори во Парламентарниот институт

**27 јуни 2014, Скопје -** Обука "Проценка на влијанието на регулативата" со Гордана Гапиќ Димитровска, Министерство за информатиско општество и администрација

**Учесници***:* Раководител на Парламентарниот институт, Сектор за општи анализи, истражувања и евроинтеграции, раководител на Одделение за едукација и за комуникација и советник за политичко-правна едукација

**26 јуни 2014, Скопје** - Библиотека, правилници, организација

**Учесници***:* Раководител на Сектор за едукација и за комуникација / за истражувачка библиотека и за законодавна архива и Одделение за истражувачка библиотека и законодавна архива

**8 - 11 септември 2014, Скопје -** Модул 8: Архивирање - Парламентарна архива со Хелен Лумо, специјалист за библиотекарство од Европскот парламент

**Учесници:** Раководител на Парламентарниот институт, раководител на Сектор за општи анализи, истражувања и евроинтеграции и Сектор за едукација и за комуникација / за истражувачка библиотека и за законодавна архива

**17 - 18 септември 2014, Скопје** - Индексирање со повеќејазичниот поимник Евровок со Ана Лотска, специјалист за библиотекарско работење и индексирање со Евровок, Парламентарна библиотека, Чешка

**Учесници:** Раководител на Сектор за едукација и за комуникација / за истражувачка библиотека и за законодавна архива и Одделение за истражувачка библиотека и за законодавна архива

**18 септември 2014, Скопје** - Правопис на македонскиот јазик со проф. др. Симон Саздов, раководител на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, Филолошки факултет "Блаже Конески", Универзитет Кирил и Методиј

**Учесници***:* петмина вработени во Парламентарниот институт

**6 - 8 октомври 2014, Луксембург и Белгија**- Студиска посета на Истражувачката служба на Европскиот парламент

**Учесници***:* Генерален секретар на Собранието на РМ, Државен советник за законодавство, раководител на Парламентарниот институт, Раководител на Сектор за едукација и за комуникација / за истражувачка библиотека и за законодавна архива, раководител на Одделение за системски инженеринг и развој, претставник од Кабинетот на Генералниот секретар и претставник на Кабинетот на Претседателот на Собранието

**16 - 18 октомври 2014, Белград, Србија -** Годишна конференција на кореспонденти на ЕЦПРД

**Учесник:** Златко Атанасов, Раководител на Парламентарниот институт

**18 - 25 октомври, 2014, Вашингтон, САД** - Студиска посета на тема: *Законодавно истражување, анализи и подготовка на закони*, организирана од Демократското партнерство на Конгресот на САД

**Учесници***:* Раководител на Сектор за општи анализи, истражувања и евроинтеграции и Раководител на Сектор за едукација и за комуникација / за истражувачка библиотека и за законодавна архива при Парламентарниот институт

**21 - 22 октомври 2014**, **Скопје** - Конференција за *Управување со правни ризици*, организирана од "Академик"

**Учесници***:* Раководител на Одделение за правни анализи и истражувања при Парламентарниот институт

**6 - 7 ноември 2014 Подгорица, Црна Гора** - ЕЦПРД Семинар "Најдобри практики за стратешко планирање во ИКТ, сигурност на информациите, мобилност

**Учесник**: Советник за ИКТ во Одделението за едукација и за комуникација

**9 - 11 декември 2014, Берлин, Германија** - Студиска посета на германскиот Бундестаг

**Учесници***:* Раководители од Парламентарен институт (Раководител на Сектор за општи анализи, истражувања и евроинтеграции, Раководител на Одделение за правни анализи и истражувања, Раководител на одделение за општи анализи и истражувања)

**23 декември 2014, Скопје -** Еднодневна обука за истражување во општествените науки (истражувачка методологија, стандарди во пишувањето, извори и истражувачка етика) со асистент Илија Манасиев, Правен Факултет "Јустинијан Први" - Скопје

**Учесници***:* истражувачи и други вработени од Парламентарниот институт

***ЗАКОНОДАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН***

**22-25 Јануари, 2014 година, Работни средби во Талин, Естонија**

**Тема:** Годишен Состанок на Генералните Секретари од Парламентите на Западен Балкан

**Учесници:** Генерален Секретар на Собрание на Република Македонија и Соработник за подготвување на материјали и информаци

**5-7 ноември, 2014 година, Конференција во Часта Папирничка, Братислава, Словачка**

**Тема:** Улоги и Одговорности во Законодавните служби на Парламентите

**Учесници:** Претседател на Законодавно-правна комисија, пратеник член на Законодавно-правна комисија, и Советник на Законодавно-правната комисија

.

## 9.2. активности на канцеларијата за контакт помеѓу невладините организации и Собранието на Република Македонија

Граѓанската асоцијација МОСТ е домашна невладина, непартиска и непрофитна организација, чија мисија е да работи на поттик на граѓаните и нивно мобилизирање да ги користат своите права со цел зајакнување на демократската култура во Македонија, како и зголемување на демократскиот капацитет на граѓанските организации, институции и политички актери, преку создавање на одржливи партнерства.

Од самиот почеток на своето постоење Граѓанската асоцијација МОСТ остварува плодна и успешна соработка со Собранието на Република Македонија, како највисокиот претставнички орган на граѓаните.

Во март 2014 г. Граѓанската асоцијација МОСТ започна да го спроведува проектот "Мобилен Парламент", чија цел е да даде придонес кон зголемена доверба во демократијата, преку подобрување на комуникацијата меѓу граѓаните, граѓанските организации, пратениците и локалната власт и овозможување на демократска дебата за прашања релевантни за пристапувањето на земјата во ЕУ, на начин кој влијание врз креирањето на политики и донесувањето на одлуки на национално и локално ниво.
Проектот предвидува организирање на средби помеѓу граѓаните, граѓанските организации и пратениците од Собранието на РМ.

Проектот „Мобилен Парламент" е дел од напорите на МОСТ да работи кон поврзување на граѓаните и нивните избрани претставници и претставува продолжение/надградување на активностите од претходните фази од проектот, кои беа спроведени во рамките на периодот 2003-2008 г. Во овој период беа спроведени 4 фази, организирани 93 средби со учество на повеќе од 3500 граѓани, 211 пратеници од 2 различни парламентарни состави и 48 претставници од единиците на локалната самоуправа.

Во оваа нова фаза од проектот, средбите ќе бидат одржувани во рамките на однапред дефинирани области на интервенција кои произлегуваат од обврските што

земјата има превземено во текот на процесот на пристапување кон ЕУ, како што се правата на жените и родовата рамноправност, еднаквите можности, социјално ранливите групи и лицата со посебни потреби, регионални политики, со акцент на животната средина, земјоделството и руралниот развој и нелегалната миграција.

До сега, одржани се вкупно 4 средби во следните градови:

- Тетово, на тема „Каков воздух ќе дише Тетово оваа зима?" одржана на 30.10.2014 година;
- Прилеп, на тема „Пратениците и граѓаните отворено за ромските прашања и проблеми" одржана на 14.11.2014 година;
- Битола, на тема „Пратениците и граѓаните за почист воздух во Битола" одржана на 27.11.2014 година и
- Охрид, на тема „Дали зголемената урбанизација го уништува Охридското Езеро?" одржана на 23.12.2014 година.






На средбите присуствуваа голем број на граѓани, граѓански организации, пратеници од власта и опозицијата, како и претставници на локалните самоуправи.

Проектот покрај средбите исто така ги предвидува и следните активности:

- Спроведување на теренска и медиумска кампања за промоција на проектот;
- Спроведување на 20 средби / јавни дебати во различни заедници од сите 6 изборни единици со граѓаните, граѓанските групи, пратениците и претставниците од единиците на локална самоуправа за прашања од локално значење;
- Одржување на средби / јавни дебати во врска со претходно избрани прашања од локално значење;
- Подготовка на извештаи со препораки за решавање на локалните проблеми од секоја одржана средба;

- Споделување на извештаите со препораки до јавноста, пратениците и локалните власти;
- Мониторинг на работата на Собранието и на единиците на локалната самоуправа и информирање на јавноста за напредокот во однос на препораките од средбите;
- Следење на седниците за пратенички прашања во Собранието на РМ;
- Следење на седниците на советите на единиците на локална самоуправа;
- Продукција на квартални видео емисии во врска со локалните проблеми и препораките за нивно надминување, како и нивно емитување на локалните медиуми и
- Подготвување на квартални извештаи за напредокот на препораките и нивно споделување со јавноста, Владата, пратениците и локалните власти.

Проектот „Мобилен Парламент" е финансиран од Европската Унија, преку Европскиот Инструмент за демократија и човекови права, а истиот ќе трае до септември 2015 година.

## 9.3. Активности на Вестминстер фондација за демократија во Собранието на Република Македонија

NPC
Network of Parliamentary Committees on Economy Finance and European integration of Western Balkans

WESTMINSTER FOUNDATION FOR DEMOCRACY

***Регионална програма – Западен Балкан***

***Зајакнување на улогата на парламентите и владите во промовирање на на конкурентноста и економскиот раст***

**16 Јуни, 2014 - Подгорица**

**Петти состанок на управниот одбор на** Мрежата на Парламентарни комисии за Економија, финансии и Европска интеграција на земјите од Западен Балкан (NPC). На состанокот присуствуваше членот на управниот одбор на Мрежата од Собранието на Република Македонија, Владанка Авировиќ - претседателка на Комисијата за економски прашања.

**15 – 16 Јули, 2014 - Бар**
**Регионална обука за парламентарната служба за финансиски и буџетарен надзор**

Регионалната конференција се одржа во Бар, Црна Гора и учество зедоа службеници од осум Парламенти од земјите од Западен Балкан. Парламентарните службеници беа обучени од страна од експерти од регионот на следната тема: Парламентите и буџетскиот и финансиски надзор на Западен Балкан.

**6 – 7 Септември, 2014 - Будва**
**Регионална парламентарна конференција за парламентарен надзор врз енергетските политики и инвестициите во енергетиката**

Регионалната конференција се одржа во Будва и учество зедоа пратеници и службеници од осум Парламенти од земјите од Западен Балкан, каде што заедно со експерти од регионот дискутираа за улогата на парламентите за иднината на енергетската соработка во Западен Балкан.

**6 Септември, 2014 - Будва**
**Шести состанок на управниот одбор на** Мрежата на Парламентарни комисии за Економија, финансии и Европска интеграција на земјите од Западен Балкан (NPC). На состанокот учество зедоа членот на управниот одбор на Мрежата од Собранието на Република Македонија,

Владанка Авировиќ - претседателка на Комисијата за економски прашања и заменик членот Нора Алити - заменик претседателката на комисијата за европски прашања.

**17-18 Ноември, 2014 - Скопје**

На 17 и 18 ноември, Комисијата за Европски прашања на Собранието на Македонија одржа јавна расправа за "ИПА 2 (2014-2020): Перспективи и можности за искористување". На расправата учествуваа над 20 говорници од Владата, Собранието, граѓанскиот сектор, како и од парламентите од регионот, а дискусијата ги опфати основите на претстојната шема за финансирање. Расправата беше организирана со поддршка на Програмата за Западен Балкан на Вестминстер фондацијата за демократија. Програмата за Западен Балкан на ВФД ја поддржува Мрежата на парламентарните комисии за економија, финансии и европска интеграција на Парламентите на земјите од Западен балкан (МПК). Една од целите на Мрежата е промоција и поддршка на транспарентен парламентарен надзор над ИПА фондовите од страна на парламентите во регионот, преку ефективни парламентарни расправи.

**17 Септември, 2014 – Јахорина**

На 17 Септември 2014 година, претседателите и замениците-претседатели на Комисиите за европска интеграција од шест парламенти од земјите од Западен Балкан присуствуваа на мултилатералната средба што се одржа на Јахорина, Босна и Херцеговина. Целта на средбата беше да се обезбедат можности за претставниците од различни парламенти да дискутираат за надзорните активности на Комисиите за европска интеграција во врска со трошењето на ИПА средствата, целите и структурата на финансиската рамка за ИПА II за 2014-2020 година, како и соработката со COSAP иницијативата.

**5 - 6 Декември, 2014 – Тирана**

**Регионална обука за парламентарната служба за парламентарен надзор врз политиките на енергетскиот пазар во земјите од Западен Балкан**

Регионалната конференција се одржа во Тирана, Албанија и учество зедоа службеници од осум Парламенти од земјите од Западен Балкан. Парламентарните службеници беа обучени од страна од експерти од регионот за улогата на парламентите врз политиките на енергетниот пазар во земјите од Западен Балкан.

5 Декември, 2014 - Тирана

**Седми состанок на управниот одбор на** Мрежата на Парламентарни комисии за Економија, финансии и Европска интеграција на земјите од Западен Балкан (NPC). На состанокот учество зедоа членот на управниот одбор на Мрежата од Собранието на Република Македонија, Владанка Авировиќ - претседателка на Комисијата за економски прашања и заменик членот Нора Алити - заменик претседателката на комисијата за европски прашања.

# 10. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

# СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 10.1.ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација о Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија.*

*Согласно со одредбите од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија донесен на 18 јули 2008 година, на 19 септември 2008 година се донесоа Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието.*

*Согласно со овие акти настанаа големи промени како во организационата поставеност на Службата, така и во делокругот на работни задачи, се во правец на зголемување на квалитетот и капацитетот на Службата во извршување на работите од својот делокруг.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следниве нивоа:*

1. *генерален секретар;*
2. *заменик на генералниот секретар;*
3. *сектори и*
4. *одделенија.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Македонија раководи генерален секретар.*

*Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работните задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Службата постојат следниве организациони облици: Сектор-кабинет на претседателот на Собранието; сектор и одделение.*

*Согласно со новиот Правилник за организација се образуваа 13 сектори и две посебни организациони единици - одделенија за извршување на обврските утврдени со закон и подзаконски акти кои за својата работа одговараат пред генералниот секретар.*

*На Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието донесени се два правилника за изменување и дополнување и тоа едниот на 24.02.2009 година број 01-1171/1 избришани се две одделенија во Секторот за работните тела под број 5/И и 5/Ј , а вториот на 24.12.2009 година број 01-4866/8 донесени се следниве измени: Во Секторот на генералниот секретар статуирани се две нови одделенија – Одделение за поддршка на работата на потпретседатели на Собранието и Одделение за поддршка на работата на пратеничките групи*

*Врз основа на Законот за внатрешна јавна финансиска контрола извршени се измени во Секторот за финансиски и економски прашања кој согласно со одредбите од наведениот Закон се преименува во Сектор за финансиски прашања со четири одделенија.*

*Врз основа на членот 42 од Законот за Собрание на Република Македонија статуиран е нов Сектор-парламентарен институт со две одделенија, како истражувачки центар кој на пратениците им обезбедува навремени, објективни и независни стручни истражувања и анализи за извршувањето на пратеничката функција. Управување и надзор над работата на Парламентарниот институт врши Управувачки совет. Парламентарниот институт за своето работење доставува годишен извештај до Управувачкиот совет и до претседателот на Собранието.*

Државните советници вршат најсложени работи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието со три одделенија се грижи за тековните активности на претседателот на Собранието, планирање, подготовка и реализација на седниците на Собранието,

односи со јавноста и соработка со други државни органи, како и аналитички-советодавни и стручни работи за потребите на претседателот и потпретседателите.

Секторот на генералниот секретар со пет одделенија ги организира работите и задачите од делокруг на генералниот секретар, врши: нормативно правни работи, подготвува упатства и други акти што ги донесува генералниот секретар, работи во врска со овластувањето на генералниот секретар за застапување на Собранието и Службата пред надлежните органи, како и ги организира и реализира протоколарните активности на претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието, пратениците, пратеничките групи и на делегациите во земјата и странство, вршење на аналитички, советодавни и стручни работи за потребите на потпретседателите на Собранието, остварување соработка со министерства и други државни органи, изготвува текстови на закони, други акти и амандмани за пратеничка група, врши анализи на предлози на закони и други акти.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија, подготвува текстови на закони, други акти и амандмани кои ги предлагаат пратениците, се подготвуваат акти за потребите на Собранието, врши работи кои се однесуваат на подготовка, планирање и реализација на седниците на Собранието и работните тела, врши работи што се однесуваат на редакција на текстовите на закони и на други акти, како и контрола на веродостојноста и на истите подготвени за објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и административни работи во врска со подготвувањето, планирањето и реализацијата на седниците, врши работи што се однесуваат на записниците и пратеничките прашања и врши технички работи во функција на седниците на Собранието.

Секторот за работни тела со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието станува еден од носечките сектори во реализација на основната функција на Собранието - законодавната. Составен е од единаесет одделенија врши координација и следење на седниците на Собранието и на матичните работни тела; врши работи што се однесуваат на координирање на седниците на Законодавно-правната комисија, матичните работни тела и на Собранието за првото и второто читање на законите; врши подготовка, планирање, свикување и реализација на седниците на матичните работни тела од областите на политичкиот систем, економскиот систем и од јавните дејности, подготовка и реализација на дополнителни предлози на законите усвоени на седниците на Законодавно-правната комисија и матичните работни тела, потоа работи што се однесуваат на подготовка на дополнителен предлог на закон, со вградување на усвоените амандмани од седниците на Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела од второто читање на законите, ја утврдува веродостојноста на дополнителните предлози на законите и на донесените закони се врши проверка на дополнителниот предлог на закон пред неговото доставување за седница на Собранието за второ читање, ја следи седницата на Собранието на третото читање на законите и вршат работи што се однесуваат на подготвувањето на законите за објавување во "Службен весник на Република Македонија", како и следење на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците и спроведување на дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Комитетот за односи меѓу заедниците

Секторот за истражување, анализа, библиотека и документација со пет одделенија, врши изработка на анализи по барање на пратениците, пратеничките групи, работните тела, односно службата, врши истражување и изработка на анализи во соработка и по барање на други собраниски сектори, односно одделенија и по барање на европските парламентарни служби, врши работи во врска со информирање на јавноста за работата на Собранието и работните тела, подготвува редовни и периодични статистички прегледи за работата на Собранието и на неговите работни тела и редовно ги ажурира податоците во врска

со работата на Собранието, прибира, чува, обработува и дава на користење документациони податоци и материјали од работата на Собранието, врши набавка на потребните библиотекарски материјали, евиденција, селекција, категоризација и класификација на библиотекарските материјали.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, дава стручна помош на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата обезбедува континуирано следење на работата на меѓународните парламентарни собранија и на нивните документи, особено на оние од посебен интерес за Собранието на Република Македонија, како и одржување на службен контакт со парламентите на другите држави, во полза на билатералната соработка на Собранието.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции е новина во систематизацијата и со две одделенија ги спроведува дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Националниот совет за евроинтеграции, обезбедува протоколарна поддршка за потребите на Советот, врши редовна комуникација со членовите на Советот и државните органи, го следи процесот на европска интеграција и е во редовни контакти со Секретаријатот за европски прашања, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието, косекретарот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и советниците на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и врши планирање, развој, администрирање, одржување и заштита на функционирањето на информациониот систем и техниката на Собранието, дизајнирање, развој на софтверот и администрација на веб презентацијата на Собранието, како и врши работи кои се однесуваат на публицистичката дејност на Собранието и остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиски и економски прашања со четири одделенија, изготвува препораки за подготвување на предлог-годишниот буџет и повеќегодишните проекции поврзани со него, ги извршува јавните набавки, како и работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието, како и со инвестиционо и тековно одржување на Собранието.

Секторот за стручно-административни работи со четири одделенија врши стручно-административни, општи, експедиција и срамнување на материјали, а во негов состав работи и печатницата.

Секторот за преведување со три одделенија врши писмен, симултан и консекутивен превод, како и јазична редакција на текстовите на преводите и другите собраниски материјали.

Сектор-Парламентарен институт со две одделенија врши: анализирање, собирање и обработка на информации за законите и тематските прашања кои се разгледуваат на седниците на Собранието и работните тела; организирање и водење на истражувачката библиотека и комуникација со Глобална законодавна информативна мрежа "ГЛИН", "ЕЦПРД" и други сродни меѓународни мрежи, подготвува материјали и воведни инструкции за улогата и функционирањето на Собранието на Република Македонија за новизбраните пратеници.

## 10.1.1 Одделение за внатрешна ревизија

### ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно разумно објективно уверување и совет со цел подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола.

Улогата на внатрешната ревизија е да даде поддршка на раководителите во субјектот од јавниот сектор за остварување на целите на субјектот преку:

а) изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик, како и извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно усвоените ревизорски планови.

б) проценка на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, проценка и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на:

- усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори;
- веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации;
- безбедноста на имотот и информациите; и
- извршувањето на задачите и остварувањето на целите.

в) давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури.

г) мониторинг на спроведувањето на мерките преземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

### ВКУПЕН БРОЈ НА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ СОГЛАСНО СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

Одделението за внатрешна ревизија секоја година изготвува Стратешки план и Годишен план за извршување на внатрешната ревизија согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Стратешкиот план и Годишниот план го донесува раководителот на Одделението за внатрешна ревизија, по претходно добиена согласност од генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Согласно Измената на Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2014 година во Одделението за внатрешна ревизија беа планирани 4 ревизии и тоа:

1. Ревизија на регуларност на архивското работење;

2.Ревизија на регуларност при оценување на државните службеници во Собранието на Република Македонија;

3.Ревизија на усогласеност при употреба на личните податоци на вработените во Собранието на Република Македонија;

4.Ревизија на следење на препораките дадени во ревизорските извештаи согласно Годишниот план за 2013 година.

## *СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗМЕНАТА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2014 ГОДИНА*

### Ревизија на регуларност во процесот на канцеларискогто и архивското работење во Собранието на Република Македонија

Оваа ревизија беше реализирана согласно со Измената на годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2014 година.

За оваа ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај со бр 40-4180/3 од 20 ноември 2014 година. Истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во ревидираниот процес.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали се почитуваат законите, подзаконските и интерните акти што се во сила при канцеларискиот и архивското работење во Собранието на Република Македонија.

### Ревизија на регуларност при оценување на државните службеници во Собранието на Република Македонија

Оваа ревизија беше реализирана согласно со Измената на годишниот план за внатрешна ревизија за 2014 година.

За оваа ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај со бр. 40-4847/1 од 25 декември2014 година.

Истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во ревидиранот процес.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали се почитува законската регулатива при оценување на државните службеници во Собранието на Република Македонија.

**Ревизија на усогласеност при употреба на личните податоци на вработените во Собранието на Република Македонија**

Оваа ревизија се составен дел на Измената на годишниот план за внатрешна за 2014 година и е во тек нејзината реализација.

Целта на ревизијата е да се увериме дали се почитуваат законите, подзаконските и интерните акти што се во сила при употреба на личните податоци на вработените во Собранието на Република Македонија.

**Ревизија на следење на препораките дадени во ревизорските извештаи согласно Годишниот план за 2013 година**

Оваа ревизија се реализира согласно со Измената на годишниот план за внатрешна за 2014 година и е во процес на изготвување.

Целта на ревизијата е да се увериме дали се имплементирани препораките од ревизорските извештаи изготвени согласно Годишниот план за 2013 година.

## 10.1.2 Одделение за управување со човечки ресурси

Одделението за управување со човечки ресурси како Посебна организациона единица, функционира како посебно независно одделение со цел развој на квалитетот и професионалноста на државните службеници.

Основна задача на Одделението е проучувањето и примената на законските и подзаконските акти за остварување на правата на државните службеници и другите вработени во Службата, во однос на вработувањето, подготвување на стручна и аналитичка обработка на податоци, подготвување на програми, анализи и информации за управување со човечките ресурси, обука и развој на државните службеници, како и мерење на работниот перформас на државните службеници преку годишното оценување.

| Назив на секторот | вкупен број на вработени во сектор | Државни службеници | | | работници кои не се државни службеници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | рако-водни | стручни | стручно-админис-тративни | |
| Генерален секретар и заменици на генерален секретар | **4** | - | - | - | 4 |
| Кабинет на претседателот на Собранието | **7** | 2 | 5 | - | - |
| Сектор на генералниот секретар | **14** | 3 | 5 | 6 | - |
| Државни советници | **8** | 8 | - | - | - |
| Законодавно правен сектор | **8** | | 7 | 1 | - |
| Сектор за седници на Собранието | **13** | 4 | 7 | 2 | - |
| Сектор за работни тела на Собранието | **45** | 8 | 36 | 1 | - |
| Сектор за истражување, анализа, библиотека и документација | **13** | 3 | 10 | | - |
| Сектор за меѓународна соработка на Собранието | **8** | 3 | 4 | 1 | - |
| Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции | **8** | 2 | 4 | 2 | - |
| Сектор за информатички и комуникациски технологии | **17** | 4 | 3 | 10 | - |
| Сектор за финансиски и економски прашања | **10** | - | - | 10 | - |
| Сектор за преведување | **24** | 4 | 11 | 9 | - |
| Сектор за стручни и административни работи | **72** | 3 | 2 | 43 | 24 |
| Сектор за поддршка на Советот на Собраниски канал | **1** | 1 | - | - | - |
| Посебна организациона единица - Парламентарен институт | **23** | 6 | 17 | - | - |
| Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија | **3** | - | 3 | - | - |
| Посебна организациона единица - одделение за управување со човечки ресурси | **1** | 1 | - | - | - |
| **ВКУПНО:** | **275** | **52** | **114** | **85** | **24** |

Во Службата, заклучно со 31.12.2014 година, има 251 државни службеници и 24 вработени без статус на државни службеници или вкупно 275 вработени во редовен работен однос.

Службата има 52 раководни државни службеници, 114 стручни државни службеници, 85 стручно-административни државни службеници и 24 вработени без статус на државни службеници.

Покрај оваа професионална служба согласно Законот за Собрание на секои пет пратеници предвидено е да има еден надворешен соработник - асистент во пратеничката група.

**Реализирани обуки**

Во насока на зајакнување на капацитетот на Службата на Собранието во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година беа организирани повеќе специјализирани обуки со цел зголемување и проширување на знаењата и вештините на државните службеници во Службата:

***Мај***

**1.**Јавно управување и структурни реформи, Joint Vienna Institute (JVI), 5-9 мај 2014, Виена, Австрија - 1 учесник и

**2.**Обука на тема: „Лидерство и менаџмет реализирана од Центарот за едукација и развој на Seavus, во организација на НДИ, со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), 20-21 мај 2014, Парламентарен институт - 7 учесници.

***Јуни***

**3.**Генеричка обука на тема "Вовед во Е-влада", 4 јуни 2014 година, -1 учесник;

4.Генеричка обука на тема "Антикорупциски мерки и етика во државната служба ", 5 јуни 2014 година, -1 учесник;

5.Обука на тема: "Соработка во областите правда и внатрешни работи во ЕУ", Секретаријат за европски прашања, 4 - 5 јуни 2014, - 3 учесници;

6.ЕЦПРД семинар на тема: "Пораст на нееднаквоста на приходите и демократската стабилност", 5 - 6 јуни 2014, Лондон -1 учесник;

7.ЕЦПРД семинар на тема: "Стенографски белешки, записник на 21 век", 4 - 7 јуни 2014, Љубљана -1 учесник;

8.Втора тематска работилница на тема: "Земање збор при формален состанок", во рамките на Програмата на Меѓународната организација на Франкофонијата "Зајакнување на капацитети за работа преку изучување на францускиот јазик за државни службеници и дипломати надлежни за европски и мултилатерални прашања", 13 јуни 2014 година, Француски институт, Скопје - 3 учесници;

9.Обука на тема: "Идни партнери во ЕУ (Заедничка земјоделска политика и животна средина во ЕУ), 12 - 13 јуни 2014, Секретаријат за европски прашања, Скопје - 1 учесник;

10.ЕЦПРД семинар на тема: Парламентите на веб: "Како да се подобри учеството на граѓаните користејќи интернет технологии и социјални мрежи и како парламентарните процедури да ги поддржат транспарентноста и учеството", 12 - 13 јуни 2014 година, Рим, Италија - 1 учесник;

11.Обука за техники за напредно пребарување/пребарување низ бази на податоци, внатрешна обука, Парламентарен институт, Собрание на РМ, 12 јуни 2014 - 17 учесници и

12.Обука на тема: "Процесни имплементации на CAF модел, 24-26 јуни 2014, Хотел Арка, Скопје - 1 учесник;

13.Обука за Лидерство и координација, 26 јуни 2014, Секретаријат за европски прашања, Скопје - 2 учесници.

***Јули***

14.Обука за обучувачи Пакет 1 во рамки на проектот "Поддршка за реформите во јавната администрација" поддржан од Британската амбасада во Скопје, кој се спроведува во Министерството за информатичко општество и администрација на тема: "Стратешка свест и креирање политики" , 1 - 3 јули 2014 година, Скопје - 4 учесници;

15.Обука за обучувачи Пакет 2 во рамки на проектот "Поддршка за реформите во јавната администрација" поддржан од Британската амбасада во Скопје, кој се спроведува во Министерството за информатичко општество и администрација на тема: "Leadership and Management Essentials & Personal Effectiveness ", 7 - 11 јули 2014 година, Скопје - 3 учесници;

16.Регионален тренинг за парламентарни службеници на тема: "Парламентите и буџетскиот и финансискиот надзор во земјите од Западен Балкан", 15 - 16 јули 2014 година, Црна Гора, во организација на Вестминстер фондацијата за демократија и Мрежата на парламентарните комисии за економија, финансии и европска интеграција (NPC) на земјите од Западен Балкан - 5 учесници и

17.Внатрешна обука на тема: "Веб локацијата на Собранието на Република Македонија", Собрание на Република Македонија, 19 јули 2014 година - 51 учесник.

***Септември***

18.Развој на парламентарна архива, обука од Хелен Ломенеу, специјалист за архивирање во истражувачката служба на Европскиот парламент, 8 - 11 септември 2014, Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија, во организација на НДИ, со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), - 7 учесници;

19.Индексирање според EUROVOC, обука од Ана Лотска, специјалист за библиотекарско работење во Парламентот на Чешката Република (Парламентарна библиотека), 17 и 18 септември 2014, Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија, во организација на НДИ, со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), - 5 учесници;

20.Правопис и правоговор на македонскиот јазик, обука од проф. д-р. Симон Саздов, 18 септември 2014, Секретаријат за европски прашања, Скопје - 5 учесници;

21.Студиска посета на Националното собрание и Сенатот на Француската Република, реализирана од 21 до 27 септември 2014 година во Париз, Француска Република - 5 учесници;

22.Политики за странски директни и индиректни инвестиции, во организација на Виенски меѓународен економски институт, (JVI), 22 - 26 септември 2014, Виена, Австрија - 1 учесник;

23.Работни процеси и практични димензии на парламентарните комисии, Center for European Security Studies, 23 - 25 септември, Собрание на Република Македонија - 2 учесници;

24.Презентација на новиот систем Ki-Pay за прием на уплати кон Буџетот на Република Македонија - 1 учесник;

25.Обука за обучувачи Пакет 3 во рамки на проектот: "Поддршка за реформите во јавната администрација" поддржан од Британската амбасада во Скопје, кој се спроведува во Министерството за информатичко општество и администрација на тема: "Управување со учинок и лична ефикасност" (Модул 3: Performance management and personal effectivness), 16 - 19 септември 2014 година, Охрид - 3 учесници;

26.Работилница на тема: "Надзорни расправи во Собранието на Република Македонија од перспектива на советници на комисии-размена на мислења и искуства - добра пракса, совети и предлози", 19 септември 2014 година, Скопје, во организација на Националниот демократски институт (НДИ) - 25 учесници од Секторот за работни тела од Собрание на РМ;

27.Работилница на тема: "Процена на работните процеси и практични димензии во рамките на парламентарните комисии", 23 - 25 септември 2014 година во Собрание на РМ, во организација на Центарот

за Европски безбедносни студии (CESS), Холандија и Собранието на Република Македонија, финансиски подржана од Амбасадата на Холандија во Скопје -15 учесници од Секторот за работни тела, Парламентрниот институт и Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции;

28.Краток стаж во Националната школа за администрација (ENA) во Париз со наслов "Заштита на човековите права", 22 септември 2014 до 17 октомври 2014 година, Париз, Франција -1 учесник и

29.Петта годишна конференција за управување со човечки ресурси на тема: "Функционална анализа", 30 септември 2014 година, МНР, Скопје -1 учесник.

***Октомври***

30.Обука за обучувачи: Имплементација на CAF, MIOA, 30 септември- 1 октомври 2014, хотел Арка, Скопје - 1 учесник;

31.Art and design for Advocacy, 1 - 5 октомври 2014, Јастребац, Србија -1 учесник;

32.Студиска посета на архивите на Европскиот парламент, во организација на НДИ, со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), 6 - 8 октомври 2014, Брисел и Луксембург - 7 учесника;

33.Регионален семинар "Парламентарната служба од Југоисточна Европа", DCAF , 6 - 10 октомври 2014, Љубљана - 3 учесници;

34.Генеричка обуката на тема "Антикорупциски мерки и етика во државната служба", 13 октомври 2014 година во просториите на Центарот за обуки на Министерството за информатичко општество и администрација - 1 учесник;

35.Годишна конференција на кореспонденти, ЕЦПРД, 16 - 18 октомври 2014, Белград - 1 учесник;

36.Генеричка обука на тема: "Управување со буџет и финансии", што се одржа на 16 октомври 2014 година во Центарот за обуки на Министерството за информатичко општество и администрација - 1 учесник;

37.Трет тематски состанок на партиципативниот форум "Остварување на правото на пристап до медиумите и правото на информирање на заедниците на локално ниво", во организација на Агенцијата за остварување на правата на зедниците во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 16 октомври 2014 година, Скопје - 1 учесник;

38.Средба на генерални секретари на парламентите од регионот на тема: "Ефикасно планирање и извршување на буџетите на парламентите", во организација на Парламентарна скупштина на БиХ во соработка со Мисијата на ОБСЕ, 16-17 октомври 2014 година, Сараево - 2 учесници;

39.House democracy partnership, Parliamentary Staff Institute Legislative Research and Analysis, НДИ, 18 - 25 септември 2014, Вашингтон - 2 учесника;

40.Конференција на тема: Управување со правни ризици, Академик, 21 - 22 октомври 2014 година, хотел Александар Палас, Скопје - 1 учесник;

41.Тркалезна маса на тема: "Аналитички мониторинг на контролната функција на Парламентот на Црна Гора", во организација на Институт алтернатива Подгорица со поддршка на Фондацијата институт отворено општество од Будимпешта, 23 октомври, Парламентот на Црна Гора - 1 учесник;

42.Генеричка обука на тема: "Управување со буџет и финансии", што се одржа на 27 октомври 2014 година во Центарот за обуки на Министерството за информатичко општество и администрација - 1 учесник;

43.Работилница за поглавјата 3.23, 3.24 и 3.31 и политичките критериуми со цел да се идентификуваат приоритети за НПАА ревизија 2015 врз основа на гап анализата на Извештајот за напредокот 2014 година, во рамките на соработката со проектот на GIZ, 27 октомври 2014 година во Центарот за обуки на СЕП, Скопје - 2 учесници и

44.Екстерно оценување во високото образование, 30 октомври 2014 година, Скопски саем, Скопје - 1 учесник;

**Ноември**

45.Стаж во Европскиот парламент во рамки на Претпристапната програма за стажирање во Европскиот парламент, од 3 ноември до 12 декември 2014, Брисел, Белгија - 1 учесник;

46.Генеричка обука во организација на Министерството за информатичко општество и администрација, на тема: "Стратешко лидерство и вештини за креирање на политики", 3 - 4 ноември 2014 година, Порта Македонија, Скопје - 2 учесници;

47.Генеричка обука во организација на Министерството за информатичко општество и администрација, на тема: "Управување со учинок", 6 - 7 ноември 2014 година, Порта Македонија, Скопје - 1 учесник;

48.ЕЦПРД Семинар на тема: "Е - парламент во акција : најдобрите практики во областа на IKT за стратешко планирање, информациска безбедност, мобилност и cloud computing", 6 - 7 ноември 2014, Подгорица, Црна Гора - 1 учесник;

49.Процес на хармонизација на легислативата со стандардите со ЕУ, во организација на ASSER институт и Министерство за надворешни работи на Холандија, 6-8 ноември 2014, Анкара, Турција - 1 учесник;

50.Обука за обучувачи на тема: "Менторство", во организација на Министерството за информатичко општество и администрација, 7 ноември 2014 година, Центар за обуки на МИОА, Скопје - 1 учесник;

50.Генеричка обука во организација на Министерството за информатичко општество и администрација за запознавање со новите закони за јавна администрација, 6 ноември 2014 година (четврток) во "Сити Хол Центар" - 2 учесници;

51.Регионална работилница за улогата на законодавните служби во работата на парламентите, како иницијатива за законодавно зајакнување на Западен Балкан, 5 - 7 ноември 2014 година. Часта Папирничка, Словачка, во организација на Националниот Совет на Словачката Република и Националниот демократски институт за меѓународни односи (НДИ) - 1 учесник;

52.Генеричка обука во организација на Министерството за информатичко општество и администрација на тема "Административно работење" 27 ноември 2014 година, Центар за обуки на Министерството за информатичко општество и администрација, Скопје - 1 учесник;

53.TAIEX работилница за Стандардизација на професијата менаџмент со човечки ресурси во соработка со Институтот за стандардизација на Република Македонија, 14 ноември 2014 година, хотел Арка, Скопје - 1 учесник;

54.Регионален семинар за претставници на парламентите од Западен Балкан на тема: "Парламентарен надзор врз владата и одговорноста на парламентарните служби при извршување на надзорни активности", во заедничка организација на Мисијата на ОБСЕ во Косово, Косовскиот Парламент и GIZ (Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit – Германско здружение за меѓународна соработка) на проектот за Реформа на јавните финансии во Косово, на 17 и 18 ноември 2014, Приштина, Косово - 4 учесници;

55.Генеричка обука во организација на Министерството за информатичко општество и администрација, на тема: "Лидерство", 23-24 ноември 2014 година, Скопје - 1 учесник;

56.Семинар на тема: "Јавно приватно партнерство" во организација на Виенски меѓународен економски институт, одржана од 24 до 28 ноември 2014, во Виена, Австрија - 1 учесник;

57.Работилница за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2015, во организација на Секретаријат за европски прашања во соработка со Германско здружение за меѓународна соработка (GIZ) 26 - 28 ноември 2014 година, хотел Метропол, Охрид - 1 учесник и

58.Обука на тема: "Управување со проектен циклус", во организација на Германско здружение за меѓународна соработка (GIZ) и Секретаријат за европски прашања, 26 - 28 ноември 2014, Скопје - 3 учесници.

***Декември***

59.Регионална работилница на тема: "Улогата на парламентите во извршување на надзорни активности над енергетските политики во парламентите од Западен Балкан", што во заедничка организација на Вестминстер Фондацијата за демократија и Мрежата на парламентарните комисии за економски и финансиски прашања, како и комисиите за евроинтеграции на парламентите на земјите од Западен Балкан, од 4 до 7 декември 2014 година, Тирана, Албанија - 4 учесници;

60.Обука на тема: "Како да се известуваат медиумите за техничките прашања", 2 декември 2014 година, во просториите на Секретаријатот за европски прашања - 1 учесник;

61.Студиска посета: International Parlaments - Cooperation, Германскиот Бундестаг, Берлин Германија, во организација на НДИ, со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), од 8 декември до 12 декември 2014 година - 3 учесници;

62.Внатрешна еднодневна обука на тема: „Microsoft Excel - табеларни пресметки и графици - основно ниво", одржана на 12, 17, 19, 22 и 24 декември 2014 година, Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија - 41 учесник;

63.Обука на тема: "Користење на статистички податоци", во организација на НДИ, со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC),17 декември 2014 година, Државен завод за статистика -10 учесника;

64.Генеричка обука на тема: "Основна обука за изготвување на закони во Република Македонија, во организација на Министерството за информатичко општество и администрација, 17 декември 2014 година, Скопје -1 учесник и

65.Обука на тема: "Обука за истражување во општествените науки", во организација на НДИ, со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), 23 декември 2014 година, Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија - 16 учесници.

***Странски јазици***

- Часови по француски јазик во рамки на Националната програма за изучување на францускиот јазик за 2014 година на Министерство за информатичко општество и администрација, во рамки на Програмата од Меѓународната организација на Франкофонијата "Францускиот јазик во дипломатијата и јавната администрација" - 10 учесници;
- Часови по француски јазик на почетно ниво за вработените во Парламентарниот институт - 7 учесници и
- Часови по германски јазик, во рамки на билатералната донација на Германската амбасада во Република Македонија и Институтот Гете - 6 учесници.

## 10.1.3 Парламентарен институт

**1. Заокружување на правната рамка која ја уредува организацијата и работата на Парламентарниот институт**

а) Во јануари 2014 година, беа донесени:

- ***Правилник за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт;***

***-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за работата и организацијата на посебната организациона единица - Парламентарен институт и***

***- Програма за практиканти во Парламентарниот институт.*** Програмата за практиканти ќе овозможи да се организира и спроведе пракса за практиканти во Парламентарниот институт.

б) Дополнително, Управувачкиот совет на Парламентарниот институт го усвои и ***Стратешкиот план 2014 – 2016 на Парламентарниот институт***, со што се поставија стратешките насоки за развој и остварување на целите.

в) Во ноември 2014 година, беше донесен ***Правилникот за начинот на постапување со документите кои ја сочинуваат законодавната архива***.

Донесувањето на актите беше во насока на дефинирање на постапката за давање на услугите, формата на истражувачките услуги, утврдување на образец на барање и водењето на библиотечните услуги и законодавната архива.

**2. Спроведени активности за зајакнување на капацитетите на вработените во Парламентарниот институт**

Во периодот на известување беа организирани 42 обуки и студиски посети за вработените во насока на стекнување на знаења и вештини, размена на искуства со цел за поуспешно извршување на работните задачи и остварување на надлежностите на Парламентарниот институт.

| **Ред. бр.** | **Обуки и студиски посети** | **Обучувач** | **Датум и место** | **Учесници** |
|---|---|---|---|---|
| **јануари** | | | | |
| **1.** | Обука на тема: Внатрешни процедури и меѓуинституционална соработка во борба против дискриминацијата | Македонски центар за меѓународна соработка | 23 јануари 2014, Скопје | Двајца вработени во Парламентарниот институт |
| **2.** | Изработка на наставен план за едукација на пратениците, вработените во собраниската служба и други клиенти и ЕЦПРД | Станислав Цалетка, Одделение за едукација и комуникација, Парламентарен Институт, Парламент на Република Чешка | 28 - 31 јануари, Скопје | Сите вработени во Парламентарниот институт |
| **февруари** | | | | |
| **3.** | Студиска посета на Парламентарниот институт во Братислава, Словачка | Парламентарна библиотека и парламентарна архива | 3 - 8 февруари, Братислава, Словачка | Еден вработен во Секторот за едукација и комуникација/истражувачка библиотека и законодавна архива |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | Работилница на тема: Зајакнување на капацитетите на земјите кандидатки во однос на прашањата на ЕУ и процесот на хармонизација | TAIEX | 10 - 11 февруари, Анкара, Република Турција | Еден вработен во Секторот за општи анализи, истражувања и евоинтеграции |
| **5.** | Правоговор на македонскиот јазик | Проф. др. Симон Саздов, раководител на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, Филолошки факултет "Блаже Конески", Универзитет "Св.Кирил и Методиј" | 27 февруари, Скопје | Сите вработени во Парламентарниот институт |
| | | **март** | | |
| **6.** | Квалитет, имплементација и примена на законодавство | MATRA PATROL - the Hague Academy | 6-16 март, Хаг, Холандија | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **7.** | Пристап до правда | MATRA PATROL - the Hague Academy | 9-19 март, Хаг, Холандија | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **8.** | Управување со јавни финансии | MATRA PATROL - the Hague Academy | 9-19 март , Хаг, Холандија | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **9.** | Техничка обработка на библиотечен материјал | Национална и универзитетска библиотека ІСв. Климент Охридски"- Скопје | 10-11 март , Скопје | Четири вработени во Парламентарниот институт |
| **10.** | Информациска дејност во библиотеките и бази на податоци | Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски"- Скопје | 13-14 март, Скопје | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **11.** | Обука за правопис на албански јазик | Проф. Бертон Сулејмани од Државниот универзитет во Тетово | 14 март, Парламентарен институт | Четири вработени во Парламентарниот институт |
| **12.** | Обука: Каталогизација на монографски публикации | Национална и универзитетска библиотека ІСв. Климент Охридски"- Скопје | 17-21 март 2014 година, Скопје | Тројца вработени во Парламентарниот институт |
| **13.** | Обука на тема: Напредни истражувачки техники | Јиндришка Силова, директор на чешкиот Парламентарен институт | 24-25 март, Парламентарен институт | Девет вработени во Парламентарниот институт |
| | | **мај** | | |
| **14.** | Јавно управување и структурни реформи | JVI Vienna | 5-9 мај, Виена, Австрија | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **15.** | Обука: Лидерство и менаџмент | Центар за едукација и развој на Сеавус | 20-21 мај, Парламентарен институт | Седум вработени во Парламентарниот институт |
| | | **јуни** | | |
| **16.** | Семинар на тема: Соработка во областите правда и внатрешни работи | Золтан Леко од МНР на Унгарија, во рамки на активноста "Идни партнери во ЕУ" | 4-5 јуни, СЕП | Тројца вработени во Парламентарниот институт |
| **17.** | ЕЦПРД семинар на тема "Пораст на нееднаквоста на приходите и демократската стабилност" | ЕЦПРД | 5 - 6 јуни, Лондон, Велика Британија | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **18.** | ЕЦПРД семинар на тема "Стенографски белешки: записник на 21 век" | ЕЦПРД | 5 - 6 јуни, Љубљана, Словенија | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **19.** | Семинар: Заедничка земјоделска политика и животна средина во ЕУ | Бала́зс Хеинцз од Унгарија во рамки на активноста "Идни партнери во ЕУ" | 12-13 јуни, СЕП | Еден вработен во Парламентарниот институт |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **20.** | Техники за напредно пребарување/ пребарување низ бази на податоци | Биљана Дончевска и Радмила Филимановска од Парламенатарниот институт | 12 јуни, Парламентарен институт | Сите вработени во Парламентарниот институт |
| **21.** | Зголемување на употребата на веб локациите дгов.мке како алатки за транспарентност, отчетност и е-учество | МЕТАМОРФОЗИС, Фондација за интернет и општество | 17 јуни, Скопје | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **22.** | Иницијатива на жените за развој на руралниот туризам на Балканот | Фондација Центар за жени претмприемачи и Централна Европска Иницијатива (ЦЕИ) | 19 Јуни, Скопје | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **23.** | Обука за обучувачи: Процесни имплементации на ЦАФ модел | МИОА | 24-26 јуни, Скопје | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **24.** | Лидерство, координација и преговарачки стратегии | Krisztina Gozsztonyi, во рамки на активноста "Идни партнери во ЕУ" | 26-27 јуни, СЕП | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **25.** | Проценка на влијанието на регулативата (РИА) | Гордана Гапиќ Димитровска, МИОА | 27 јуни, Парламентарен институт | 13 вработени во Парламентарниот институт |
| | | **септември** | | |
| **26.** | Развој на парламентарна архива | Хелен Лумо, специјалист за архивирање во истражувачката служба на Европскиот парламент | 8-11 септември, НДИ | Седум вработени во Парламентарниот институт |
| **27.** | Обука за обучувачи за воведување на системот на компетенции во државната служба во Република Македонија (Модул 3: Управување со учинокот и лична ефективност) | МИОА | 16-19 септември, Охрид | Двајца вработени во Парламентарниот институт |
| **28.** | Индексирање според EUROVOC | Ана Лотска, специјалист за библиотекарско работење во Парламентот на Чешката Република | 17 - 18 септември, Парламентарен институт | Пет вработени во Парламентарниот институт |
| **29.** | Правопис и правоговор на македонскиот јазик | Проф. д-р. Симон Саздов | 18 септември, СЕП | Пет вработени од Парламентарниот институт |
| **30.** | Работни процеси и практични димензии на парламентарните комисии | Центар за европски безбедносни студии | 23-25 септември, Собрание на РМ | Четири вработени од Парламентарниот институт |
| **31.** | Политики за странски директни и индиректни инвестиции | JVI Vienna | 22-26 септември, Виена, Австрија | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **32.** | Обука за обучувачи: Имплементација на CAF | МИОА | 30 септември - 1 октомври, Скопје | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| | | **октомври** | | |
| **33.** | Уметноста и дизајнот на застапувањето | IDEA SEE | 01-05 октомври, Јастребац, Србија | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **34.** | Студиска посета на архивите на Европскиот парламент | НДИ | 6-10 октомври, Луксембург и Брисел | Двајца вработени во Парламентарниот институт |
| **35.** | Семинар на тема: "Парламентарната служба од Југоисточна Европа" | DCAF | 6-10 октомври, Љубљана, Словенија | Тројца вработени во Парламентарниот институт |
| **36.** | Годишна конференција на ЕЦПРД кореспонденти | НДИ | 16-18 октомври, Белград, Србија | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **37.** | Истражување, анализа и подготвување закони | HDP | 18-25 октомври, Вашингтон, САД | Двајца вработени во Парламентарниот институт |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **38.** | Конференција на тема: Управување со правни ризици | Академик | 21-22 октомври, Скопје | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **39.** | Екстерно оценување во високото образование | Европски Центар - СН 7 | 30 октомври, Скопје | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **ноември** | | | | |
| **40.** | Стратешко лидерство и вештини за креирање политики | МИОА | 3 - 4 ноември, Скопје | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **41.** | Управување со проектен циклус | СЕП | 26 - 28 ноември, Скопје | Еден вработен во Парламентарниот институт |
| **декември** | | | | |
| **42.** | Студиска посета на истражувачката служба во германскиот Бундестаг | НДИ и Бундестагот на Сојузна Република Германија | 9-11 декември, Берлин, Германија | Тројца вработени во Парламентарниот институт |

## 3. Спроведени позначајни активности во извештајниот период

- Потпишан Меморандум за соработка во проектот за основање и развој на Парламентарниот институт за периодот 2015-2017;
- Усвоен План за активности н Парламентарниот институт и Буџетски план за 2015 година;
- Инсталиран е електронски библиотечен систем (софтвер) во кој се внесени 1.700 наслови;
- Ставен е во функција електронскиот систем за законодавната архива (софтвер);
- Пуштена е во употреба читалницата на истражувачката библиотека, во чии рамки на корисниците им се достапни повеќе електронски бази на податоци;
- Изработен е Прирачникот за индексирање според повеќејазичникот поимник на Европската унија – Евровок;
- Инсталирана е ИКТ и телефонска опрема;
- Одржан е промотивен настан настан "Како до услугите на Парламентарниот институт", со што се означи почеток на давање на услугите за членовите на Управувачкиот совет на Парламентарниот институт;
- Одржана е воведна сесија за новоизбрани пратеници во Собранието на Република Македонија, одржана на 26 мај 2014 година, сала „Борис Трајковски" (сесијата ја проследија 46 пратеници);
- Во месец декември се спроведоа обуки за унапредување на информатичките познавања на вработените во Службата на Собранието (основно користење на Microsoft Excel);
- Подготвена е нацрт програма за семинари за ученици од основни и средни училишта за 2015 година;
- Подготвени и дистрибуирани се следниве материјали за информирање и едукација:
  - „Водич за услугите на Парламентарниот институт" (на македонски, албански, англиски и француски јазик);

- шест кратки информативни материјали: „Мандат и имунитет на пратениците", „Политичка контрола и надзор на Собранието над Владата и над другите носители на јавни функции", „Историја на парламентаризмот во Македонија", „Донесување закони во Собранието на Република Македонија", „Парламентарни избори во Република Македонија, Собрание на Република Македонија" (на македонски, албански, англиски и француски јазик);
- „Конституирање на Собранието на Република Македонија и актите на Првото заседание на АСНОМ" (на македонски, албански и англиски јазик);
- постер со графички приказ на постапката за донесување закони во редовна постапка во Собранието на Република Македонија (на македонски, албански, англиски и француски јазик);
- анимиран постер и леток за законодавната функција на Собранието;
- леток за Едукативниот центар;
- е - Билтен на Парламентарниот институт;
- испечатени се папки, тетратки, пенкала и банери за промоција на Парламентарниот институт;

• реализирано е целосно техничко опремување на Едукативниот центар на Парламентарниот (ноември 2014 година).

Од страна на корисниците на услугите на Парламентарниот институт доставени се вкупно 80 барања за истражувачки услуги.

## 10.2. Податоци од стручно-административен карактер

### Преведување

*Писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*




*Устен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*



*Преглед на заведени акти во Деловодникот на Писарницата и Архивата*




*Преглед на испратени акти и пратки од Писарницата и Архивата*



*Изготвени стенограми во дактилобиро*




*Експедирани материјали*



***ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ***

**Вкупно измножени: А4 формат: 453.806 копии**
**А3 формат: 120.811 копии**
**А4 формат фотокопирани: 349.972 копии**



# 11. ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| ред. број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од - до) |
| 1. | Прва конститутивна седница | 10.05.2014 | -сабота | 13,15-16,00 |
| 2. | Втора седница | 12.05.2014 | -понеделник | 12,30-13,00 |
| 3. | Трета седница | 26.05.2014 | -понеделник | 12,15-12,35 |
| 4. | Четврта седница | 18.06.2014 | - среда | 12,25-12,35 |
| 5. | Петта седница | 19.06.2014 | -четврток | 12,50-17,30 |
| 6. | Шеста седница | 23.06.2014<br>25.06.2013 | -среда<br>-четврток | 12,20-13,10<br>12,20-12,35 |
| 7. | Седма седница | 02.07.2014<br>03.07.2014<br>17.07.2014 | -среда<br>-четврток<br>-среда | 12,25-17,35<br>11,25-16,50<br>12,20-13,55 |
| 8. | Осма седница | 10.07.2014<br>14.07.2014<br>15.07.2014 | -четврток<br>-понеделник<br>-вторник | 11,20-16,55<br>12,20-16,40<br>14,35-16,15 |
| 9. | Деветта седница | 16.07.2014 | - среда | 11,25-16,10 |
| 10. | Десетта седница | 24.07.2014<br>25.07.2014 | -среда<br>-четврток | 11,30-17,00<br>12,10-16,55 |
| 11. | Единаесетта седница | 30.07.2014<br>31.07.2014 | -среда<br>-четврток | 13,25-17,05<br>12,25-16,20 |
| 12. | Дванаесетта седница | 27.08.2014<br>01.09.2014<br>02.09.2014<br>03.09.2014 | -среда<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда | 13,15-18,05<br>12,25-18,00<br>12,05-18,10<br>12,20-17,45 |
| 13. | Тринаесетта седница | 01.09.2014 | -понеделник | 11,20-11,35 |
| 14. | Четиринаесетта седница | 04.09.2014<br>09.09.2014 | -четврток<br>-вторник | 12,35-16,05<br>15,10-16,20 |
| 15. | Петнаесетта седница | 05.09.2014<br>16.09.2014<br>17.09.2014<br>20.10.2014 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-понеделник | 13,30-17,50<br>12,30-17,50<br>12,35-15,50<br>18,10-18,15 |
| 16. | Шеснаесетта седница | 24.09.2014 | -среда | 12,20-16,45 |
| 17. | Седумнаесетта седница | 09.10.2014<br>13.10.2014 | -четврток<br>-понеделник | 12,30-17,50<br>14,10-15,30 |
| 18. | Осумнаесетта седница | 16.10.2014<br>20.10.2014<br>21.10.2014 | -четврток<br>-понеделник<br>-вторник | 12,25-19,00<br>11,40-18,05<br>11,25-16,40 |
| 19. | Деветнаесетта седница | 27.10.2014<br>28.10.2014<br>29.10.2014 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда | 12,15-16,35<br>12,20-16,30<br>12,25-15,50 |
| 20. | Дваесетта седница п*п* | 30.10.2014 | -четврток | 11,55-18,00 |
| 21. | Дваесет и прва седница | 10.11.2014 | -понеделник | 12,20-16,30 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 11.11.2014<br>12.11.2014 | -вторник<br>-среда | 12,30-16,55<br>13,00-13,55 |
| **22.** | Дваесет и втора седница | 12.11.2014 | -среда | 12,45-13,00 и<br>15,00-15,20 |
| **23.** | Дваесет и трета седница п*п* | 27.11.2014 | -четврток | 11,50-17,40 |
| **24.** | Дваесет и четврта седница | 01.12.2014<br>02.12.2014 | -понеделник<br>-вторник | 12,25-17,15<br>13,20-14,15 |
| **25.** | Дваесет и петта седница | 15.12.2014<br>16.12.2014<br>17.12.2014 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда | 13,10-18,10<br>12,20-18,40<br>12,10-15,45 |
| **26.** | Дваесет и шеста седница | 18.12.2014 | -четврток | 12,10-12,45 |
| **27.** | Дваесет и седма седница п*п* | 25.12.2014 | -четврток | 11,45-16,45 |
| **28.** | Дваесет и осма седница | 26.12.2014 | -петок | 14,20-15,20 |
| **29.** | Дваесет и деветта седница | 29.12.2014<br>30.12.2014 | -понеделник<br>-вторник | 12,25-18,45<br>11,35-16,35 |

# Прилог 2

## Усвоени дневни редови на седниците

**Прва конститутивна седница** **10.05.2014 (сабота)**

1. Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија;
2. Верификација на мандатите на пратениците во Собранието на Република Македонија;
3. Избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;
4. Избор на Претседател на Собранието на Република Македонија.

**Втора седница** **12.05.2014 (понеделник)**

-На оваа седница врз основа на член 81 став 9 од Уставот на Република Македонија претседателот на Република Македонија ќе даде свечена изјава пред Собранието на Република Македонија.

**Трета седница** **26.05.2014 (понеделник)**

1. Предлог на одлука за утврдување на бројот на потпретседателите на Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за објавување оглас за избор на членови на Комисијата за верификација на фактите.

**Четврта седница** **18.06.2014 (среда)**

1. Предлог на одлука за објавување јавен конкурс за избор на член на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер;
2. Предлог на закон за изменување на Законот за пратениците, по скратена постапка.

**Петта седница** **19.06.2014 (четврток)**

1. Избор на Влада на Република Македонија.

**Шеста седница** **23.06.2014 (среда)**

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ);

4. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македониија во Парламентарното собрание на организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ);
5. Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ);
6. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ);
7. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација (ПС НАТО);
8. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на медитеранот (ПС на Медитеранот);
9. Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ);
10. Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;
11. Предлог на одлука за разрешување и именување на член на Одборот за доделување на државната награда "Св.Климент Охридски";
12. Предлог на одлука за разрешување и именување на член на Советот за статистика на Република Македонија;
13. Предлог на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка;
14. Предлог на закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка;
15. Предлог на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка.

**Седма седница 02.07.2014 (среда)**

1. Верификација на мандат на пратеници во Собранието на Република Македонија;
2. Предлози на кандидати за потпретседатели на Собранието на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на Националниот совет за евроинтеграции;
4. Предлог на одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави;
5. Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција, ИСАФ во Авганистан;
6. Предлог на кандидати за членови на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка;
8. Годишен извештај на Народниот правобранител за степенот на обезбедувањето, почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права во 2013 година;
9. Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Македонија за 2013 година;
10. Годишен извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Македонија за 2013 година;
11. Извештај за работа на Агенцијата за администрација за 2013 година;
12. Годишен извештај за работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2013 година;

13. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2013 година;
14. Годишен извештај за работата на Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2013 година;
15. Годишен извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2013 година;
16. Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2013 година;
17. Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија во 2013 година;
18. Извештај за работата на Советот за радиодифузија на Република Македонија за 2013 година;
19. Годишен извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации за 2013 година;
20. Годишен извештај за резултатите од работењето на ЈРП Македонска радио телевизија за 2013 година;
21. Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2013 година;
22. Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2013 година.

**Осма седница** **10.07.2014 (четврток)**

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог за именување на заменици на министри во Владата на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за надоместок на трошоците на учесниците во изборната кампања од чија листа на кандидат е избран претседател на Република Македонија за 2014 година и на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за претседател на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за надоместок на трошоците на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија и на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија;
5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
6. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави;
7. Предлог на одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;
8. Предлог на одлука за утврдување на составот на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија;
9. Предлог на одлука за избор на претседател, членови и заменици членови на Советот на Собранискиот канал;
10. Предлог на одлука за упатување јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија;
11. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2013 година;
12. Предлог на закон за изменување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, по скратена постапка;
13. Предлог на закон за изменување на Законот за пратениците, по скратена постапка;
14. Предлог на закон за данокот на добивка - I читање;
15. Предлог на закон за еднократно отпишување на долговите на граѓаните - I читање;

16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување - I читање;
17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за девизната инспекција - I читање;
18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност - I читање;
19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва - I читање;
20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања - I читање;
21. Предлог на закон за изменување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот - I читање;
22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти - I читање;
23. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај - I читање;
24. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење - I читање;
25. Предлог на закон за спортска академија - I читање;
26. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија - I читање;
27. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности - I читање;
28. Предлог на закон за дополнување на Кривичниот законик - I читање;
29. Предлог на закон за прекршоците - I читање;
30. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување - I читање;
31. Предлог на закон за дополнување на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување - I читање;
32. Барање за давање на автентично толкување на член 45 од Законот за локална самоуправа и член 29-а од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, поднесено од градоначалникот на Општина Босилово.

**Деветта седница** **16.07.2014 (среда)**

1. Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

**Десетта седница** **24.07.2014 (среда)**

